# ПЕНЗИОНЕР плус

**СЗПМ** **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk** **www.szpm.org.mk**

Година IX, број 92 ISSN 1857-7660 25 март 2016 година


NLB Тутунска банка

Трета седница на Собранието на СЗПМ

## Минатата 2015, една од најактивните години

На 18 март 2016 година, Собранието на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ја одржа својата трета седница што ја отвори Драги Аргировски, кој според новиот Статут како претседател на Извршниот одбор, истовремено е и претседател на Сојузот. По усвојување на записникот од 2–та седница на Собранието на СЗПМ на предлог на Кандидационата комисија за претседател на Собранието на СЗПМ беше избран Бесник Поцеста, кој досега успешно ја извршуваше функцијата потпретседател на Собранието.

Потоа беа избрани двајца членови во Извршниот одбор на СЗПМ: Калина Сливовска – Андонова, главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус“ и Јован Ќирковиќ од ЗП Кисела Вода. Присутните членови на Собранието и гости предлозите ги поздравија и со аплауз.





На почетокот од седницата претседателот **Драги Аргировски** информираше за подготовките за достоинствено одбележување на 70–годишнината на пензионерското организирање во Македонија и за седницата на Организациониот одбор за јубилејот составен од 39 члена во кој се опфатени сите структури на истакнати пензионери со искуство и знаења. Исто така тој потенцираше дека во духот на јубилејот ќе бидат и сите собири на пензионери во текот на 2016 година, а на 20 септември – Денот на пензионерите на Македонија ќе биде одржана и свечена академија. По повод јубилејот ќе биде издадена и Монографија во која ќе бидат поместени сите позначајни резултати постигнати во изминатите седум децении.

Воведно излагање за Извештајот за работата на СЗПМ за 2015 година поднесе потпретседателот на ИО **Салтир Каровски**. Тој ги образложи најбитните активности на Сојузот и неговите органи, тела и комисии. Во своето излагање тој истакна дека 2015 година спаѓа во една од најактивните години на Сојузот како на полето на меѓународната соработка и афирмација на Сојузот, така и на полето на спортот, културата, хуманитарната дејност и соживотот. Потпретседателот Каровски се задржа на најновите измени и дополнувања на Статутот на СЗПМ, како и на работата на Органот на регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. Тој исто така ги образложи и заклучоците изготвени врз база на направената анализа на активностите и резултатите во 2015 година.

Извештајот за остварување на Финансискиот план за 2015 година го елаборираше главниот сметководител на СЗПМ **Перо Андреевски**. Мислење на Надзорниот одбор за Финансискиот извештај поднесе претседателот на НО **Митре Стојановски**, кој информираше дека минатата година Сојузот работел според планот, а расходите растеле поспоро од приходите што е доказ за економично и домаќинско работење. Посебно се истакнати средствата од донации, ЕУ и реклами како приходи.

Одлуката за усвојување на Годишна сметка за 2015 година и распоредување на нето вишокот на приходи беше едногласно усвоена.

Сите материјали беа усвоени како квалитетни и сеопфатни, а во дискусијата учествуваа: **Ментор Ќоку, Мирко Макрешански, Данче Даскаловска, Хулуси Салиу, Ристо Трајкоски, Душан Ристески и Ирфан Уштеленца**.

По седницата се одржа промоција на книгата „Судбини“ од Калина Сливовска – Андонова, која беше финансиски поддржана од СЗПМ.

**К.С.А.**





Седница на Организациониот одбор за 70 годишниот јубилеј на СЗПМ

## Подготовките се интензивираат






На 18 март 2016 година Организациониот одбор за организирање на активности за достоинствено одбележување на 70 години од пензионерското организирње во Македонија одржа седница. За значењето на јубилејот воведно излагање имаше претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**. Меѓу другото тој ги информираше присутните дека ќе биде поканет претседателот на РМ Ѓорге Иванов да биде покровител на јубилејната манифестација која ќе се одржи на 20 септември 2016 година, Денот на пензионерите на Македонија. Потоа беа формирани комисии за свечената академија, за подготовка на предлог за одликување на СЗПМ по повод јубилејот, за признанија за истакнати членови на СЗПМ, за информирање на јавноста за активности по повод јубилејот во Сојузот и здруженијата и други.

Исто така, беше формиран Издавачки совет и Редакција за изработка на МОНОГРАФИЈА по повод 70 години од пензионерското организирање во која ќе бидат поместени информации со фотографии и текстови од активностите во изминатите години. Претседателот Аргировски ги информираше присутните и дека по повод јубилејот ќе биде издадена нова публицистичка книга „Аргументите ја осветлуваат вистината“, чиј автор е тој, како и „Архивски белешки за пензионирското организирање во Македонија“ од Илија Глигоров.



По повод големиот јубилеј ќе има и други активности и манифестации преку целата година, како на ниво на Сојузот, така и на ниво на здруженијата членки на СЗПМ.

**К.С.А.**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**


АКТИВНОСТИ НА СЗПМ стр. 2





**СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА НОВИТЕ ПРОСТОРИИ** стр. 3
**АКЦЕНТИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЗПМ ВО 2015** стр. 4 и 5
ТРИБИНА стр. 7





**НАГРАДА ЗА ЕНВЕР ШАЉА** стр. 8
ИНФО стр. 9
СЕДНИЦИ стр. 10 и 11





**ПЕНЗИОНЕРИТЕ ЗАДОВОЛНИ ОД ПРОЕКТИТЕ НА ВЛАДАТА** стр. 12
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 13
ПРАЗНУВАЊА стр. 14





**ИНТЕРВЈУ СО АНТОНИО АРГИР** стр. 15
ИЗБОР стр. 16
ЗДРАВСТВО стр. 17
ЗАБАВА стр. 19
ВИДИЦИ стр. 20


**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**14. Април**
**во „Нова Македонија“ - Пензионерски видици**
**21. Април**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**29. Април**
**„Пензионер плус“**


Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Тутунска банка



Станка Трајкова

## Последни новини во пензиското и инвалидското осигурување

**1.** Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидското осигурување објавен во Службен весник на РМ, на 15 февруари 2016 година главно се врши усогласување со Законот за општа управна постапка.

Со спомenатите измени и дополнувања на степен на закон се утврдува дека обрасците за сите права од пензиското и инвалидското осигурување ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за информатичко општество. Покрај тоа се пропишува и која документација е потребно да се поднесе за да се оствари соодветното право од ПИО. Оваа регулатива си има свое значење од аспект на следење на остварувањето на правата, благовремено остварување на правата со создавање обврска за водење на потребната евиденција.

Со членот 5 од овие измени и дополувања се врши интервенција во постојниот член 117 од ЗПИО, и се утврдува дека исплатата на посмртната помош се врши по поднесено барање до Филијалата на Фондот од лицето кое извршило плаќање на трошоците за погреб. Понатаму се утврдува дека Образецот на барањето и потребната документација за исплата на посмртната помош ги пропишува министерот за труд и социјална политика во соглсност со министерот за информаричко општество. Во врска со оваа нова регулатива значајно е да се истакне дека посмртната помош не е право што се остварува според ЗПИО, туку тоа е право за кое средства обезбедуваат самите корисници на пензија издвојувајќи на доброволна основа дел од пензијата. Согласно постојниот член 117 став 1 исплатата на посмртна помош од средствата на солидарниот фонд ја врши Стручната служба на Фондот преку подрачните единици, односно се работи само за сервисирање на исплатата на посмртната помош. Сите прашања од постојниот член 116 став 2 од ЗПИО (солидарниот фонд и членарина) се уредуваат со акт на регистрираната организација на четирите сојузи на здруженија на пензионерите на Македонија. Понатаму со Спогодба меѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ за начинот и постапката за вршење на задршка при исплата на пензијата за солидарниот фонд – посмртна помош и членарина и исплата на посмртна помош на семејствата на починатите корисници на пензија, покрај другото договорена е и потребната документација за исплата на посмртната помош. Оттука произлегува дека во образецот што ќе биде пропишан треба да биде содржана договорената документација меѓу СЗПМ и Фондот на ПИОМ.

Со членот 124 од постојниот ЗПИО е утврдено дека евиденцијата на податоците за осигурениците од вториот пензиски столб и за распределба на вкупниот придонес за прв и втор столб на пензискиот систем, ја води Фондот. Заради зајакнување на таа евиденција со новиот член 5 од овие новели се воведува и евиденција за придонеси за членовите на задолжителните пензиски фондови од обврзниците за плаќање на придонес за пензиското и инвалидското осигурување, пренос на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови, извршен пренос на придонесите, индивидуални сметки на членовите од која се гледа состојбата на придонесите уплатени за членовите во секој задолжителен пензиски фонд и редовни збирни извештаи на барање на Агенцијта за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување заради извршување на нејзините функции. Со оваа регулатива во однос на евиденцијата за податоците кои се однесуваат на вториот столб, се надминува сомнежот од навременото и правилно префрлување на придонесите на личните сметки на осигурениците вклучени во приватните пензиски фондови.

Понатаму се зајкнува евиденцијта што ја води Комисијата за оцена на работната способност за осигурениците кај кои се оценува односно утврдува постоење на инвалидност. Значајно за корисниците на пензија е што се воспоставува подетална евиденција за сместување во домовите и становите за живеење. Имено, Фондот ќе води евиденција за распределба на домовите за живеење согласно Законот за општа управна постапка која содржи поднесени барања за сместување во домовите и становите за живеење, донесени одлуки и резултати од секоја електронска распределба на домовите и становите за живеење на корисниците на пензија. Во овој дел корисна информација за пензионерите е содржана во новиот член 185–а во кој е утврдено дека Комисијата за распределба на становите во рок од 30 дена од поднесување на барањето за сместување во домовите и становите за живеење го разгледува барањето и донесува известување за исполнетост на условите за сместување во пензионерските домови.

Со овие измени се враќа старото решение и преклузивниот рок за донесување на решение за права од пензиското и инвалидското осигурување и за наплата на придонесот се изменува, односно сегашните 60 дена се заменуваат со 30 дена, а решение за правата од ПИО со примена на одредбите на договорите за социјално осигурување донесува Фондот, најдоцна во рок од 90 дена од денот на поднесување на барањето.

Во преодните и завршните одредби се утврдува дека членовите 1 до 17 ќе започнат да се применуваат од започнувањето на примената на членот 141 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија број 124/15).

**2.** За идните корисници на пензија кои до крајот на годината исполнуваат услови за пензија во Сл. весник на РМ број 44/ 16 година, објавени се валоризационите коефициенти за пресметнување на платите од поранешните години за утврдување на пензиската основа на ниво на платите од 2015 година, за пензиите остварени во 2016 година. Во истиот Службен весник објавени се и пензиските основици на осигурениците односно лицата кои не оствариле плата односно надоместок на плата по 1 јануари 1970 година за пензии остварени во 2016 година.

**3.** Во делот на инвалидското осигурување во Сл.весник на РМ бр. 13/16 објавен е и Правилникот за изменување на Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на инвалидност, односно неспособност за работа.

**4.** На крајот за идните пензионери кои имаат навршен стаж во Република Албанија и Република Македонија во Сл. весник на РМ бр/16, објавен е Договорот меѓу Република Македонија и Република Албанија за социјално осигурување.

Шеста седница на ИО на СЗПМ

# Во 2015 година Сојузот активен на сите полиња



Извршниот одбор на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија својата шеста седница ја оддржа на 18–ти февруари 2016 година во новите простории на СЗПМ. На седницата покрај членовите на ИО, присуствуваа: Бесник Поцеста, потпредседател на Собранието на СЗПМ, Митре Стојановски, претседател на Надзорниот одбор на СЗПМ, Перо Андреевски главен сметководител на СЗПМ, Калина С. Андонова претседател на Комисијата за информирање и Мендо Димовски претседател на Комисија за културно забавен живот на СЗПМ. Седницата ја водеше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. На седницата беа усвоени важни документи за работата на оваа најмасовна невладина мултиетничка асоцијација, која во исто време е и една од најактивните во земјата.



Во работниот дел од седницата на предлог на претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** беше формиран Организационен одбор за достојно одбележување на големиот пензионерски јубилеј „70 години на пензионерското организирање во Македонија".

Потоа на седницата едногласно беа усвоени Извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и Финансискиот извештај за 2015 година, како и Извештајот на Надзорниот одбор на СЗПМ.

Воведно излагање за Извештајот за работата на СЗПМ за 2015 година поднесе подготвителот на истиот, потпретседателот на ИО **Салтир Каровски**. Во своето излагањеtој потенцираше дека 2015 година спаѓа во една од најактивните години на Сојузот, бидејќи во сите активности се постигнати посакувани резултати со ефикасна реализација. Потоа се разви дискусија во која сите дискутанти го оценија Извештајот како сеопфатен, методолошки одлично концепиран и конкретен во анализите и оцениките на постигнатото. Во дискусијата учествуваа: **Душан Ристески, Ѓорге Андонов, Ристо Трајкоски, Мирко Макрешански, Јордан Костадинов, Ристо Франгов, Шабан Сабриу и Ментор Ќоку.**

Објаснување на Финансискиот извештај за 2015 година, даде главниот сметководител на СЗПМ **Перо Андреевски**. Мислење на Надзорниот одбор за извештајот поднесе претседателот на НО **Митре Стојановски**, кој информираше дека оценка на НО е дека во 2015 година Сојузот работел според планот. Потоа беа определени здруженија на пензионери кои ќе бидат домаќини на регионалните ревии на песни, музика и игри и на регионалните спортски натпревари во 2016 година, за кои беше донесена одлука да добијат по 30 000 денари за успешно организирање на истите. На седницата беше заклучено седница на Собранието на СЗПМ да се одржи на 18.03.2015 година.

По завршување на работниот дел на седницата на ИО беа свечено отворени новите простории кои Сојузот ги доби на трајно користење од Владата на РМ. На отворањето присуствуваа и на присутните им се обратија: заменик министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, директорот на ПИОМ **Шаип Зенељи** и **Драги Аргиовски** претседател на СЗПМ, кои дадоа изјави за медиумите, кои ги имаше во голем број.

**Калина С. Андонова**

### ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 70 ГОДИШНИНАТА ОД ПЕНЗИОНЕРСКОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

1. Драги Аргировски, претседател на Одборот
2. Бесник Поцеста
3. Салтир Каровски
4. Станка Трајкова
5. Душко Шурбановски
6. Андон Марковски
7. Илија Адамоски
8. Ѓорге Андонов
9. Ѓорѓи Серафимов
10. Данче Даскаловска
11. Александар Захариев
12. Шабан Сабриу
13. Душан Ристески
14. Јордан Костадинов
15. Крсте Ангеловски
16. Мирко Макрешански
17. Димитрија Богатиноски
18. Олга Новачева
19. Ристо Трајкоски
20. Ментор Ќоку
21. Ристо Франгов
22. Станко Сипковски
23. Томе Илиоски
24. Веле Алексоски
25. Методија Новковски
26. Васил Зимбаков
27. Спирко Николовски – Куманово
28. Ѓорѓи Трпчески
29. Кирил Ѓорѓиоски
30. Шабан Азизи
31. Павле Спасов
32. Митре Стојановски
33. Зико Зиков
34. Фиданчо Стоев
35. Мендо Димовски
36. Здравко Петковски
37. Стојанче Стефановски
38. Калина С. Андонова
39. Андреја Наумовски

### ЗАКЛУЧОЦИ на ИО на СЗПМ

По повод одбележувањето на јубилејот „70 години пензионерско организирање во Македонија 1946–2016", Извршниот одбор на СЗПМ на седницата одржана на 18–ти февруари 2016 година ги усвои следните заклучоци:

1. Да се формира Организационен одбор за одбележување на јубилејот. Одборот да одржи состаноци во март и јуни 2016 г.

2. Да се одржи Свечена академија за јубилејот на 20.09.2016 год.

3. За покровител да се покани претседателот на Република Македонија проф. д–р Ѓорге Иванов.

4. До претседателот на РМ да се достави Предлог за доделување одликување на СЗПМ по повод јубилејот.

5. Да се доделат признанија на институции со кои успешно соработува СЗПМ подолг период.

6. Да се доделат признанија на градоначалници кои придонесуваат во работата на СЗПМ и на здруженијата.

7. Да се доделат признанија на истакнати активисти во областа на спортот, културно–забавниот живот и други заслужни членови.

8. Да се издаде колор монографија „70 години пензионерско организирање во Македонија 1946–2016", со тираж од 1.000 примероци на македонски јазик и дел на албански и англиски јазик. Изданието да биде промовирано до 01.12.2016 година.

9. Во месец мај 2016 г. да се објави книгата „Архивски белешки за пензионерско организирање во Македонија" од авторот Илија Глигоров, во 100 примероци.

10. Во месец јуни да се објави новата публицистичка книга од Драги Аргировски „Аргументите за осветлуваат вистината" за актуелната пензионерска проблематика во 500 примероци.

11. Доколку од Европската унија или од други донатори се обезбеди целосна финансиска поддршка, СЗПМ во Скопје да организира меѓународна манифестација „Балканска ревија на песни, музика и игри".

12. Сите манифестации што во 2016 година ќе се организираат од Здруженијата на пензионерите да бидат во духот на јубилејот „70 години пензионерско организирање во Македонија".

СЗПМ во новите простории

# По повод јубилејот пензионерите го добија најпосакуваниот подарок од државата

На 18 февруари 2016 година, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија се всели во своите нови деловни простории. Во присуство на голем број гости на свеченото отворање прв на присутните им се обрати претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, при што рече:

– Во годината кога Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија го одбележува својот голем јубилеј 70 години од пензионерското организирање во Македонија, го добивме најпосакуваниот подарок од државата, работни простори во кои ќе се одвиваат нашите активности. Денес е голем ден за Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, најмасовната и најактивната невладина организација. За добивањето на овие простории изразуваме голема благодарност на Владата и на Министерството за труд и социјална политика на Македонија, особено на заменик–министерот Диме Спасов со кого Сојузот на пензионерите има одлична долгогодишна соработка. Се заблагодаруваме на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и директорот Шаип Зенељи и неговиот тим, како и на претседателката на Управниот одбор Јасмина Иванова за успешната соработка. Посебна благодарност и до претседателот на ССМ Живко Митревски и директорката Вера Бужаровска со кои во изминатите години имавме примерна соработка. При тоа за оние кои не знаат морам и овој пат да потенцирам дека зародишот на СЗПМ е во ССМ, бидејќи пред седум децении Пензионерската организација била дел на единствените синдикати на Македонија.

Големи поздрави и до претставниците на медиумите, со посебна благодарност до главниот и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија" Александар Димковски, со кој повеќе години успешно го реализираме прилогот „Пензионерски видици" и се разби информативниот мрак за животот и активностите на оваа значајна масовна популација во државата. Благодарност и до изведувачите коишто го создадоа овој пријатен и функционален амбиент.

Прославата ја почнуваме со шампањско. Со ова свечено предавање и отворање на новиот работен простор, започнува свеченото одбележување на нашиот значаен и голем јубилеј, 70 години на пензионерското организирање во Македонија. Просториите се убави, но уште поубаво е чувството дека СЗПМ е почитувана асоцијација која од ден на ден е се поприсутна во сите случувања во државата, дека Сојузот и неговите членови не се на маргините на случувањата и заборавени од државата, туку напротив. Непобитен доказ е и давањето на трајно користење на овие простории во кои сме денес сите заедно.

Обраќање на заменик–министерот Диме Спасов

# СЗПМ Респектабилен општествен фактор во државата

Поздравувајќи ги присутните на прославата заменик–министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов** откако му го честиташе на Сојузот јубилејот истакна:

– Низ изминатите години СЗПМ прерасна во респектабилен општествен фактор во Република Македонија. Тој денес е најголема невладина организација којашто ги застапува интересите на сите корисници на пензија во нашата држава и како владин социјален партнер се бори за нивните права со успех.

Ние како Влада изминатиот период заедно со сите вас реализиравме голем број поволности коишто влијаеја на подобрување на животот на корисниците на пензија во Република Македонија и на сите оние коишто се во третата доба, а така ќе продолжиме и во иднина. Ништо не смее и не може да го запре континуитетот на постојаното подобрување на животот на пензионерите во Република Македонија. И како и до сега, и оваа година, покрај редовната исплата на пензии ќе продолжи зголемувањето на пензиите, како и проектите бесплатна бањска–климатска рекреација, бесплатен туристички викенд, бесплатен превоз со железничкиот сообраќај, бесплатен градски сообраќај во Скопје и отворањето на дневните центри низ државата. На ваше и наше задоволство денес се исполнува уште едно наше ветување и меѓусебен договор којшто го имавме со Сојузот. Денес го реализираме свеченото отворање на просторот кој Владата му го дава на трајно користење на Сојузот без надомест.

Покрај постоечките проекти, годинава ќе започнеме и со реализација на уште едно ваше барање, а тоа е изградба на државен старски дом, дом за стари лица со ниски или без примања. Со изградбата на овој капацитет ќе се дуплира бројот на легла во државните и јавните институции во Република Македонија. Реализацијата на овој проект е значаен за пензионерите и старите луѓе во земјата. Во овој проект државата ќе вложи голем износ на средства. Првата фаза ќе биде за 170 легла, а потоа во уште две фази ќе се изградат нови 340, или вкупно 510 легла кои што ќе влијаат на подобрување на условите за живот на повозрасните граѓани од најранливите категории.

Во овој момент користам прилика да му честитам и на вашиот претседател за неговата пожртвуваност и неговите заложби, како и за неговата конструктивност и посветеност во работата. Тој поседува искуство и многу добро знае како треба да дејствува и како треба да ги постави барањата на сите нивоа обврзувајќи ги сите, истите да бидат реализирани. Да сте живи и здрави уште многу години и вечен да е Сојузот, – рече заменик–министерот Диме Спасов.







Обраќање на Шаип Зенељи, директор на Фондот на ПИОМ

# Успешна соработка со СЗПМ

**С**о пригодни зборови присутните ги поздрави и **Шаип Зенељи**, директор на Фондот на ПИОМ

– Ви го честитам јубилејот и вселувањето во новите работни простории. Почестени сме со тоа што сме тука со вас и што сме дел од една заедничка и успешна соработка која е значаен дел од политиката на Владата којашто таа ја води со години наназад преку покачување на пензиите, подобрување на животот на пензионерите и друго. Со сето тоа се дава значајна порака дека пензионерите се важен дел од нашиот секојдневен живот. Соработката помеѓу Фодот на ПИОМ и СЗПМ е на посакуваното ниво во интерес на сите 300 илјади корисници на пензија. Овие простории со одобрение на Владата се дадени на СЗПМ за користење без надомест со што се создаваат можности за уште поголеми активности на членовите на Сојузот. Ви посакувам просториите да ги користите многу години. Се надевам и посакувам нашата соработка да продолжи и на други понатамошни проекти коишто ќе придонесат за подобар социјален живот на сите во Република Македонија.

## Настанот го следеа голем број медиуми, за кои Диме Спасов, Шаип Зенељи и Драги Аргировски дадоа посебни изјави:

**Диме Спасов, заменик-министер за труд и социјална политика на РМ**

– Денеска присуствувавме на пригодното отворање на новите деловни простории на СЗПМ, со што долгогодишното барање на Сојузот, Владата на РМ го оствари. Долги години Сојузот немаше свој простор и плаќаше кирија за користење на досегашните канцеларии. СЗПМ е наш долгогодишен партнер со кој реализиравме голем број поволности за подобрување на животот на пензионерите, а така ќе продолжиме и понатаму.

Би сакал исто така, да ја искористам оваа прилика за да им го честитам Седумдесетгодишниот јубилеј на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на најголемата невладина организација во нашата држава, којашто низ децениите прерасна во респектабилен фактор во нашето општество како резултат на многубројноста, меѓуетничноста, и континуираните заложби за правата и интересите на корисниците на пензија во нашата држава. Заедно со Сојузот реализиравме голем број на поволности за подобрување на животот на пензионерите во нашата држава. Во изминатите девет години просечната пензија во Република Македонија се зголеми за 70 проценти. И оваа година е планирано зголемување на пензиите за 5 проценти, редовна исплата на пензиите во првата недела од месецот, потоа планирано е и продолжување на проектите за бесплатна бањска–климатска рекреација и бесплатен туристички викенд, при што ќе опфатиме околу 8.500 пензионери во овие две бесплатни услуги коишто го подобруваат здравјето на корисниците на пензија и им помагаат за олеснување на нивниот живот. Продолжуваат сите започнати проекти, а во план е и реализација на нови кои се резултат на нашата квалитетна соработка. Планирана е и реализација на едно долгогодишно барање на Сојузот за изградба на нов државен дом за стари лица во градот Скопје, којшто во голема мера ќе ги зголеми капацитетите за згрижување на стари лица и на пензионери коишто имаат ниски примања или ниски пензии. Продолжуваме да соработуваме со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Република Македонија, се со цел да влијаеме на подобрување на квалитетот на живот на нашите највозрасни граѓани.

Во својата изјава за медиумите директорот на ФПИОМ **Шаип Зенељи** рече:

– Најнапред благодарност до вас медиумите што денеска сте тука заедно со нас да одбележиме еден заеднички зафат во интерес на пензионерите во нашата држава. Новите деловни простории на СЗПМ се дадени на користење без надомест, со што уште еднаш покажуваме дека пензионерите се значаен дел од општествениот живот во Република Македонија. Ја користам можноста, истовремено, на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија да им го честитам јубилејот Седумдесетгодишнината од нивното постоење. Фондот на ПИОМ е дел од екипата на Владата што придонесува за подобрување на секојдневниот живот на пензионерите. Ја изразуваме нашата готовност како Фонд на ПИОМ да соработуваме и понатаму и во други проекти заедно со Владата и со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Честитки и нека е за многу години.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, во својата изјава за медиумите изрази задоволство од заемната соработка со Владата и Фондот на ПИОМ која дава видни резултати и нагласи дека без таква интерактивност немаше да се решат голем број проблеми кои на пензионерите им ги донесе транзицијата.

– Со остварување на сите споменати проекти од заменик–министерот и директорот на ФПИОМ, статусот на македонските пензионери е многу подобар од оној на пензионерите во регионот. И додека во земјите од нашето опкружување пензиите се намалуваат, кај нас редовно се исплаќааат и се зголемуваат. Просечните пензии во Република Македонија се повисоки од Србија, Албанија, Бугарија, Косово и други земји. Ги поздравуваме и зафатите за изградба на нови пензионерски и старски домови, што битно ќе влијае за подобрување на стандардот на пензионерите. Уште повеќе ќе работиме на полето на афирмација на сето тоа и на благовремено и точно информирање на пензионерите, бидејќи само добро информиран пензионер може да биде добар граѓанин на Република Македонија, – рече меѓу другото претседателот на СЗПМ, Аргировски.







**К.С.А., М.Д., И.Г., З.А.**

# АКЦЕНТИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СЗПМ ЗА 2015 ГОДИНА

стојниотСЗПМ во соработка со здруженијата во Републиката, членки на Сојузот, во текот на 2015 година оствари ефикасна реализација на целите и задачите утврдени во Статутот на СЗПМ, преточени во Програмата на СЗПМ за тековната година и усогласени со Националната стратегија за стари лица на Владата на РМ за периодот 2010 – 2020 година.

Степенот на остварување на целите и задачите реално и во доволна мера обезбедија активно и здраво стареење на целокупното возрасно население во Македонија. За таа цел органите и работните тела во СЗПМ во рамките на своите програмски активности во 2015 година ги идентификуваа и дефинираа своите активности:

**АНАЛИЗА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА**

1. **Зголемување на пензиите и правата на пензионерите -** Примарна и нагласена активност во 2015 година беше подобрување на социјалната положба на корисниците на пензија и континуирана заштита на нивните стекнати материјални и нематеријални права, регулирани во нормативните акти кои се однесуваат на постојните и идните пензионери.

2. **Соработка со ПИОМ -** СЗПМ и раководните структури, остваруваа корисна соработка и на повисоко ниво со Фондот на ПИОМ. Соработката беше интензивирана и збогатена со ангажирањето на претседателот на Сојузот Драги Аргировски во работата на Управниот одбор на Фондот. Резултат од вака успешната соработка на СЗПМ со Фондот за ПИОМ е добивањето на 141 квадратен метар простор за користење без надомест, кој ПИОМ му го отстапи на СЗПМ на трајно користење. Ова претставува голема помош и можност за Сојузот, успешно да ги остварува своите значајни и многубројни задачи и активности.

3. **Соработка со ФЗОМ -** И во 2015 г. продолжи проектот „Фондот на ЗОМ поблиску до пензионерите". Во 2015 година одржани се 32 работилници во 32 градови во Македонија каде што на пензионерите им беа детално објаснети нивните права од овој домен. Како резултат на соработката на ФЗОМ и СЗПМ беа внесени повеќе лекови на позитивната листа, беше намалена цената на голем број лекови и беа отворени голем број аптеки, особено во руралните средини.

4. **Соработка на СЗПМ со организирани структури и локалната самоуправа во градовите во Македонија -** Соработката со локалната самоуправа и ЗЕЛС во 2015 година беше на посакувано ниво, што не значи дека таа не треба да се развива и понатаму. Здруженијата на пензионерите во општините оствaруваа во континуитет успешна соработка со локалната самоуправа, што резултира со отворање нови клубови на пензионерите во Центар, Куманово, Бутел, Штип, Центар Жупа, Прилеп, Ѓорче Петров и други општини во Македонија. Исто така, како резултат на таа соработка е и организираниот превоз за пензионерите во повеќе градови. Беа одржани и неколку средби за актуелните пензионерски прашања со претседателот на ЗЕЛС и градоначалник на Скопје Коце Трајановски. Во изминатата 2015 година особено плодна и обострано корисна соработка се реализира со ССМ и Црвениот крст на Македонија.

5. **Дополнување и измени во Статутот на СЗПМ и усогласување на статутите на здруженијата со истиот -** Поради одлагање на законската процедура за донесување на посебен Закон за пензионерско организирање, отпочната во 2012 година, СЗПМ со активно вклучување на работните тела на ИО, надлежни за кадровско правната и економска проблематика, во 2015 година изврши измена и дополнување на Статутот на СЗПМ. Во рамките на Статутот на СЗПМ вградени се одредби со кои се врши усогласување на регулативата за изборните процедури и постапки, прашањата на надлежностите на органите, социјалната и политиката на солидарност, како и мерките и критериумите за наменско и домаќинско трошење на средствата од членарината со која располагаат Сојузот и здруженијата. Исто така, важно прашање кое со посебни одредби е регулирано во Статутот, е отчетноста и транспарентноста во односите на релација Сојуз и здруженија.

6. **Проект Социјална пензионерска карта -** СЗПМ во соработка со здруженијата извршија подготовка за реализација на Проектот за воведување пензионерска социјална карта. Во 2014 година ЗП Ѓорче Петров успешно го реализираше Пилот-проектот социјална пензионерска карта. Во текот на 2015 година беше подготвен извештај и доставен до Извршниот одбор на СЗПМ, кој на посебна седница го разгледа извештајот, ја оцени целисходноста од социјалната пензионерска карта со заклучок проектот да се реализира кај сите здруженија, а во 2016 година ЗП Кисела Вода да биде здружението кое ќе работи на воведување на пензионерската социјална карта.

7. **Средување на евиденцијата на членовите на СЗПМ во 2015 година –** Заради средување на евиденцијата на членовите на СЗПМ во 2015 година, СЗПМ остваруваше непосредни контакти со здруженијата, за унапредување на работата за редовно и тековно ажурирање на евиденцијата на членството и усогласување на истата со пензиската евиденција со која располага Фондот за ПИОМ. Во текот на 2015 година, во врска со обезбедување на реална и објективна евиденција во здруженијата на пензионерите (старосни и инвалидски), егзистираше проблемот со недоволно следење на миграцијата на членството од едно во друго здружение, членување на еден ист пензионер во две здруженија, како и неводење евиденција за навременото регистрирање на починатите пензионери. Поради ваквата состојба со неажурната евиденција во сојузите на пензионерите, останува обврската и натаму да се унапредува непосредната интерактивност меѓу сојузите на пензионерите и здруженијата внатре во сојузите, да се интензивираат непосредните информирања со редовната достава на извештаите со конкретни податоци и информации за разни прашања поврзани со евиденцијата на корисниците на пензија.

8. **Одбор на Регистрираната организација за Солидарен фонд и членарина -** Одборот на Регистрираната организација во текот на 2015 година одржа вкупно 6 седници, од кои две седници со членовите на сојузите на инвалидските пензионери. Главно прашање на седниците беше довршување на реализацијата на проектот за ажурирање на евиденцијата, посебно во трите сојузи на инвалидските пензионери. Освен тоа, на седниците беше третирано и прашањето поврзано со проблемите на миграцијата на членството, распоредот и исплата на членарината, промената на тие состојби, законско и појави на незаконско користење на средствата во одредени средини, самоволија во примената на одлуката за миграција, проблематизирање на издавањето на барањите исписници, барања за членство во сојузите на нови, најчесто паралелни здруженија и друго. ОРО во текот на 2015 година, расправајќи по прашањето за редовната исплата на посмртна помош, разгледа две информации на ФПИОМ, според кои просечниот месечен износ на исплати на оваа помош на околу 1112 корисници изнесува 33.360,00 ден, а со просечната месечна задршка од пензиите се формира фонд од 32.630,00 денари. Според овие износи на финансиски средства во фондот, произлегува дека не се доволни средства за исплата на посмртна помош за околу 30 барања, поради што таквата исплата принудно се пренесува за наредниот месец. ОРО, досега изградениот став дека членарината не треба да се зголемува, а посмртната помош не треба да се намалува, и понатаму аргументирано ќе го брани.

**РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА СЗПМ ВО 2015 ГОДИНА**

Седниците на органите и телата на СЗПМ во 2015 година беа планирани врз основа на Програмата за работа на Сојузот, актуелните потреби и прашањата кои ги покренуваа здруженијата и членовите на соодветните органи и тела. Со распоредот на седниците се планираше да се обезбеди операционализација и реализација на задачите во одлуките, решенијата, заклучоците и препораките донесени од соодветните органи на тие седници.

1. **<u>Седници на Собранието на СЗПМ</u> -** Собранието на СЗПМ во текот на 2015 година одржа три седници и тоа на 19 март (во стар состав), а на 24 март и 21 декември (во нов состав). На трите одржани седници се водеше расправа по вкупно 12 извештаи, 10 информации и донесени се 12 одлуки. Исто така, Собранието во текот на 2015 година расправаше по 10 материјални прашања.

**Седницата** на Собранието на СЗПМ што се одржа на 19 март 2015 година беше отчетна седница на која претседателот Аргировски ги посочи позначајните резултати кои оставија историски белег во досегашниот развој и дејствување на Сојузот, постигнати низ разни форми и соработка со Владата и други релевантни институции.

**Првата седница** на Собранието на СЗПМ се одржа на 24 март 2015 година, откако завршија тримесечните изборни активности во здруженијата на пензионерите – членки на Сојузот. На нив беа избрани и претставници на здруженијата во Собранието на СЗПМ, а како единствен кандидат за претседател на Сојузот беше истакната кандидатурата за претседателот Драги Аргировски. На изборната седница на Собранието на СЗПМ по верификација на мандатите со силен аплауз од присутните Драги Аргировски едногласно повторно беше избран за претседател на Собранието, а со тоа и на Извршниот одбор на СЗПМ. Изборите на новите раководства на СЗПМ поминаа во демократска, достоинствена и свечена атмосфера.

**Втората седница** – На 21. декември 2015 година, Собранието на СЗПМ ја одржа својата втора седница. За Предлог- статутарната одлука за измени и дополнувања во Статутот на СЗПМ даде претседателот на Комисијата за статутарни прашања на СЗПМ, Зико Зиков, а секретарот на ИО на СЗПМ Станка Трајкова во својата дискусија истакна дека оваа одлука е резултат на согледувањата на Сојузот и здруженијата и дека при неговата изработка претходно е испочитуван во потполност демократскиот процес на донесување на еден ваков важен акт. На седницата е донесена Програмата за јубилејната 2016 година која беше оценета како сеопфатна, а речиси сите активности се во знакот на 70–годишниот јубилеј. На седницата беше усвоен и финансискиот план за 2016 година. Беа усвоени и измени во постојниот Правилник за спортски натпревари. Се укинуваат дисциплините двобој и тробој, а се воведуваат шутирање на мали голчиња и слободно фрлање во кош. На седницата за нови членови на ОРО беа избрани: Салтир Каровски, Ѓорге Андонов, Кирил Ѓорѓиоски и Јован Гиновски.

**Состанок на раководството на СЗПМ со претседателите на здруженијата на пензионерите членки на Сојузот -** На 28. април 2015 година се одржа заеднички состанок на раководството на СЗПМ и претседателите на здруженијата на пензионерите членки на Сојузот. На состанокот претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, во своето обраќање истакна дека заедничка заложба на сите раководства треба да биде заштита и подобрување на стандардот и квалитетот на живот на пензионерите.

2. **<u>Седници на Извршниот одбор на СЗПМ</u> -** Во текот на 2015 година Извршниот одбор во нов состав одржа пет редовни седници и тоа на 24 март, 15 април, 30 јуни, 20 октомври и 10 декември. На седниците, Извршниот одбор во рамките на својата надлежност расправаше по вкупно 10 информативни материјали, исто така донел вкупно 12 одлуки и решенија, како и водел активна расправа по 8 извештаи.

**Прва седница, 24 март -** се одржа во продолжение на изборната седница на Собранието. – На седницата на предлог на претседателот Аргировски за потпретседател и за секретар на ИО повторно беа избрани Методија Тошевски и Станка Трајкова.

**Втора седница, 15 април -** На седницата беа конституирани комисиите и другите тела на ИО.

**Трета седница, 30 јуни -** На седницата беше разгледана Нацрт–статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на СЗПМ и се направи детална анализа и сумирање на резултатите постигнати во периодот меѓу двете седници. Кратка информација за одржаните 8 регионални ревии на песни, музика и игри и на петтата јубилејна Републичка фолклорна ревија поднесе претседателот на Комисијата за културно–забавен живот Мендо Димовски.

**Четврта седница, 20 октомври -** Со цел да се анализира оствареното во деветте месеци од 2015 година, на 20–ти октомври се одржа четвртата седница на ИО на СЗПМ. На седницата беше поднесена информација за резултатите од јавната расправа по Предлогот за измени во Статутот на СЗПМ. На седницата беа поднесени извештаи и за престојот на нашата делегација на 15–тиот меѓународен фестивал за трета животна доба во Љубљана, Словенија, како и за настапите на културно–уметничките друштва на ЗП Радовиш и Конче и ЗП Македонска Каменица. Исто така, членовите беа информирани дека со посебен успех бил примен и рефератот „Како до активно стареење" којшто на Меѓународната конференција во рамките на Фестивалот го поднесе претседателот Драги Аргировски. Претседателот Аргировски информираше и дека сите трошоци на СЗПМ за учество на Конференцијата и Фестивалот се покриени од ЕУ и ЗДУС. На седницата беше поднесен и извештај за 20–тите јубилејни пензионерски спортски натпревари одржани во септември 2015 година во Скопје кои беа оценети како најуспешни досега.

**Петта седница, 10 декември -** На петтата седница на Извршниот одбор на СЗПМ со еден глас воздржан беше избран Салтир Каровски за нов потпретседател на ИО на СЗПМ. Низ дискусиите на присутните беше истакнато дека Салтир Каровски е личност кој поседува стручни и човечки квалитети и е активно инволвиран во пензионерските случувања. На седницата едногласно беше усвоена Програмата на СЗПМ за 2016 година и Финансовиот план.

3. **<u>Надзорен одбор</u> -** Оценка за финансиското работење во 2015 година на Надзорниот одбор на СЗПМ, е дека во трошењето на средствата се водело сметка за рационално и домаќинско работење на Сојузот. Приходот во најголем дел е од членарината, а најголеми ставки на трошок се: ревиите, спортските натпревари и излегувањето на бесплатниот весник „Пензионер плус".

4. **<u>Статутарна комисија</u> -** Статутарната комисија активно се вклучи во изработката на пречистениот текст на Статутот на СЗПМ. При тоа, најмногу се водеше сметка да не се навлегува во автономијата на здруженијата на пензионерите како правни лица. Придонесот на оваа комисија беше крајно стручен и професионален.

5. **<u>Активности на комисиите и другите работни тела на Извршниот одбор на СЗПМ</u>**

Комисиите и другите работни тела во СЗПМ, своите активности ги реализираа во согласност со усвоените програми за работа.

**Правно-економски форум -** Правно–економскиот форум даде свој придонес во сите правно–економски прашања со кои се соочуваше СЗПМ и неговите членки, а даде стручно толкување и оценка на Предлог–статутарната одлука за измените и дополнувањата на Статутот на СЗПМ и Предлог–препораките за здруженијата на пензионерите членки на СЗПМ. Тој, исто така, даде свое мислење и за пречистениот текст на Статутот на СЗПМ како и за финансиското работење на Сојузот.

**Комисија за меѓународна соработка -** Една од целите зацртани во Програмата на СЗПМ е и меѓународната соработка со пензионерските асоцијации во земјите од нашето соседство, но и пошироко. Успешна соработка постои и на ниво на Сојузот, но и на ниво на здруженијата. Во тој контекст се реализираа три средби. Пензионерски делегации од Шведска, Словенија и Албанија се сретнаа со првите луѓе на Сојузот.

**Комисија за меѓугенерациска соработка и соживот -** Во СЗПМ се води сметка за меѓугенерациската соработка и соживот. Во тој контекст се одржуваат традиционално секоја година мултиетнички пензионерски средби во Тетово, Гостивар, Куманово и во други здруженија членки на Сојузот, на кои се дружат пензионерите без разлика на нација и вера и успешно комуницираат на јазикот на соживотот и другарството, како пример за помладите генерации. Соживотот и меѓугенерациската соработка беа присутни и на сите пикници, фолклорни ревии, спортски натпревари, поетски средби и секаков друг вид на манифестации кои ги организираа Сојузот и неговите членки. Меѓугенерациската соработка особено е присутна во соработката со Црвениот крст и во сите хуманитарни активности кои се главно базирани на волонтерството кое од ден на ден станува се помасовно.

**Комисија за културно-забавен живот -** На комисијата главна преокупација и беше организирањето на 13–тите регионални ревии на песна, музика и игри, на кои успешни домаќини беа ЗП Виница, ЗП Карпош и Воените пензионери во Скопје, ЗП Куманово, ЗП Струмица, ЗП Гевгелија, ЗП Демир Хисар и ЗП Охрид и Дебрца. Петтата јубилејна Републичка пензионерска фолклорна ревија се одржа во МОБ во Скопје под покровителство на Министерството за култура. Во прекрасен амбиент во присуство на над 800 гледачи од сите краеви на Македонија успешен настап имаа 25 здруженија на пензионери, а поздравен говор имаа Драган Недељковиќ, заменик–министер за култура, Коце Трајановски, градоначалник на Скопје и претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. Успех и важна активност на Комисијата е и учеството на СЗПМ во Љубљана на 15–тиот меѓународен фестивал на третата доба. Во 2015 година беа организирани и повеќе пикник–средби на кои присуствуваа голем број пензионери, заедно со комисиите во здруженијата на пензионерите – домаќини. Такви пикници се одржаа во: Ореовица, Еленец, Дојран, Сарај, Лесново, Кочани, Виница, Пелинце, Демир Капија и други.

**Комисија за спорт и рекреација** – Во 2015 година работата на оваа комисија беше во знакот на 20–годишниот јубилеј на спортските пензионески натпревари во Македонија. На 20–тите пензионерски регионални натпревари, успешни домаќини беа ЗП Солидарни пензионери од Илинден – Скопје, ЗП Тетово, ЗП Прилеп, ЗП Кичево, ЗП Дојран, ЗП Крива Паланка, ЗП Ново Село и ЗП Македонска Каменица. Многу успешно беше организирана и јубилејната 20–та пензионерска олимпијада што се одржа на спорските терени кај хотелот „Њу стар" со над 1.200 уче–

сници од кои 400 натпреварувачи од 41 здружение. На 20–тата јубилејна Републичка пензионерска олимпијада – Скопје 2015 г. говореа министерот за труд и социјална политика Диме Спасов, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, градоначалникот на Скопје Коце Трајановски, Петре Латиновски, градоначалник на Општина Бутел и Љупчо Димовски, претседател на ЗП Бутел, како домаќин на манифестацијата. Најдобри резултати петти пат по ред остварија натпреварувачите од ЗП Охрид и Дебрца.

**Комисија за здравство и социјална политика** – На Комисијата за здравство поголемиот дел од активностите и беа поврзани со проектот „Пензионерска социјална карта", но исто така, беше инволвирана во подобрување на здравстваната заштита на пензионерите на сите нивоа. Комисијата ги поттикнуваше комисиите при здруженијата на поголема активност. Во таа насока беа одржани повеќе бесплатни прегледи, мерење шеќер во крвта и притисок во соработка со Црвениот крст. Соработуваше и со ФЗОМ.

**Комисија за информирање и издавачка дејност -** Информирањето во Сојузот е на посакуваното ниво. За тоа сведочи редовното излегување на весникот „Пензионер плус", на додатокот во весникот „Нова Македонија" „Пензионерски видици", страницата за пензионери во „КОХА" и ажурирањето на веб-страница која од ден на ден е се попосетена во земјата и надвор од неа. Во 2015 година беа издадени и 2 специјални изданија, Билтен за спортските натпревари и Билтен за фолклорните ревии, потоа беа организирани неколку прес–конференции и друго. Исто така, беше одржана и Работилница со дописниците. Комисијата поттикнуваше активности за информирање и во самите здруженија, бидејќи информирањето е битен фактор во севкупното живеење на пензионерите. СЗПМ и во 2015 година продолжи со финансиска поддршка за печатење на книги, монографии, за драмски работилници, отворање на изложби и слично.

**Комисија за менаџирање на проекти** – Оваа комисија е една од најновите во Сојузот. И покрај тоа таа покажа задоволителни резултати. Подготви добра презентација на Саемот на НВО кој се одржа во МКЦ во декември и на кој излагање за волонтерството во СЗПМ имаше секретарот на ИО Станка Трајкова, а за активностите на Сојузот зборуваше претседателот на СЗПМ Драги Аргировски. За презентацијата беа подготвени два флаера со активностите на Сојузот, како и два постера за 70–годишниот јубилеј на СЗПМ, а комисијата одржа состанок со претставникот на МЦСМ за поттикнување на соработката. Таа подготви и неколку проекти.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ**

Остварената Програма за работа на СЗПМ во 2015 година и реализација на Финансискиот план на приходите и расходите, даваат основа Извршниот одбор да му предложи на Собранието на СЗПМ на својата седница да ги донесе следните заклучни согледувања и препораки:

- Програмата за работа на СЗПМ во 2015 година е успешно реализирана;
- Резултатите во 2015 година претставуваат поттик, но и обврска да се работи уште подобро, особено во јубилејната 2016 година во која ќе се одржи свечена академија и ќе биде издадена и Монографија за 70–годишното постоење на Сојузот во која ќе бидат поместени активностите и успесите низ изминатите години.
- СЗПМ обезбеди широка општествена афирмација во граѓанското здружување и организирање во Република Македонија;
- Остварен е значаен напредок во разрешувањето на значајните организациски прашања, поврзани со ажурирањето на евиденцијата на членството во здруженијата, во подобрување на финансиското работење, ефикасното работење на пензионерските клубови и дневни центри на пензионерите, како и интензивниот развој и ширење на мрежата на нови пензионерски клубови;
- Остварено е поквалитетно и објективно информирање на членството и јавноста, особено преку сопствени пишани медиуми, како и инвестирање во транспарентноста во работењето преку други реномирани весници;
- Остварена е богата и проширена соработка со надлежните органи на државната управа по разни прашања од интерес на пензионерската организација;
- СЗПМ посветува голема грижа на внатрешната организација и консолидација во здруженијата на пензионерите, а по завршените избори во 2015 година, нагласено се едуцираат новите раководства;
- СЗПМ уште повеќе ги интензивира контактите и ја проширува соработката со надлежните органи во државата и Фондовите на ПИОМ и ЗОМ, заради неодложно и поинтензивно остварување на проектите опфатени со националната стратегија на РМ за старите лица до 2020 година;
- СЗПМ во текот на 2016 година и понатаму своите активности треба да ги посвети, кон остварување на планирањето активности за изградба на пензионерски домови и други форми на сместување на пензионерите во Македонија.
- СЗПМ во соработка со здруженијата на пензионерите членки на Сојузот, во рамките на Програмата за работа во 2016 година, треба да се посветат на проширување, продлабочување и интензивирање на соработката со органите на локалната самоуправа, како продолжение во континуитет на активностите околу реализација на Меморандумот за соработка помеѓу СЗПМ и ЗЕЛС, потпишан во 2010 година;

Ова несомнено ќе обезбеди поодостоинствен живот на луѓето од третата доба и спречување на маргинализацијата на старите лица во нивните основни егзистенцијални услови за активности и за живеење.

**Собрание на СЗПМ**

Врз основа на член 53 став 2 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10 и 135/11) и член 15 точка 3 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на предлог на Извршниот одбор, Собранието на Сојузот на редовна седница, одржана на ден 18.03.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишната сметка и распоредување на нето вишокот на приходи за 2015 година**

Член 1

Се усвојува Годишната сметка за 2015 година на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија по претходно добиениот Извештај од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење со следните остварени финансиски резултати од работењето:

1. **Вкупни приходи**
   Приходи од работењето 11.452.179,оо денари
2. **Вкупни расходи**
   Расходи од работењето 10.177.997,оо денари
3. **Вишок на приходи ( Добивка ) пред оданочување** 1.274.182,оо денари
4. **Данок на непризнаени расходи** 39.930,оо денари
5. **Нето вишок на приходи ( добивка )** 1.234.252,оо денари

Член 2

Остварениот нето вишок на приходи (добивка) за деловната 2015 година во износ од **1.234.252,оо** денари се распоредува за:

- пренос во наредната година

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со нејзино донесување.

**Претседател на Собрание на СЗПМ**

**Бесник Поцеста**

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ СКОПЈЕ

# Датуми на одржување на ревиите на песни, музика и игри и спортски натпревари

**П Л А Н**
**на одржување на ревиите на песни, музика и игри за 2016**

| Ред. број | ЗП учесници во Ревијата по региони | Датум и домаќин |
|---|---|---|
| 1. | ЗП: Виница, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Берово и Пехчево. | 9–ти мај, Пехчево |
| 2. | ЗП: Карпош, Ѓорче Петров, Тетово, Шуто Оризари, Бутел и Тафталиџе. | 17–ти мај, Бутел |
| 3. | ЗП: Воени пензионери, Кисела Вода, Гази Баба, Сарај, ОВР и Солидарни пензионери – Илинден. | 10–ти мај, Гази Баба |
| 4. | ЗП: Куманово, Солидарност – Аеродром, Крива Паланка, Чаир, Центар – Скопје и Кратово. | 7–ми мај, Кратово |
| 5. | ЗП: Струмица, Пробиштип, Штип и Карбинци, Св. Николе, Злетово, Радовиш и Конче, Ново Село и Лозово. | 27–ми април, Штип |
| 6. | ЗП: Гевгелија Велес, Неготино, Кавадарци, Богданци, Дојран, Валандово и Демир Капија. | 5–ти мај, Велес |
| 7. | ЗП: Демир Хисар, Битола, Прилеп, Ресен и Крушево. | 11–ти мај, Битола |
| 8. | ЗП: Охрид и Дебрца, ЗП Гостивар, Кичево, Мак. Брод, Вевчани, Струга, Дебар и Центар Жупа и Лабуништа. | 19–ти мај, Кичево |
| 9. | Ревијата на песни, музика и игри на пензионерите на Република Македонија ќе се одржи во МОБ – Скопје | 7–ми јуни, Скопје |

**П Л А Н**
**на одржување на спортските игри за 2016**

| Ре-гион | ЗП учесници во Ревијата по региони | Датум и домаќин |
|---|---|---|
| I | Центар, Кисела вода, Чаир Солидарност – Аеродром, Гази Баба, Бутел, Шуто Оризари, Солидарни пензионери – Илинден и Воени пензионери | 21–ви мај, Чаир |
| IV | Охрид и Дебрца, Струга, Дебар и Центар Жупа, Кичево, Дебар Македонски Брод и Вевчани и Лабуништа | 22–ри мај, |
| V | Кавадарци, Велес, Неготино, Дојран, Гевгелија, Богданци, Демир Капија | 26–ти мај, Кавадарци |
| II | Гостивар, Тетово, Сарај, Ѓорче Петров, Карпош, Тафталиџе и ОВР | 28–ми мај, Ѓ. Петров |
| VI | Куманово,Кратово, Крива Паланка, Пробиштип, Злетово | 29–ти мај, Куманово |
| VIII | Кочани, Берово, Пехчево, Виница, Македонска Каменица и Делчево | 31–ви мај, Делчево |
| VII | Радовиш и Конче, Штип и Карбинци, Струмица, Свети Николе, Лозово и Ново Село | 11–ти јуни, Лозово |
| III | Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар | 26–ти јуни, Д. Хисар |
| | Републичката пензионерска спортска олимпијада ќе се одржи во Радовиш | 3–ти септември, Радовиш |

Здружение на пензионираните работници од ОВР на РМ

# Пензионерите формираа Фолклорна играорна група

На пензионерите на ЗП на ОВР конечно им се исполни желбата да формираат Фолклорна играорна група со цел да го збогатат квалитетот на нивните дружби, да ја зголемат физичката активност и секако да научат уште некое македонско оро од богатата ризница на Македонскиот фолклор, како и да се претстават што подобро на претстојните ревии на песни, музика и игри во организација на СЗПМ.



На 26.02.2016 година во просториите на Академското културно уметничко друштво Мирче Ацев триесетина пензионери ја одржаа првата проба, поточно час. За учење и правилно и естетско изведување на ората во играорната група е ангажиран кореограф Ристо Милков – Риц, исто така пензионер, а некогашен долгогодишен активен член најпрвин во КУД Танец, а потоа во АКУД Мирче Ацев. Но орото не може да почне без звукот на тапанот, за што се погрижи тапанарот Стефан Крстевски, исто така пензионер и некогашен активен член на АКУД Мирче Ацев.

Најпрвин на членовите на играорната група кореографот им објасни за начинот на држењето на телото, за разликата во чекорите кај мажите и жените, за пренесувањето на тежината на прстите. Кажа и неколку пригодни зборови за значењето, негувањето и убавината на Македонскиот фолклор, кој значи љубов кон песната, обичаите иората.

Потоа пензионерите под ритмичкиот удар на тапанот и такт на кореографот одиграа неколку ора за да се загреат, а и да се согледаат нивните првични можности. Се разбира, некои членувале и играле во разни културно уметнички друштва, некои се родени играорци, некои ги знаат чекорите, а некои се почетници, но сите имаат голема желба да играат и им треба вежбање. Дојдоа, да научат да играат, да се дружат, да си го направат денот и животот поисполнет. Во игра, смеа, весели досетки, но и пот од физичкиот напор пензионерите не ни почувствуваа дека веќе поминало времето во кое беа физички и психички активни.

**Соња Смилеска**

## Работилници со пензионерите на ФЗОМ

| | |
|---|---|
| 07 април | Гостивар |
| 14 април | Св. Николе |
| 21 април | Велес |
| 28 април | Ресен |
| 05 мај | Кавадарци |
| 10 мај | Радовиш |
| 18 мај | Прилеп |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk


ЗНАЕМЕ ДЕКА МОЖЕТЕ!
Дајте им го она што им е потребно!
• Бесплатно отворање на трансакциска сметка
• Бесплатно овластување на вашата сметка за еден или повеќе членови на семејството
• Бесплатна Маестро дебитна картичка
• Бесплатна Master-Card кредитна картичка
• Можност за отплата до 73 години
Износ до 2 пензии
• Дирекција тел. 02/3249-437 ; 02/3249-454
• Градски Ѕид Скопје тел. 02/3217-224
• Партизански Одреди тел. 02/3221-003
• нас. Аеродром тел. 02/2401-225
• нас. Бутел тел. 02/2600-055
• Карпош 4 тел. 02/3090-209
• Кисела Вода тел. 02/2720-470
• Струмица тел. 034/343-881
• Битола тел. 047/232-434
• Прилеп тел. 048/400-210
• Кавадарци тел. 043/414-726
• Гостивар тел. 042/211-221
ЕУРОСТАНДАРД Банка
www.eurostandard.com.mk


ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
40 - ДНЕВНА ПРОГРАМА СО ЧИСТ МАТИЧЕН МЛЕЧ
HERBESAN
Bio
Gelée Royale
Programme de 40 jours
1000 mg par jour
ПРИДОБИВКИ ОД МАТИЧНИОТ МЛЕЧ
Зајакнување на функцијата на мозокот
Заштита на црниот дроб
Антивоспалително дејство
Регенерирање на кожата
Контрола на нивото на шеќерот во крвта
Матичниот млеч има силно антиоксидантно дејство, успешно го контролира нивото на холестерол, а само една лажичка дневно ја јакне способноста за апсорпција на калциумот што е клучно за остеопороза.
РЕСВЕРАТРОЛ
со витамин Ц
ПРИДОНЕСУВА ЗА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ИМУНИОТ СИСТЕМ
PHARMAVITAL
RESVERATROL
MIT VITAMIN C
ANTIOXIDANT
Es trägt zur normalen Funktion des Immunsystems bei
ГЕРМАНСКИ КВАЛИТЕТ ЗА ОДЛИЧНА ЦЕНА

# СЗПМ на форумот „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“

На 11–ти февруари 2016 година, претставници на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија учествуваа на форумот „Вмрежувањето и соработката на граѓанските организации“ што го организираа Македонската канцеларија на




проектот Техничка поддршка за граѓанските организации – ТАКСО и ТАКСО ресурсниот центар воден од Македонскиот центар за меѓународна соработка – МЦМС. Форумот беше завршен дел од групата активности кои се одвиваа во втората половина на 2015 и почетокот на 2016 година. Создавањето партнерства и јакнењето на вмрежувањето на граѓанските организации се теми кои сè повеќе се наметнуваат во граѓанското општество поврзано со неговите напори да биде поефективно и да остварува поголемо влијание. За таа цел, ТАКСО започна сеопфатна идентификација на активните мрежи, проценка на нивните потреби и утврдување на предизвиците со кои се соочуваат организациите при вмрежувањето. Форумот создаде простор за дискусија на граѓанските организации и нивните мрежи за потребата и придобивките од заедничка соработка и вмрежување, за ефикасноста на мрежите на граѓанските организации и за предизвиците поврзани со работењето во мрежа. Работилниците кои беа организирани во рамките на форумот придонесоа за идентификување на потребите за градење на капацитетите за вмрежување и за дизајнирањето на идните активности поврзани со оваа тема. На форумот беа презентирани и наодите од два извештаи кои произлегоа од две анкети: едната со здруженијата, а другата со нивни мрежи, а кои имаа за цел да ги идентификуваат активните мрежи на граѓанските организации во земјата, да ја проверат перцепцијата на нивните членки за бенефитот од учеството во мрежите и да ги истражат потребите на организациите за поддршка кога станува збор за вмрежувањето и соработката, како и потребите на самите мрежи за да се овозможи нивно ефикасно делување. На дебатата активно учество зема претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, кој ги истакна современите можности и бенефитите од мрежното работење. Покрај презентациите, дебатата и работилниците, имаше постер презентации, на кои претставниците на СЗПМ, д–р Илија Глигоров и д–р Андреја Наумовски ги запознаваа учесниците со работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како мрежа на пензионерските здруженија, со најбројно членство и со видни долгогодишни резултати.

**И.Г.**

Од работата на Фондот за ЗОМ

# Три нови е-услуги за осигурениците

Фондот за здравствено осигурување на Македонија продолжи да промовира нови електронски услуги, во рамки на месец февруари кој е прогласен за месец на електронски услуги. Фондот на својот портал промовираше три нови електронски услуги за правата на осигуреници кои досега беа достапни само во хартиена форма, а од сега ќе можат да ги добијат поедноставно, побрзо и поефикасно по електронски пат преку новите електронски услуги. Промовирани се следните три нови услуги:

- **Електронско барање за рефундација за болничко лекување.**
- **Електронско барање за рефундација на лекови на рецепт.**
- **Електронско барање за рефундација на вграден и потрошен материјал.**

**Првата електронска услуга** се однесува на рефундација на средства за извршено болничко лекување кога осигуреникот немал здравствено осигурување од различни причини. Во овие случаи кога на осигуреникот од различни причини не му е платен здравствениот придонес повеќе од 60 дена, здравствената услуга треба да ја плаќа во целост, а потоа откога ќе се подмири здравствениот придонес осигуреникот поднесува барање за рефундација. Правото на рефундација не застарува 5 години. Ова право е гарантирано согласно Законот за здравствено осигурување. Со ова се заменува и скратува хартиеното работење и потребата да се доаѓа на шалтер.

**Втората нова електронска услуга** всушност претставуваат две услуги кои ги нуди фондот споени во една, т.е право на надоместок на средства за набавени лекови на рецепт, независно дали лекот е на болничка или примарна позитивна листа. Доколку на осигуреникот за време болничкото лекување му е побарано да купи лек кој се наоѓа на позитивната листа, по завршување на лекувањето има право да поднесе барање за рефундација на средства од страна на ФЗОМ. Воедно во овој сегмент се вклучени и лекови од болничка листа кои се примаат по препорака на специјалист (некогаш и во домашни услови), а здравствената установа нема обврска да ги набавува (како на пример клексан). Осигуреникот барањето за рефундација ќе може да го поднесува електронски. Рефундација се остварува само доколку лековите се купени од аптека со која фондот има склучено договор.

**Третата електронска услуга** е право на надоместок на средства за набавен стандарден медицински потрошен материјал и вградени материјали во болничка здравствена заштита. Доколку осигуреникот за време на болничкото лекување му е кажано да набави медицински потрошен материјал или пак вградил медицински материјал, истиот има право да го рефундира од страна на ФЗО. Отсега барањата за рефундација за медицинските материјали осигурениците ќе можат да ги поднесуваат електронски без притоа да доаѓаат во подрачните служби. Покрај барањето и трансакциската сметка, осигуреникот ќе може да ги прикачи и отпусното писмо/специјалистичкиот извештај и доказот за плаќање на вградениот стандарден материјал.

**К.С.А.**

ЗП Тетово – Работилница

# Најблиску до специјализирана медицинска рехабилитација

Пензионерите, за чие здравје обично се вели дека е крто, покажуваат голем интерес како да остварат право на специјализирана медицинска рехабилитација и рефундација на трошоците доколку од кои било причини здравствениот осигуреник може да ги оствари. Овие прашања беа содржина на работилницата што се одржа во Здружението на пензионерите Тетово, што ја отвори Шабан Азизи, претседател на Извршниот одбор. За најавените тематски области зборуваа д–р Силвана Андов од Секторот за контрола и Блерим Османи, од Секторот за правни работи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Работилницата ја следеа и д–р Катерина Видоевска и Златка Михајловска од Подрачната единица на ФЗО Тетово.



Присутните на работилницата, што се одржа на 17 февруари, исцрпно беа информирани за повеќе содржини од определените тематски области. Д–р Силвана Андов најнапред одговори на прашањето кога здравствените осигуреници имаат право на специјализирана медицинска рехабилитација, која во основа се определува од надлежна лекарска комисија и во период по болничко лекување. Целта е да се врати или ублажат последиците од претходното болничко лекување, под кои услови и во кој рок треба да се поднесе барање, времетраењето, опфатеноста и слично. Во остварувањето на рехабилитацијата беа посочени договори од осум специјализирани здравствени организации, во кои спаѓат и четирите бањско климатски лекувалишта во Негорци, Дебар, Струмица и Катланово.

Блерим Османи се задржа на прашањата сврзани за остварување право на рефундација кога осигуреникот платил, што може да се рефундира, за надоместот на лекарства за време на болничко лекување или рехабилитацијата и кога и какво се остварува постапка за остварување на ова право. Притоа нагласи дека сите пензионери кои имаат помали примања од 12.600 денари се ослободени од партиципација за време на болничко лекување и рехабилитација.

Во досегашниот период, освен Тетово, вакви работилници биле одржани во Кратово и Штип, а се најавени да се одржат во сите здруженија на пензионери на Република Македонија.

**Гојко Ефтоски**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Информатичката технологија во функција на работата

Основна задача и приоритет во работењето на Фондот на ПИОМ, меѓудругото, е и постојаното внесување на иновации во работата, а тоа, пред сè, се однесува на перманентното унапредување на информатичкиот систем. За оваа цел, направени се повеќе зафати, кои до сега, ги дале очекуваните резултати, а тоа ќе рече, пензионерите корисници на нашите услуги не еднаш искажувале високи оценки и благодарност за нашата работа. Дека е така, најдобра потврда за ова е постигнатата основна стратегиска цел, односно современа информатичката технологија и автоматизација на деловните процеси заради создавање предуслови за задоволни клиенти. Бидејќи, преку ПИО се остваруваат трајни права врз основа на податоците прибирани во минатото, кога основен носител на податоците била хартијата, денес секој нов проект се остварува преку целосна дигитализација на информациите, податоците и деловните процеси заради нивна ефикасност, заштита од евентуални злоупотреби, или неовластен пристап. Ова ја наметна потребата од високо ниво на регулација на деловните процеси со имплементирање на строги контролни критериуми за пристап и користење на податоците и документите во процесот на одлучување за правата од ПИО. Основа на контролните функции и процесот на работа е имплементираниот софтвер кој постојано се унапредува.

Во оваа прилика, посебно треба да се истакне и фактот дека се имплементирани инфраструктурните основи за размена на податоците, согласно проектите на Владата на РМ, „Едношалтерски систем“ „Интерконективност“ и „Интероперабилност“, со кои императивно се воспоставува размена на електронски податоци помеѓу институциите за потребите на своите клиенти. За новите проекти и задолженија од Владата на РМ, како „Договори за дело“, „Листи за стаж и плата до секој вработен“, „Е–услуги“ и „Е–аплицирање“ е изработен нов софтвер и ИКТ инфраструктура за сервисирање на барањата на граѓаните и клиентите. Оттука, може да се рече дека во оваа област е постигнат голем напредок и со сопствени ресурси имплементирана е можноста за користење на меѓународно признаени електронски сертификати во автоматската размената на електронски податоци. Тоа е воспоставено со Централниот регистар, а во тек е воспоставување на електронска размена на податоците со други држави, но и со граѓаните на Република Македонија. Законот за заштита на личните податоци и искуствата кои се стекнуваат преку секојдневните активности на вработените, наметнуваат барања за постојано унапредување на механизмите на контрола, заштита и употреба. Сè повеќе се имплементираат проактивни мерки на заштита и контролиран пристап до податоците и информациите за сметка на реактивните мерки за заштита кои треба да обезбедат информации за извршената активност.

Во Фондот на ПИОМ, Секторот за информатика, успеваше да се справи со предизвиците и последиците од големото намалување на буџетот за информатичка и комуникациска технологија, поради мерките за штедење во услови на светска криза и евидентното намалување на бројот на извршителите во овој Сектор подолг период наназад. Кога на ова ќе се додаде и застареноста на опремата, продолжувањето на роковите за реализација на барањата за измени и дополнувања на софтверските решенија за унапредување на контролните механизми, особено станува критично во делот за системска поддршка каде нема извршители дури ни за најосновните потреби за мониторирање на системот, т.е. проактивни мерки за заштита и функционалност. Со големи напори ИТ–секторот, а со тоа и Фондот на ПИОМ, успева навреме да одговори на барањата кои произлегуваат од Програмата и проектите на Владата на РМ, но сето тоа го прави занемарувајќи некои анализи и развојни стратегии на Фондот.

Сепак, Фондот на ПИОМ покажува подготвеност за постојано унапредување на сопственото деловно работење и постојано подобрување на сервисите кон клиентите, намалување на трошоците и скратување на времето за донесување решение за остварено право. Сè повеќе станува значаен придонесот на ИТ во областите за заштита на имотот на Фондот и спречување на исплатата на неосновани пензии.

Во рамките на активностите за системска и програмска поддршка и работењето на компјутерската мрежа, достигната е висока расположливост на информатичката инфраструктура и зголемување на брзината на пренос на податоците, но голем предизвик е староста на опремата која во голем дел надминува 8 години, а некои делови се постари и од 10 години, што претставува и технички и финансиски проблем за одржување.

Во два наврати минатата година, беше реализиран проектот за „Информираност на осигурениците за пензискиот стаж и плата“ како законска обврска. Со овој проект беа доставени прегледи за сите вработени кај секој регистриран обврзник за уплата на придонес (деловен субјект/работодавец). Прегледите беа доставени со Е–маил пораки. Вака добиените прегледи работодавецот има обврска да ги дистрибуира веднаш до своите вработени. Во подготовката на овој проект, во делот на содржината и комплетноста на податоците за стажот и платите, од страна на Секторот за ИТ беа преземени активности за автоматско ажурирање на податоците за стаж и плата за кој е платен придонесот и постои електронска евиденција. Во оваа насока, опфатени се податоците за стаж на осигурување остварен после 2006 година.

Меѓутоа, бидејќи во наредниот период се планирани реализации на повеќе проекти, тоа и набавката на нови основни информатички средства, се приоритет на Фондот на ПИОМ во работата во 2016 година. За таа цел, УО донесе одлука според која со Буџетот за 2016 година се одобрени средства во износ од 10.030.000 денари со ДДВ за набавка на опрема и машини за потребите на Фондот на ПИОМ. Во рамките на одобрените средства се планира набавка на информатичка опрема и машини потребна за замена на дел од сегашната и набавка на нова согласно Фондовските потреби, а заради непреченото и навремено извршување на деловните процеси и новите процеси кои треба да бидат воведени оваа година.

**м-р. Снежана Кутузовска**

**ПЕНЗИОНЕР плус**
**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година IX – број 92
март 2016 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семенакова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Мустафа Ќамуроски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Мендо Димовски**,
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Спирко Николовски,
Димитар Чавдаров

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада“
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Тетово

# Општинска награда за Енвер Шаља

На свечена седница на Советот, по повод празникот на општината Тетово, признание му беше доделено на новинарот во пензија Енвер Шаља. Во образложението на одлуката се наведува дека признанието се доделува за заслугите во сфераа на информирањето, додека



бил во работен однос со што придонел во афирмацијата на вредностите и постигањата во Општината Тетово во еден подолг временски период. Наградата му ја врачи градоначалничката на општината Теута Арифи.

– Ова ми е најдрагата награда, зашто ми се доделува од највисокиот орган на општината во која постојано живеам. Ова признание има голема вредност и се однесува не само на мене, туку и на сите други ветерани во новинарството, на пензионерите, но и на генерациите што сега наступаваат. Не само што не го заборавам новинарството, туку и сега, по овие пет години поминати во пензија, продолжувам да пишувам не само заради некаков континуитет, туку пред сè да продолжам да трагам по настани и личности, по зготи и незготи од околината што ме опкружува, – вели Енвер Шаља.

Пензионерот Енвер Шаља вели дека сега тематски посебно е определен за животот и работата на пензионерите, во маалото, во селото, таму каде што живеат. Смета дека само на тој начин ќе ја одржува својата физичка кондиција и ќе заборава на сите тегоби што ги носи „третото доба“.

Нашиот соговорник вели дека 36 години активно и професионално му ги посветил на новинарството. Најдолго време поминал како дописник од Тетово на весникот на албански јазик „Фљака е Влазеримит“, а извесно време поминал и во редакцијата.

– Секогаш сум се трудел да го дадам максимумот, да бидам што поблиску до читателите, да го слушнам нивниот глас. Можеби и затоа во рамки на весникот сум добитник на неколку награди: новинар на годината, најдобар и најпродуктивен новинар и автор на најдобри репортажи. Мислам дека за мене беше и привилегија што јас бев единствен новинар на албански јазик што бев овластен да следам воени вежби, да бидам дел од војничкиот живот во некогашната ЈНА. Кога се присетувам на тие времиња и тогашните настани, ми навираат инспирации сега како пензионер сето тоа да го вградам во единствен труд – книга. Ќе бидам презадоволен ако изнајдам начин како тоа да го финиширам, – раскажува пензионерот Шаља со посебни емоции.

– Зад мојотј новинарски период стојат најмалку 15.000 објавени наслови, повеќе од 3.000 фотографии, што аматерски ги правев за потребите на весникот. Во рамки на „Фљака“ имаше и издавачка дејност преку која објавивме над 100 наслови на албански јазик, а се издаваа и детски списанија „Г`зими“ (радост) и „Фатоси“ (прваче), како и списание за култура „Јехона“. Остваривавме навистина една богата лепеза на новинарско и друго творештво. Оттука и мојата зачуденост зошто само „Фљака“ и „Бирлик“ згаснаа и отидоа во заборав заедно со се друго што го однесе транзицијата. Додуша и мене ме закачи тегобата по затворањето на весникот, шест години да ја делам судбината на уште 1.800 вработени во „Нова Македонија“, – се присетуваше пензионерот од Тетово, Енвер Шаља.

**Гојко Ефтоски**

ЗП Кривa Паланка

# Заедничко планирање со локалната самоуправа

Во организација на општината Крива Паланка се организира заедничка средба со пензионерите од двете здруженија. Средбата се одржа на 08.02.2016 година во просториите на Општината. На средбата покрај градоначалнкот **Арсенчо Алексовски** присуствува и



пратеничката во Собранието на РМ, директорот на Здравствениот дом од Крива Паланка, раководителот на подрачната единица на ПИОМ Крива Паланка и повеќе од седумдесет пензионери. На средбата беа презентирани досегашните и идните активности и проекти на Општната, а воедно се дискутираше и за идните потреби и планови од интерес за пензионерите. По дискусиите, се поставуваа прашања на кои се даваа соодветни одговори од градоначалникот, пратеничката, директорот на Здравствениот дом и раководителот на подрачната единица на ПИОМ.

Од страна на присутните пензионери беше предложено:

- Здравствената заштита е потребна секому, но најповеќе на лицата од трето доба, на пензионерите. Без разлика на висината на пензијата целосно бесплатно лекување да добијат сите луѓе над 75 години;
- Да се овозможи големиот број на современи апарати, да можат да ги користат и пензионерите, бидејќи сега не се во можност да ги користат заради релативно високите давачки за услугите.
- Во Здравствениот дом во Крива Паланка да се вработат специјалисти по одредени здравствени струки.
- Да се обезбеди мобилна здравствена екипа 24 часа, која ќе оди и во домашна посета;
- Во наредниот четиригодишен мандат, градот да се гасифицира, а предходно да се извршат сите неопходни подготовки;
- Да се рестартира рудникот „Тораница“ и по можност да го преземат лица од Република Македонија.
- Да се планира и изврши подготовка за изградба на современ пензионерски дом за згрижување на одредена категорија на стари лица.
- Да се планира изградба на некој индустриски објект во кој ќе се вработат над илјада вработени за да се задржат младите кадри во општината.

**Арсен Илиевски**

ЗП Охрид и Дебрца

# Ана Ангелеска, активна и хумана и во 84-та година од својот живот

Во Активот на пензионерки при ЗП Охрид и Дебрца, ако било кој запрашате која активистка е највозрасна, најомилена и најдобра по душа, едноставно ќе ви речат „тетка Ана“. Тоа го тврдат сите членки на Активот со задоволство и без двоумење. Тетка Ана, како што сите милуваат да ја нарекуваат, а повеќето од нив дури ја нарекуваат и како „свекрва“, навистиа е ретка личност од чиј поглед постојано извира пријатна насмевка, добрина и милозливот. Таа секогаш кон секого зрачи со позитивна енергија, расположена и подготвена за разговор и шега. Сите активиски при секоја средба пријателски, и родителски ја бакнуваат и прегрнуваат, насловувајќи ја како мила тетка Ана, или мајчичке моја, или свекрво драга.



Во Охридското здружение на пензионери Ана Ангелеска е присутна полни 40 години. Таа е меѓу најстарите членови. Постојано ги следи активностите на Активот на пензионерки. Присуствува на сите дружења на Активот кои се одржуваат по три пати месечно. Ги следи предавањата од здравствената заштита, манифестациите, средбите, патувањата, излетите, ги следи фолклорните ревии, спортските натпревари на пензионерите, учествува во посетата на изнемоштените пензионери во домашни услови и многу други активности и случувања на Активот. Неа секогаш и секаде ја има иако е на половина од деветата десетка од животот.

– И натаму со задоволство ќе учествувам во сите активности во зависност од годините и моите физички можности. Единствено, може да ме спречи само ако ми се наруши здравјето, а досега, фала богу, добро ме служи. Активот на пензионерки е мој втор дом, Друга забава немам. Овде со своите помлади активистки, времето ми минува поинтересно, позабавно, исполнето со љубов и другарство. Сето тоа ми прави да не мислам на годините што ми натежнуваат или на некои семејни или какви било проблеми, кои на некој начин сите ги имаме, некој помалку некој повеќе, – вели Ангелеска.

Тетка Ана, раскажува дека нема голем работен стаж. Била вработена само 15–на години во поранешниот охридски Текстилен комбинат „Отекс“. Животот и минал во добра семејна хармонија и со релативно добар животен стандард благодарение на нејзиниот сега починат сопруг. Таа и сега е задоволна од својата семејна пензија.

Покрај во ЗП Охрид и Дебрца, Ангелеска е и долгогодишен активист на Црвениот крст во Охрид. Колку што можела помагала лично со свои средства и облека. Го чинела тоа, бидејќи и таа како дете минала низ многу тежок и сиромашен живот во нејзиното родно село Арбиново од каде што потекнува. Едноставно сака да им помага на луѓето, така ја воспитувале нејзините родители.

За својата активност во ЗП Охрид и Дебрца и Црвениот крст во Охрид, Ана Ангелеска има добиено признанија и благодарници, кои таа грижливо си ги чува. Нејзиното најдраго признание, како што вели е Благодарницата што и беше врачена минатата година од членот на Извршниот одбор Беадин Доко, по повод 65–годишниот јубилеј на ЗП Охрид и Дебрца.

**К. Спасески**

ЗП Куманово

# Меѓугенерациска средба по повод Св.Трифун и Св. Валентин

Една убава традиција продолжува да живее. Имено, по повод празникот на виното и лозјето, односно нивниот заштитник Св. Трифун и Денот на вљубените Св. Валентин, во просториите на ОО на Црвениот крст – Куманово, се одржа веќе традиционалната меѓугенерациска средба на членовите на ЗП Куманово и подмладкарите на Општинската организација на Црвениот крст на Куманово. Притоа, во име на домаќинот присутните ги поздрави новиот секретар на ОО на Црвениот крст на Куманово **Бојан Петрушевски,** кој меѓу другото истакна дека ваквите средби, покрај дружењето, имаат и едукативен и хуман карактер и дека подмлаткарите на Црвениот крст се вклучени во многу вакви акции, особено кога се во прашање старите лица на кои им е потребна помош.

Заблагодарувајќи се на остварувањето на средбата, претседателот на ЗП Куманово, **Спирко Николовски** потенцираше дека ваквиот вид на дружење и соработка помеѓу генерациите е повеќе од потребен со оглед на современите текови на живеење и дека негувањето на традициите и вредностите кои произлегуваат од нив се наше богатство кое треба да се сочува од заборав.

Во оваа прилика претседателката на Комисијата за културно–уметнички самодејности при ЗПК **Славица Ламбаша** младите ги запозна со ликовите и делата на Свети Трифун и Свети Валентин и нивните мисии во зачувувањето на христијанството и неговите вредности во поглед на хуманоста и љубовта меѓу луѓето.

Меѓугенерациската средба беше и прилика за заедничка културно–забавна програма. Членовите на КУД „Ѓоко Симоновски“ при ЗПК настапија со соло песни и во дует, а во изведба на Надежда Булатовиќ (Велика), Славица Ламбаша (Ленче) и Љубица Кузмановска (Донка), беа презентирани инсерти од култната драма „Ленче Кумановче“. Од своја страна, на средбата подмладкарите на Црвениот крст Куманово се претставија со лични творби на тема љубов и хуманост.

Од средбата беше упатена порака за мир, љубов и хуманост меѓу луѓето со желба за одржување на вакви средби и продолжување на традицијата.

**Војче Крстевски**

# Реконструиран дел од Домот за стари лица „Зафир Сајто“



Директорот на Домот за стари лица „Зафир Сајто“ Џемаљедин Неџипи заедно со градоначалникот на општината Куманово Зоран Дамјановски неодамна го пуштија во употреба делот од објектот реновиран од страна на менаџерскиот тим и локалната самоуправа. Според директорот Џемаљедин Неџипи секоја година условите во Домот за стари лица значително се подобруваат, а ова е едно од поголемите реновирања на објектот изграден во 1978 година, по минатогодишното кога беше пуштен во употреба Одделот за геријатрија.

– Тогаш ветив дека ќе продолжиме да инвестираме и во други простории сè со цел нашите корисници да бидат задоволни со нашите услуги за сместување кои ги нудиме. Реновираниот дел т.н. Прв реон што го пуштивме во употреба брои 13 соби, 12 тоалети и едно купатило – вели директорот Неџипи.

Како што додава тој стратешка цел на менаџерскиот тим е на корисниците да им обезбедат активен социјален живот, квалитетни здравствени услуги и добри услуги за сместување.

– За да го зголемиме квалитетот на повисоко ниво ни треба помош и од други субјекти како што се Министерство за труд и социјална политика, општината и други. Во јануари имаме склучено договор за соработка со Општата болница Куманово за визита на интернист и психијатар. Согласно склучениот договор истите еднаш неделно ќе ги прегледуваат корисниците – додава Неџипи.

Според финансискиот извештај на Домот за стари лица за оваа година предвидени се уште 100 илјади денари за реконструкција на други простории во објектот. Реновирањето на Домот за стари лица за оваа реконструкција изнесува 3,6 милиони денари. Според градоначалникот на Општина Куманово на еден град со над сто илјади жители една ваква установа и е многу потребна и важна. Затоа општината заедно со домот се труди да ги подобри условите за живот на старите луѓе од градот, иако во овој дом има станари и од други градови од регионот.

**Р. Митиќ**

ЗП Струга

# Нов циклус работилници

Фондот за здравствено осигурување на Македонија реализира нов, трет циклус теми кои се од посебен интерес на пензионерите. Домаќин на средбата во Струга на 10 март 2016 година беше истоимeното ЗП каде што се одржа работилница, на која присутен беше и директорот на подрачната едница на ФЗОМ за Струга Коста Фармакоски, кој раководеше со работилницата, а како што истакна претседателот на ЗП Милорад Трпоски, во работата учествуваа и Лила Коџоман, началник и Јасмина Филеска искусен едукатор.

Во рамките на проектот „Фондот поблиску до пензионерите” беа организирани заеднички средби во фондовите за здравствено осигурување на подрачната служба во Струга. Во новиот циклус на работилници посебно се дава осврт на специјализираната медицинска рехабилитација и рефундациите. Станува збор за едукација за определени здравствени проекти и услуги кои ги финасира ФЗОМ, но и други теми што се од интерес за пензионерите. Овие едукативни работилници имаат цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за своите права од здравственото осигурување како и за други интересни теми. Во проектот покрај ФЗОМ и СЗПМ, ЗП Струга, се партнер е и Црвениот Крст на Република Македонија и општинскиот Црвен Крст.

**С. Кукунешоски**

Сојуз на ЗП на Град Скопје

# Решавање на приоритетни задачи

Една од приоритетните задачи од Програмата за работа на Сојузот на ЗП на Град Скопје за оваа година беше решавањето на проблемот со сопственоста на Рекреативниот центар Катланово (РКЦ), кој досега беше отстапен само на користење на Сојузот. Всушност, таквиот статус на овој локалитет, за две–три стотина метри оддалечен од бањата во Катланово, наметна финансиски оптоварувања, кои толку нараснаа, што Градскиот сојуз не беше во состојба сам да ги разреши. Извршниот одбор на ГС побара помош од градските здруженија кои на неодамнешниот состанок на Координативниот одбор (составен од нивните претседатели), се согласија да учествуваат во трошоците за легализација на Центарот. Исто така, на состанокот беше презентирана одлуката на Градот Скопје за износот на финансиската поддршка што ја даваше за бесплатен превоз на ЗП со автобус од ЈСП надвор од Скопје, оваа година да се пренамени за решавање на проблемот со сопственоста и легализацијата на РЦК. Според мислењето на претседателот на ИО на ГСЗП, **Методија Новковски**, вакевото здружување на средствата, од кои дел ќе се искористи во завршувањето на реконструкцијата на објектот, ќе вроди плод во натамошното користење на услугите на Центарот по поволни услови за пензионерите главно од здруженијата членки на Градскиот сојуз.

Извршниот одбор на ГСЗП искажува грижа и подготвеност за спроведување и на другите активности од Програмата, а посебно презема мерки за заживување на културно-забавните и спортско–рекреативните активности во своја надлежност. Во таа насока, на неодамнешната седница на ИО беа формирани двете комисии при одборот и тоа: Комисија за културно–забавен живот во состав: Севастија Цветковска Сотировска за претседател и Илија Глигоров и Стојна Тодоровска за членови и Комисија за спорт и рекреација во состав: Благоја Арсиќ, за претседател и Иван Цветановски и Надежда Топаловска, за членови. **С.Ц.С.**

ЗП Тетово

# Неопходна е реконструкција

Просториите во Домот на пензионерите во Тетово се повеќенаменски. Во еден дел сместени се службите на Здружението на пензионерите, на приземјето има посебни простории за клубот, на катот има девет простории за згрижување пензионери кои имаат проблеми со просторното прашање и уште еден – таканаречен, комерцијален дел, издаден под наем за потребите на Здружението. Домот е граден во далечната 1971 година, главно за потребите на старосните пензионери и со основна намена која ја има и во денешно време, но во овие изминати над 40 години, не е извршена никаква реконструкција, главно поради недостиг на финансиски средства на Здружението и недоволно ангажирање на донатори за вакви намени.

– Најлоша е состојбата со просториите наменети за сместување на пензионери со нерешено станбено прашање. Од девет простории за поединци или брачни другари – пензионери, само две се користат. Порано, во Домот имаше сместено и многу повеќе станари, но како изминуваа годините, така и просториите се празнеаа. Што да речам сега: сите овие простории оставени се на забот на времето руинирани и непоправени. Речиси на сите подовите им се оштетени, покривите на некои прокиснуваат, а вратите и прозорците во сите простории одамна не можат да ја обавуваат намената. Ставени сме во ситуација да не можеме да ги издаваме, иако имаме разбирање за станбените проблеми на најкарактеристичните случаи од нашите членови, – ни изјави Шабан Азизи, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите Тетово.

Азизи вели дека пред три – четири години Здружението покренало активност со самоуправна спогодба да ја регулира соработката со сите шест општини на подрачјето. По примерот на меморандумот на СЗПМ и ЗЕЛС на сите градоначалници им биле доставени вакви предлози. Една од заедничките обврски била секоја општина да изврши поправка на барем по една просторија во која би се сместил пензионер или брачни другари од тоа подрачје. За таа цел биле посетени и сите градоначалници од кои било побарано да се вклучат во оваа активност, а и на другите сегменти содржани во самоуправните спогодби. Според Азизи во овој изминат период и покрај неколкуте потсетувања, овие спогодби не биле потпишани од градоначалниците на Желино и Јегуновце. Токму тоа е причина што не биле преземени мерки за реконструкција на сместувачкиот дел на Домот.

Шабан Азизи смета дека до почетокот на овогодишната градежна сезона и општините од подрачјето, а и други донатори ќе помогнат активноста да се зачува Домот на пензионерите и да му се даде вистинска функција. Инаку, во овој момент, најмасновно е посетен клубот на пензионерите каде дневно доаѓаат и по над педесетина пензионери кои низ игри и забава, читање весници и слично, поминуваат дел од своето време, на кое му даваат безгрижност, надраснувајќи ги на тој начин останатите пензионерски проблеми. **Г. Ефтоски**

ЗП Кавадарци, ЗП Велес и ЗП Свети Николе

# Задничка прослава

На 6–ти март 2016 година припадничките на понежниот пол од Кавадарци заедно со пензионерките од Свети Николе и Велес го прославија 8ми март, Денот на жената. На повеќе од 240 жени во ресторанот „Ан-



гропромет Тиквешанка“ најпрво им се обрати претседателката на Активот од Кавадарци **Данча Грозданова** и на сите присутни им посака многу здравје и успех на секој план.

– Навистина во Кавадарци убаво се чувствуваме, не само велешани туку и сите присутни пензионерки. Посебно не восхити убавата кавадаречка музика, – рече покрај другото претседателката на Активот од Велес, **Нада Алексоска**.

Импресиите од оваа средба и меѓусебното дружење на пензионерките со песни и музика во пријатна атмосфера ќе остане долго во сеќавање.

– Чувството е преубаво и атмосферата е прекрасна и весела. Ние припадничките од Свети Николе, околу осумдесетина, убаво се забавуваме и ваков репертоар и музика се за секоја пофалба, – изјави **Лилјана Наумова**, претседателка на светиниколчанки.

Празникот на пензионерките им го честиташе и претседателот на ИО на ЗП Кавадарци **Ристо Анѓушев** кој им посака долг живот и убаво исполнети пензионерки денови.

Одличната соработка на овие три здруженија уште еднаш се покажа на дело со масовната присутност на оваа



прослава. Во иднина од Ативот планираат да организираат еднодневна екскурзија во Крушево, донирање на играчки и алишта за деца кои ќе бидат наменети за штитениците во Демир Капија. По повод 22 март Денот на пролетта одржано е пашачење до месноста Љубаш и уште многу други активности. **Мартина Митков**

ЗП Кочани

# Фондот за здравство поблиску до пензионерите

Фондот за здравствено осигурување и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија продолжуваат со едукативните предавања од областа на здраството наменети за пензионерите. Според програмата се планира одржување на серија предавања со пензионерите на актуелни теми од областа на здравството кои ќе се реализираат во 30 здруженија низ Македонија.



Вакво предавање на 3 март се одржа во управната зграда на ЗП Кочани на тема „Право на рефундација“ и „Остварување на право на специјализирана медицинска рехабилитација“.

Предавачи беа д–р. **Лила Кочоман**, лекар по општа медицина и **Блерим Османи**, дипломиран правник. Предавањето го следеа голем број пензионери и пензионерки од Кочани и од соседните ограноци, при што беше искажан интерес за поедини прашања, на кои беа дадени стручни одговори. **К. Герасимов**

ЗП Куманово

# Пензионерско поетско доживување

Денот на жената, Осми март, со повеќе активности е одбележан меѓу пензионерската популација на Куманово. Врвна манифестација беше традиционалната Поетско–музичка вечер, одржана во Центарот за култура, на која на распишаниот литературен конкурс на тема: „Бабите за своите внучиња“, се претставија десетина пензионерки и пензионери.

Пригодната вечер започна со песната „Црвени рози“ во исполнение на мешовитиот хор на КУД „Ѓоко Симоновски“. Веднаш потоа, претседателот на здружението **Спирко Николовски**, им го честиташе Денот на жените и им подари по еден цвет.

Поетските доживувања со своите внучиња во стихована форма ја пренесоа Живка Милошевска, Вера Манева,



Богатин Јосимовски, Зора Ивановска, Исмаил Ганију, Кирил Илиевски, и Јагода Томовска, кои беа наградени со по една книга.

Вечерта ја разубавија членовите на културно–уметничкото друштво „Ѓоко Симоновски“ со неколку хорски изведби под диригентска палка на професор Коста Косе. Со повеќе песни, посветени на жената, се претставија: Боге Манојловски, Слободанка Димковска и Вера Маневска.

Денот на жените со неколку преубави песни им го честита и популарната македонска интерпретаторка Маргица Антевска, а танцовата двојка од клубот „Динамик“, Симона Димитровска и Никола Петровски, пред присутните изведоа латино – американски игри.

Во чест на празникот забавни вечери беа организирани во ресторанте „Грација“ и „Парк“, како и во неколку клубови на пензионери. **С.Н.**

ЗП Крушево

# Прослава по повод 8-ми март

Активот на пензионерки при ЗП Крушево, по повод 8–ми Март – Денот на жените организираше заедничка прослава и дружење. Прославата се одржа во салата на Пензионерскиот клуб на која присуствуваа над 70 пензионерки.

Претседателот на ИО **Глигор Ангелески** ги поздрави присутните и им го честита 8–ми Март – Меѓународниот ден на жената. Претседателката за Активот д–р **Савка Христоска** ги запозна присутните со позначајните активности кои се планирани во Програмата за работа на Активот на пензионерки за 2016 година.

Во прекрасен амбиент и добро расположение, придружени со жива музика, пензионерките ги заборавија секојдневните проблеми и им се препуштија на музиката, песните и ората се до касните вечерни часови.

Ова прослава, која секоја година се одбележува во ЗП Крушево, наиде на голем одзив и искрено задоволство од страна на пензионерки. **Г.А.**

ЗП Велес

# Блакцата на нашите баби - дел од македонскиот идентитет



По 21 пат, на 13 февруари 2015 година, Здружението на пензионери од Велес ја одржаше манифестацијата „Блакцето на баба“. На Манифестацијата учествуваа над 300 пензионери и пензионерки речиси од сите здруженија членки на СЗПМ. Најбројни беа од Радовиш, но зад нив не заостанаа ни пензионерите од Градско, Охрид и Дебрца, Дебар, Неготино, Тетово, Свети Николе, Штип и Карбинци, Кочани...



Прв присутните ги поздрави градоначалникот на Општина Велес, Славчо **Чадиев,** а добредојде им посака и домаќинот, претседателот на ЗП Велес, **д-р Веле Алексоски**. Манифестацијата ја отворена ја прогласи претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски**. Тој во своето обраќање се задржа на програмата на Сојузот за 2016 година која веќе започна да се реализира. Говореше и за покачувањето на пензиите, за овозможувањето на пензионерите бесплатен превоз со новите возови, потоа за бесплатното бањско лекување, бесплатните викенди за пензионери и многу други работи кои веќе се реалност.

На средбата, пензионерките од цела Македонија се претставија со многуте благи специјалитети кои со себе ги донесоа. Манифестацијата „Блакцето на баба“ и годинава имаше хуманитарен карактер. Новина е тоа што по повод оваа манифестација од страна на ЗП Велес беше издаден и прирачник со повеќе рецепти за нашите старински блакца. Мотото под кое се одржа манифестацијата „Блакцата на нашите баби–дел од македонскиот идентитет“ не случајно се најде на прво место на овој прирачник. Се сакаше да се истакне дека целта на оваа манифестација, како и издавањето на прирачниот е да си го зачуваме она што е наше, да се идентификуваме и на овој начин и да ја продолжиме нашата традиција за да не се изгубат корените од нашето дамнешно постоење.

Во попладневните часови гостите се разделија со ветување дека догодина манифестацијата ќе биде уште повеќе посетена, а домаќинот се обврза времето на одржување да биде сменето и средбата „Блакцето на баба“ да се одржи во март кога е потопло. **Нада Алексоска**

ЗП Неготино

# Пензионерите мирно ќе ја дочекаат зимата

Како секоја година, така и оваа, ЗП Неготино на своите членови навреме ќе им обезбеди доволни количини огревно дрво. Имено, за грејната сезона 2015/2016 година Здружението има склучено договор со јавното претпријатие „Македонски шуми“ за набавка на огревно дрво преку подружниците „Демир Капија“ за 3.000 метри кубни даб и 500 метри кубни бука и со „Бор“ од Кавадарци за 1.500 метри кубни даб. Во минатите години пензионерите од Неготино запишуваа од 2.000 до 3.000 метри кубни дрва, а оваа година се зголеми бројот на 5.000. Носењето на огревното дрво ќе започне во месец мај и според договорената динамика треба да заврши до октомври.

– Се надеваме дека оваа година набавката на огревно дрво ќе се одвива според договорената динамика и пензионерите ќе бидат навреме обезбедени. Членовите на здружението ја имаат таа поволност што дрвата ги уплатуваат на седум рати и предност при носењето на дрва ќе имаат оние пензионери кои ја имаат исплатено сумата во целост, – рече **Петар Захарчев**, претседател на ЗП Неготино. **И. Е.**

ЗП Кисела Вода

# Коориднирана соработка за поуспешно работење



Собранието на ЗП Кисела Вода на 23 февруари одржа прва седница во 2016 година на која присуствуваа претседателот на ЗПМ Драги Аргировски и секретарот на ИО Станка Трајкова. Со седницата раководеше претседателот на Собранието **Јован Ќирковиќ,** кој даде вовед за работата на органите и телата во 2015 година и наведе некои позначајни активности во ограноците и пензионерските клубови. Претседателот на Надзорниот одбор **Петар Паунов** поднесе извештај за финансиското работење и ја образложи Завршната сметка за 2015 година, со позитивен заклучок за правилно планирање и трошење на средствата. Потврда за ваквата оценка за постигнатиот успех, даде и претседателот на ИО **Васил Зимбаков**, кој најави во наредниот период подобрување на условите за работа и дејствување во сите ограноци.

Во своето обраќање претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** упати честитки за позитивното салдо на завршната сметка и истакна дека ЗП Кисела Вода е едно од здруженијата на кое поради бројноста треба да се гледа со респект и во 2016 година се очекувааат уште поголеми активности, кои во оваа година ќе бидат во знакот на одбележувањето на 70–годишниот јубилеј од пензионерското организирање. Тој информираше и за придобивките на СЗПМ од соработката со институциите кои се поврзани со унапредувањето на стандардот на пензионерите.

Секретарот на ИО на СЗПМ **Станка Трајкова** даде образложение за одлуките од областа на правото и некои други објаснувања, кои се правна рамка (патоказ) за координирање на соработката и меѓусебните односи на ЗП и Сојузот. Извештајот за финансиското работење, Завршната сметка за 2015 година, како и Записникот на централната пописна комисија, беа едногласно усвоени На крајот од седницата на 24 пензионери им беа врачени благодарници за постигнатите успеси, со желба за подобри резултати во наредниот период.

**Елица Даниловска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Континуитет на успеси



Собранието на ЗП Охрид и Дебрца на 26.2. 2016 година ја одржа третата седница на која покрај членовите на Собранието, ИО, НО, Комисијата за статут и правни прашања, присуствуваа и гости од соседните здруженија и други соработници. Извештај за работата на органите и телата на ЗП за минатата година поднесе претседателот **Ѓорѓи Трпчески**, а за материјално–финаниското работење на ЗП и на Клубот на пензионерите, претсеателот на НО **Крсте Жилески**. Оценето беше дека во 2015 година успешно и домаќински се работело, а како резултат на тоа, Годишната завршна сметка, едногласно беше прифатена. На седницата присуствуваше потпретседателот на Собранието на Сојузот **Бесник Поцеста**. „Ме радува што и покрај проблемите што ги имавте, успевате да го задржите континуитетот на позитивно и успешно работење во сите обасти, особено во спортот и културата. Вашето успешно работење е и наш успех, а сето тоа е резултат на добрата соработка со СЗПМ“.

Членовите на Собранието ги поздравија и претседателот на збратименото ЗП Солидарност Аеродром **Димитар Богатиноски** и претседателот на ЗП Струга **Мирко Трпоски**.

Во дискусијата учествуваа и **Александар Иваноски, Слободан Пупиноски, Зоре Мицкоски, Владо Милошески, Ристо Трајкоски, Стефан Владимиров, Ристо Климоски** и други.

**К. Спасески**

ЗП Солидарни пензионери – Илинден

# Придобивки од соработката со општината

Собранието на ЗП Солидарни пензионери од Илинден, под раководство на претседателот **Васе Ѓорѓиевски**, на 27 февруари одржа



седница во проширен состав, на која присуствуваа и претседателите на ограноците и на Надзорниот одбор. На седницата беа усвоени Извештајот за работата во минатата година, Извештајот на приходи и расходи, Финансискиот план и Програмата за работа за 2016 година.

Акценти од Извештајот за работата на Извршниот одбор и на Собранието поднесе претседателот на ИО **Благоја Атанасовски,** кој на почетокот нагласи дека Извршниот одбор во минатата година успешно ги реализираше целите и задачите предвидени со програмата. Од бројните активности во изминатата година се задржа на постигнатите резултати во соработка со локалната самоуправа за отворање нови клубови за пензионерите, за хуманитарните акции, а посебен акцент даде на учеството и задоволителните резултати што се постигнати на регионалните и републичките спортски игри и фолкорни ревии. Тој нагласи дека се реализирани две екскурзии за над 200 пензионери од сите ограноци, а акцијата за снабдување на пензионерите со огревно дрво завршила успешно. На сите тие и на многу други активности, акцент ќе биде ставен и во оваа година.

Претседателот на Надзорниот одбор, **Винко Ангеловски**, рече дека било разгледано финансиското работење на Здружението, и е констатирано дека средствата се трошеле домаќински и рационално. Во дискусијата по сите документи учествуваа: **Цане Антовски**, **Миле Љубовски**, **Тоде Илиевски**, **Винко Ангеловски**, **Тоде Нацевски** и други, а се оцени дека и двата извештаи се сеопфатни и даваат реална слика на активностите и за наредните задачи.

**Васил Пачемски**

ЗП Пробиштип

# Задоволни од постигнатото

На 26.02. ЗП Пробиштип оддржа отчетна седница на која се расправаше за финансиското работење и за работењето на комисиите на здружението. Краток пресек на активностите во 2015 година направи претседателот на здружението **Груица Манасиевски** кој истакна:

– Зад нас е уште една успешна година во која ги реализиравме сите планирани активности и постигнавме солидни резултати. Одржавме неколку едукативни предавања, а беа посетени и повеќе пензионери во руралните средини на кои им е неопходна лекарска помош. Соработката на локалната самоуправа и градоначалникот и во 2015 година беше на високо ниво. Исто така на завидно ниво е и соработката со ОО на Црвениот крст. На полето на спортот имавме резултати, а КУД „Весели пензионер” од настапи на фестивалите се врати со врвни признанија. Во дискусијата се вклучија поголем дел од присутните кои го истакнаа задоволството од реновираниот простор на пензионерскиот клуб во кој им е достапен и дел од дневниот печат како и месечните изданија на „Пензионер плус“ и „Пензионерски видици“. Бањско и климатско лекување од Пробиштип искористиле 92 пензионери, од кои 30 преку здружението, а останатите преку ПИОМ. 18 пензионери користеа и бесплатен викенд одмор.

Во минатата година се организирани 10 екскурзии со околу 1000 посетители, при што се посетени значајни локалитети во нашата земја. Најголемиот дел од активностите се финансирани или поддржани со сопствени средства на здружението што говори дека и во делот на финансиите се работело многу одговорно и домаќински. Задоволни сме од постигнатото, а така ќе пртодолжиме и во 2016 година, – заклучија присутните на седницата. **М. З.**

ЗП Струга

# Успешно изработена завршната сметка

Според зборовите на претседателот на ЗП Струга **Милорад Трпоски** и сметководителот **Гаврил Анџеличиноски**, стручно изработена и навреме предадена е завршната сметка за 2015 година. После одржаната работолница организирана од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија за едукација на претседателите и на сметководителите на здруженијата членки на Сојузот за правилно финасиско и домаќинско работење, што се одржа во јануари во Велес за составување финасиски извештај и годишна сметка беше изработен финансиските извештај на ЗП Струга. Значењето на едукацијата на претседателите и на сметководителите се покажа мошне корисно и се потврди во практиката.

Сметководителот на ЗП Струга, Гаврил Анџеличиноски, на седницата истакна:

– На работилницата беа расчистени сите дилеми во врска со подготвувањето на финасиските извештаи и на завршните сметки во здруженијата на пензионери за 2015 година. Исто така многу ни помогна и прирачникот кој содржеше многу конкретни примери.

Благодарение на ваквата грижа на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија за законско работење и оваа година, како и во изминатиот период нема констатирано слабости и негатвни состојби или незаконско работење од инспекциските и од надзорниот одбор во нашето здружение.

**С. Кукунешоски**

ЗП Прилеп

# Пензионерот во фокусот на дејствувањето



На неодамнешната седница на Собранието на ЗП Прилеп, покрај 35–те членови и претседателите на 19–те ограноци, присуствуваше и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Во своето излагање претседателот на ЗП Прилеп, **Кирил Ѓорѓиески** истакна дека ова здружение е едно од поактивните во Републикава, кое од година во година постигнува се подобри резултати.



- Пред десетина години ова ЗП имаше само 2 клуба на пензионери, а сега ги има 10, а во план е отворање на уште неколку. Тенденција е секоја година да отвораме по еден клуб и во населените места, – истакна, покрај другото, претседатело Ѓорѓиески.

– Во оваа јубилејна година одбележуваме 70 години од пензионерското здружување и по тој повод ќе организираме повеќе активности на ниво на Сојузот и во здруженијата. Годинава 5.500 пензионери ќе користат бесплатно бањска рекреација, а имаше и бесплатен викенд–превоз со возовите на МЖ за пензионерите. Посебно сме ангажирани за усогласување на пензиите со платите. Во соседството, во регионот, во државите насекаде пензиите се пониски отколку кај нас. Наш интерес е навистина да имаме што подобри услови за живеење на нашите членови од третото доба. Посебно водиме сметка да имаме добро информирани пензионери, кои со тоа ќе бидат и добри граѓани на Република Македонија, – истакна во своето обраќање претседателот на СЗПМ, **Драги Аргировски**.

Делегатот од Прилеп и член на ИО на СЗПМ, **Илија Адамоски** во својата дискусија говореше и за потребата за делегирање на членови, пензионери во Советот на Општината и во други институции од интерес на пензионерите.

Собранието го прифати Финансискиот извештај за работата на Здружението во минатата, а и Програмата за работа во оваа година.

**К. Ристески**

ЗП Кочани

# Планско и домаќинско работење





Собранието на ЗП на Кочани на 26 февруари ја одржа својата редовна годишна седница на која беа разгледани и усвоени Извештајот за работата и Финанскиот извештај за минатата година, како и Завршната сметка за 2015 година. Седницата ја отвори и воведно излагање за работата на здружението во 2015 година поднесе претседателот Серафимов, кој најпрво ги поздрави гостите и изрази задоволство за присуството на претседателот на СЗПМ и градоначалниците на општините Кочани и Зрновци.

Истакнувајќи ги резулатите што ги постигна Здружението минатата година, претседателот **Ѓорѓи Серафимов** ги назначи и основните активности од Програмата за работа за 2016, на кои ќе се фокусира Извршниот одбор.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** во своето обраќање го истакна значењето на редовната исплата на пензиите, нивното зголемување, грижата за бањско–климатска рекреација и одмор и социјалната заштита, кои се, како рече, постојана обврска на СЗПМ. Тој, исто така, истакна дека ЗП Кочани е едно од најактивните во државата и се надева дека таквиот рејтинг ќе го задржи.

– Она што е значајно во соработката со ЗП Кочани е настојувањето годинава да ја отпочнеме изградбата на домот за стари лица во Кочани, за што посебно правиме напори. Ветувам дека годинава и тоа ќе се случи на општо задоволство на пензионертите – истакна градоначалникот на Кочани, **Ратко Димитровски**.

За соработката и поддршката на здружението говореше и градоначалникот на Зрновци **Блаже Станков.**

Во расправата за работата во 2015 година учествуваа повеќе членови на Собранието и беше заклучено дека Здружението ги реализирало сите програмски задачи и наменски и домаќински ги трошело планираните финансиски средства.

**К. Герасимов**

ЗП Кичево

# 2015. со позитивни резултати



Деновиве ЗП Кичево на својата отчетна седница на Собранието ги разгледа Извештаите за работа на здружението за 2015 година. Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието **Мехмед Мехмеди**, а воведно излагање по извештаите за работа даде секретарот на здружението **Добре Лазарески.** Присутните на седницата на Собранието ги поздрави и претседателот на здружението **Љубомир Лукароски**.

Собранието едногласно ги усвои двата извештаи за 2015 година. Потоа беше донесена одлуката за усвојување на завршната сметка. На седницата беше пријатно да се слушне констатацијата на книговодителката **Надица Ангелеска** дека по неколку години, ова здружение бележи позитивно работење. Во своите дискусии делегатите истакнаа дака во 2015 година Здружението остварило добра соработка со општинската организација на Црвениот крст во Кичево предводена од секретарот **Бесник Селими**, со кој се остваерени повеќе предавања и работилници за заштита и подобрување на здравјето на пензионерите кои не ги изоставија барањата до локалнната самоуправа за подобра соработка, како и за обезбедување на бесплатен превоз до поодалечените селски средини барем еднаш во месецот. Делегатот на ИО на СЗПМ **Душан Ристоски** ги запозна присутните со работата на Сојузот во 2015 година, како и со активностите во врска со одбележувањето на 70 години пензионерско организирање во Македонија.

**А. Ристоска**

Интервју со Бранко Раковец, амбасадор на Словенија во Република Македонија

# Придонес за подостоинствен живот на пензионерите

Разговорот со Бранко Раковец, амбасадор на Словенија во Македонија, го започнавме со заедничка констатација дека односите помеѓу нашите држави се традиционално добри – пријателски и партнерски во сите области, а поинтензивна соработка на политички, економски, културен и научен план е воспоставена по распаѓањето на некогаш заедничката држава на двете земји. Ништо помалку во тој однос не заостанува и соработката помеѓу пензионерските организации и надлежните институции кои се грижат за остварување на правата на пензионерите врз основа на постојните законски прописи. Таквата соработка се манифестира во размената на искуства и придонесот кон обезбедувањето здраво, активно и достоинствено стареење на припадниците на третата животна доба.

**Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, со пензионерската организација од Словенија остварува традиционална соработка во повеќе области со размена на искуства и тежиште на афирмирањето на културните дејности. Има ли потреба за поширок опфат на содржини во интерес на пензионерите од двете страни?**

– Ме радува што е одлична соработката помеѓу пензионерските сојузи на Македонија и Словенија во областите што ги опфаќаат и верувам дека во меѓусебната размена на искуствата можат да изнајдат и воспостават други содржини и облици што се од интерес за пензионерите од двете земји. Поаѓајќи од фактот дека како словенечкото, така и македонското општество старее (процентуално поголем е бројот на стари лица во населението), се наметнува потребата за поширок опфат на активности од кои ќе имаат корист токму пензионерите. Затоа може да очекуваме дека во иднина ваквите организации уште повеќе ќе добијат на значење, особено што тие придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот на постарите лица. Иако, како активен член на општеството не сум толку запознаен со активностите на македонските и словенечките пензионерски здруженија, верувам дека и во иднина ќе работат на продлабочување на контактите и збогатување на односите помеѓу македонскиот и словенечкиот народ.

**СЗПМ како лидер на пензионерското организирање на Балканот минатата година на Фестивалот за трето доба во Словенија поведе иницијатива за одржување Балканска ревија на песни, музика и игри, што беше поддржана од повеќе земји учеснички, а Македонија да биде домаќин на една ваква меѓународна културна манифестација. Какво е вашето мислење за тоа?**

– Ги поздравувам вашите активности, кои се резултат на секојдневниот ангажман во животот на Македонија. Многу е значајно за општествениот политички живот во Македонија, иако не сте веќе работно активни, да помагате при активниот развој на општеството. Затоа, може само да ви честитам за ангажманите, особено за активностите кои ги поврзуваат народите во регионот и придонесуваат за развојот на добрососедските односи.

**Главната мисија на раководствата на пензионерите е обезбедување побезгрижен и подостоинствен живот на членството и помош во решавањето проблеми и спорни прашања по разни основи. Поранешното живеење и работа на нашите и вашите граѓани во заедничката држава создаде проблеми околу признавањето на стажот и остварувањето соодветна пензија. Каква е сега состојбата?**

– Во Словенија раководствата на пензионерите се многу активни и на сите можни начини се борат за остварување на правата што им припаѓаат по законот. Тие се најранливиот дел на општеството, затоа треба да им се обраќа посебно внимание, како и на младите, но за основните права пензионерите сепак треба сами да се изборат.

Колку што ми е познато во Словенија не постојат проблеми околу признавањето на стажот како остаток од поранешното заедничко живеење во иста држава. Тоа е соодветно регулирано согласно законите што ја третираат оваа проблематика. Доколку постојат индивидуални случаи, тие може да се решаваат низ правниот систем. Од случај до случај е различно, и за нив се одговорни надлежните органи.

Во Словенија во моментов предизвик за Владата е токму спроведувањето на пензиската реформа, поради стареењето на населението, што значи дека ние сè уште активните членови на општеството ќе мора да работиме подолго од претходните генерации. Што се однесува до тоа кога јас ќе заминам во пензија, тоа зависи од бројот на реформи кои ќе ги доживеам, но најверојатно ќе морам да работам до мојата 68 година. Цела Западна Европа веќе така работи.



**Како се организирани Словенците во Македонија и има ли меѓу нив припадници на третото животно доба?**

– За жал не можам да кажам колку Словенци живеат во Македонија, но знам дека за остварување на некои свои потреби, главно културно–забавни, едукативни, рекреативни и други активности, мошне добро се организирани. Во Македонија постојат три здруженија и тоа „Франце Прешерн“ и „Словенски центар“ во Скопје и „Триглав“ во Битола. Во нив се вклучени сите генерации на тукашните Словенци и нивните потомци. Во неколку прилики имав можност да видам дека во едно од здруженијата најголем број се токму пензионерите, кои покрај младите, се едни од најактивните членови. Тие организираат разни активности низ кои се дружат, го исполнуваат слободното време и живеат богат културен живот во третата животна доба.

**Словенците, речиси сите, што живеат во Македонија, добро говорат македонски. И Вас сум ве слушал при едно службено обраќање во Штип да зборувате македонски. Од каде доаѓа таквиот интерес или дарба да се зборува македонски јазик?**

– Можам да ви кажам дека и сите Македонци, кои сум ги запознал во Словенија, одлично го зборуваат словенечкиот јазик. Мислам дека случајот е ист и со Словенците во Македонија. Кај мене преовлада личниот интерес да се научи јазикот на локалното население, што ми помага во мојата работа и во мојата мисија во Македонија. Несомнено поради знаењето на јазикот, моите контакти со луѓето се многу подиректни и поавтентични. Јазикот е основна алатка, која помага да можеш правилно да ги разбереш другите народи и нивната култура.

**Мендо Димовски**

Заменик–министерот за труд и социјална политика Диме Спасов ги посети Катлановска Бања и Дојран

# Пензионерите задоволни од проектите на Владата

Заменик–министерот за труд и социјална политика **Диме Спасов**, деновиве ја посети Катлановска бања, каде и оваа година продолжува Проектот за бесплатна бањска рекреација.

– Проектот „Бесплатна бањско–климатска рекреација" досега имаа можност да го искористат над 32.600 пензионери. Годинава ќе бидат опфатени 5.500 пензионери. Буџетот за реализација на овој проект е 38 милиони денари, од кои 35 милиони се за покривање на шест полни пансиони, бањско–климатска рекреација и соодветни здравствени прегледи и околу три милиони денари за покривање на трошоците за превоз на корисниците на оваа услуга.



Очекуваме бројот на корисници да се исполни до мај годинава, на смени кои се однапред определени и за кои корисниците на пензија се информирани. Оние кои нема да ја искористат оваа услуга, тоа ќе го сторат во септември кога проектот ќе продолжи. Овој проект, ја покажа својата успешност и по шестата година од својата реализација и е показател за напорите и заложбите на Владата за подобрување на животот на пензионерите.

Континуираното зголемување на пензиите, подобрувањето на животниот стандард, бесплатниот превоз во јавниот сообраќај, како и овој проект „Бесплатна бањско–климатска рекреација", го подобруваат психофизичкото здравје на пензионерите, нивната виталност и социјализација. Проектот продолжуваме да го реализираме и како резултат на барањето за негово продолжување од страна на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и нивните членови, – истакна заменик–министерот за труд и социјална политика Диме Спасов при посетата на Катлановска Бања.

Заедно со заменик–министерот за труд и социјална политика Диме Спасов во Катланово беше и претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, **Драги Аргировски**. Тој информираше дека пензионерите се многу задоволни од овој проект кој, како што рече, покажа видливи резултати.

– Пензионерите коишто дојдоа во Катлановска бања, искажуваат голема благодарност кон Владата и Министерството за труд и социјална политика бидејќи тие овде се социјализираат, се рекреираат и создаваат пријателства, што е многу важно за животот на луѓето од третата животна доба, – истакна претседателот Аргировски.



Во рамките на проектот, пензионерите освен во Катлановска бања, имаат можност да престојуваат и во Дебарски бањи, Негорски бањи и Бања Банско.

Заменик–министерот за труд и социјална политика Диме Спасов неодамна ја посети и општина Дојран и присуствуваше на започнувањето на Проектот бесплатен туристички викенд за пензионери.

– Со реализација на Проектот бесплатен туристички викенд за пензионерите започнавме минатата година, а како резултат на задоволството на сите учесници го продолжуваме и оваа година. За продолжување на истиот е иницијатива и од Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. – изјави заменик министерот Спасов и додаде дека Владата и понатаму ќе продолжи со реализација на проекти што го подобруваат квалитетот на животот на пензионерите.



Во своето обраќање до присутните тој меѓу другото информираше дека бесплатниот туристички викенд ќе трае до мај и се очекува околу 2.500 пензионери да ја искористат оваа бесплатна услуга која опфаќа два полни пансиони и бесплатен превоз во еден од туристичките центри – Охрид, Преспа, Дојран, Берово или Крушево. За реализација на овој проект издвоени се околу 9 милиони денари. Проектот ќе продолжи во септември кога уште 500 пензионери ќе ја искористат оваа бесплатна услуга и бројката ќе се заокружи на 3000 пензионери.

– Овој проект, влијае и на раздвижување во туристичките центри во Македонија во месеците кога има помал број на туристи, а исто така влијае и за подобурвање на животот на корисниците на пензија во Република Македонија.

И градоначалникот на општина Дојран **Борче Стамов** искажа задоволство што првата група пензионери за годинава својот бесплатен туристички викенд го почнува токму од општина Дојран и рече:

– Во Дорјан викендов има пензионери скоро од сите градови од Македонија. Првата група е од Источна Македонија, а во наредните викенди ќе доаѓаат и од други градови од земјата. Проектот е од посебно значење за местата како Дорјан, особено во месеците кога не е висока сезона и нема поголем број на посети и туристи.

**К.С. Андонова**

Промоција на книгата „Судбини“ од Калина С. Андонова

# Разкази од албумот на животот

– Секој расказ е една сликичка од албумот на животот, почувствуван човечки и интимно. Секој расказ зборува за луѓето што секојдневно ги среќаваме, со кои разговараме или се дружиме без да го видиме и почувствуваме она што тие го носат во својата душа. Сето тоа, набљудувачкото око на Калина Сливовска – Андонова успева да го види и тоа мошне успешно. Одбраните теми од животот отсликуваат судбини најчесто на возрасни луѓе со нивните текоби и надежи. Тоа е така бидејќи таа е таква и како личност и лесно ги препознава маките и радостите на луѓето, секогаш подготвена да помогне, но и да сослуша. Од сето тоа се исплетени нејзините кратки разкази кои во литературата спаѓаат во еден од потешките литературни форми, бидејќи во нив со малку зборови треба да се каже многу. Она што посебно ми се допаѓа во кратките раскази на Андонова е што во нив доминира потикнувањето на доброто за да го победи лошото, желбата да се зголеми довербата на луѓето и нивната љубов, како и надежта кон животот и иднината, – рече рецензентот на книгата Драги Аргировски.



– Книгата од Калина Сливовска – Андонова насловена како „Судбини“, плени со многу кажаното во малку редови и содржи триесет и четири раскази, кој секој како да ни шепоти за длабоките тајни на животот. Приказните во нив исткаени во душата на авторката ни ја раскажуваат приказната за нас самите, за тајните на нашето срце и дух, за нашето место во животот. Во нив таа се обидува да ги најде скриените клучеви на човековата душа и во тоа е мошне успешна. Читајќи ги судбините на нејзините ликови, се раѓа мислата и желбата за блискост, човечност, споделување и на доброто и лошото, а тоа чувство како невидлива и ненаметлива порака допира до вистинскиот читател. Читајќи ги разказите честопати ќе најдеме во нив одмор на нашите од секојдневието уморни души, но и сознание дека во искушенијата не сме сами, и дека секогаш има некој зрак на надеж, – истакна вториот рецензент Таска Гавровска.




– Книгата „Судбини“ на Калина Сливовска – Андонова се чита во еден здив. Книгата впрочем е таква каква и што е и личноста на авторката. Иако животниот век го поминала во други области како инжинер по електроника, таа и овој пат како и во многу други области успешно се претставува и во овој домен. Расказите се поучни и реални бидејќи Андонова и во животот знае да помогне, да сослуша, но и знае да критикува ако за тоа е потребно. Темите во рсказите се интересни бидејќи таа поседува знаења од многу области и се доказ за уште една успешна пензионерска активност, – истакна на промоцијата Станка Трајкова.

За книгата со одбрани и убави зборови зборуваше и водителката Цветанка Илиева.

– Расказите поместени во книгата „Судбини“ на Калина Сливовска – Андонова се полни со позитивна енергија. И во оваа област таа се претставува успешно, впрочем како и во сè друго што го прави. Читањето и пишувањето го храни умот и душата, можеби и затоа таа го избрала тоа како преокупација во нејзините пензионерски денови. Од се срце ви ја препорачувам да ја прочитате оваа интересна книга која може да ве расплаче растажи, но и да ве насмее.

На крајот Калина Сливовска – Андонова се заблагодари за убавите зборови и на СЗПМ кој финансиски ја поддржа книгата.

**Ц. Илиева**

# Konkluzione nga KE i LShPM

Me rastin e shënimit të "70 vjetorit të organizimit pensionistë në Maqedoni 1946-2016", Këshilli ekzekutiv i LShPM në mbledhjen e mbajtur më 18.02.2016 vit ka aprovuar këto konkluzione:

1. Të formohet Këshill organizativ për shënimin e jubileut. Këshilli të mbaj mbledhje në mars dhe qershor 2016.

2. Të mbahet Akademi solemne për jubileun më 20.09.2016.

3. Për patronazh të ftohet kryetari i Republikës së Maqedonisë prof. D-r Gjorgje Ivanov.

4. Të dërgohet Propozim tek kryetari i RM për ndarjen e dekorimeve LShPM me rastin e jubileut.

5. Të ndahen mirënjohje institucioneve me të cilat LShPM bashkëpunon periudhë më të gjatë.

6. Të ndahen mirënjohje për kryetarët e komunave të cilët kanë kontribuar në punën e LShPM dhe të shoqatave.

7. Të ndahen mirënjohje aktivistëve të dalluar nga lëmi i sportit, jetës kulturore-zbavitëse si dhe anëtarëve tjerë të meritueshëm.

8. Të përgatite monografi në kolor "70 vjet organizim pensionistë në Maqedoni 1946-2016", me tirazh 1.000 kopje në gjuhën maqedonase dhe një pjesë në shqip dhe anglishtë. Monografia të promovohet deri më 01.12.2016.

9. Në muajin maj të vitit 2016, të botohet libri "Shënime arkivore për organizimin pensionist në Maqedoni" nga autori Ilija Gligorov, në 100 kopje.

10. Në muajin qershor të shpallet libri i ri publicistik nga Dragi Argirovski "Argumentet e ndriçojnë të vërtetën", për problematikën aktuale pensioniste në 500 kopje.

11. Nëse nga Unioni evropian ose nga donatorë të tjerë sigurohet financim i tërësishëm, LShPM në Shkup, të organizojë manifestim ndërkombëtar "Revyal ballkanik i këngëve, muzikës dhe valleve".

12. Të gjitha manifestimet të cilat do të organizohen në vitin 2016 nga Shoqatat e pensionistëve të jenë në frymën e jubileut "70 vjet organizim pensionistë në Maqedoni ".

**LShPM**

ShP Ohër dhe Debarcë

# Vazhdimësi në punë të mirë

Kuvendi i ShP Ohër dhe Debarcë, më 26.02.2016, ka mbajtur mbledhjen e tretë në të cilën përveç anëtarëve të Kuvendit, KE, KM, Komisionit për Statut dhe çështje juridike, kanë marrë pjesë edhe mysafirë nga shoqatat fqinje dhe bashkëpunëtorë tjerë. Raport për punën e organeve dhe trupave të ShP për vitin e kaluar ka dhënë kryetari Gjorgji Tërpçeski, ndërkaq për punën materiale financiare të ShP dhe të Klubit të pensionistëve, kryetari i KM Kërste Zhileski. Është vlerësuar se ShP dhe Klubi në vitin 2015 kanë punuar me sukses dhe me nikoqirllëk në pajtim me detyrat programore, ndërkaq, si rezultat i saj, llogaria përfundimtare e cila është vënë në UEB faqen e shoqatës, njëzëri është aprovuar nga të gjithë anëtarët e Kuvendit.

Në mbledhje ka marrë pjesë dhe në emër të kryetarit të LShPM Dragi Argirovski, të pranishmit i përshëndeti nënkryetari i Kuvendit të Lidhjes Besnik Pocesta.

- Më gëzon që, edhe përkrah problemeve të cilat i keni pasur, keni mundur të mbani vazhdimësinë e punës të suksesshme në të gjitha sferat e sidomos në sport dhe kulturë, ndërkaq, kontribut për atë ka edhe përkrahja e kryetarit Argirovski. Puna e suksesshme e juaja është sukses edhe i yni, ndërkaq, e gjithë ajo është rezultat edhe i bashkëpunimit me LShPM, e cila gjithnjë për ju ka mendim të lartë - ka thënë Pocesta.

Anëtarët e Kuvendit i ka përshëndetur edhe kryetari i ShP të vëllazëruar Solidarnost Aerodrom Dimitar Bogatinovski i cili vitin e bashkëpunimit e ka vlerësuar të suksesshëm dhe njëherësh ka shprehur kënaqësi që shoqata e Ohrit është një ndër më aktivet në Republikë.

Fjalë përshëndetëse në mbledhje ka thënë edhe kryetari i ShP të Strugës Mirko Tërposki, i cili edhe ka iniciuar çështjen e ndërtimit të shtëpive për persona pleq edhe në qytetet fqinje, Kërçovë, Dibër dhe Strugë.

Në diskutim kanë marrë pjesë edhe Aleksandër Ivanovski, Sllobodan Pupinoski, Zoran Mickoski, Vllado Milloshevski, Risto Trajkoski, Stefan Vlladimirov, Risto Klimoski etj.

**K. Spaseski**

ShP e komunës Saraj

# Të kënaqur me rezultatet

Më 23.02.2016, Kuvendi i ShP të komunës Saraj, ka mbajtur mbledhjen e rregullt raportuese në të cilën përveç Raportit për punën dhe Raportit financiar për vitin 2015, janë shqyrtuar edhe Programi dhe Plani financiar për punë në vitin 2016.



Kryetari i Kuvendit të shoqatës Baki Bakiu, ka theksuar se këto dokumente janë shqyrtuar dhe miratuar nëpër degët e shoqatës dhe në Këshillin ekzekutiv. Megjithatë, ai edhe njëherë ka arsyetuar një nga një dokumentet duke theksuar ndër të tjerat se është punuar mjaftë me sukses dhe me nikoqirllëk. Ai ka theksuar se aktivitetet e planifikuara në të gjitha sferat janë realizuar të gjitha për çka ka dhënë shembuj për punën e Kuvendit, Këshillit ekzekutiv, komisionet, Informimi, Bashkëpunimi, Aktivin e grave, puna e degëve etj. Plani financiar është realizuar ashtu siç ishte planifikuar në korniza të dispozitave ligjore.

Lidhur me Programin dhe Planin financiar për punë në vitin 2016, ai ka theksuar se ato janë bërë në bazë të vitit të kaluar duke shtuar disa aktivitete në Program dhe në disa konto të Planit financiar.

Për rezultatet e mira të shoqatës, kanë folur edhe misafyrët e pranishëm: Besnik Pocesta nënkryetar i Kuvendit të ShLPM, Katarina Jankovska përfaqësuese e KQ e qytetit të Shkupit, Dimitar Dimovski kryetar i ShP Taftaklixhe, Nijazi Xhelili kryetar i ShP Gostivar dhe drejtori i Shkollës fillore "Dituria" Saraj Rafiz Ameti.

Pas diskutimit të Dr. Jovan Deçkov, të Gani Ismailit dhe Mahir Durakut, me kërkesë të kryetarit Baki Bakiu, me votim një nga një u aprovuan: Raporti për punë dhe Raporti financiar për vitin 2015, Vendimi për Llogarinë përfundimtare për vitin 2015 si dhe Programi dhe Plani financiar për punë në vitin 2016.

**B.B.**

ShP Tetovë - punëtori

# Më afër rehabilitimit të specializuar medicina

Pensionistët, për shëndetin e të cilëve rëndom thuhet se është jo e mirë, tregojnë interesim të madh se si të fitojnë të drejtën për rehabilitim të specializuar medicinal dhe refundim i shpenzimeve nëse pa marrë parasysh



arsyet i siguruari shëndetësor mund ta realizojë. Këto çështje ishin të përmbajtura në punëtorin që është mbajtur në Shoqatën e pensionistëve të Tetovës, të cilën e hapi kryetari i Këshillit ekzekutiv i kësaj shoqate Shaban Azizi. Për temat e paraqitura kanë folur d-r Silvana Andov, nga sektori për kontroll dhe Blerim Osmani, nga sektori i punëve juridike i Fondit për sigurim shëndetësor të Maqedonisë. Punëtorinë e kanë përcjellë edhe d-r Katerina Vidoevska dhe Zllatka Mihajllovska nga Njësia rajonale i FSSh Tetovë.

Të pranishmit në këtë punëtori, e cila është mbajtur më 17 shkurt, hollësisht janë informuar për më shumë çështje nga temat e caktuara. D-r Silvana Andov, më parë është përgjigjur në pyetjet kur siguruesit shëndetësorë kanë të drejtë për rehabilitim të specializuar medicinal, e cila rëndom caktohet nga komision përkatës mjekësorë dhe në periudhë pas shërimit në spital. Qëllimi është që të kthehet ose pakësohen pasojat nga shërimi i mëparshëm spitalor, në cilat kushte dhe në cilin afat duhet të parashtrohet kërkesë, kohëzgjatja, përfshirja dhe ngjashëm. Në realizimin e rehabilitimit janë drejtuar kontrata nga tetë organizata të specializuara shëndetësore, në të cilat janë edhe katër shërueset klimatike në banjat në Negorc, Dibër, Strumicë dhe Katllanovë.

Blerim Osmani u përqendrua në çështjet të lidhura me shfrytëzimin e të drejtës të refundimit kur siguruesi ka paguar, çka mund të refundohet, për mbulimin e ilaçeve gjatë kohës së shërimit në spital ose rehabilitimit si dhe kurë dhe si fitohet e drejta për këtë. Gjatë kësaj, ai ka theksuar se të gjithë pensionistët të cilët kanë të ardhura më të vogla se 12.600 denarë, janë të liruar nga participimi gjatë kohës së shërimit dhe rehabilitimit në spitale.

Në periudhën e deritanishme, përveç Tetovës, punëtori të këtij lloji janë mbajtur në Kratovë dhe Shtip, ndërkaq janë paralajmëruar se do të mbahen në të gjitha shoqatat e pensionistëve të Republikës së Maqedonisë.

**G. Eftovski**

# Gratë pensioniste festuan 8 Marsin

Pensionistet dibrane në organizim të Aktivit të grave pensioniste në kuadër të shoqatës së pensionistëve Dibër Qendrër - Zhupë, festuan ditën ndërkombëtare të 8 Marsit. Me këtë rast kryetarja e Aktivit të gruas pensioniste Marionka



Ushtelenca, i ka përshëndetur gratë duke thënë se aktivi i gruas pensioniste dibrane u themelua në vitin 2007. Atëherë numri i anëtareve në këtë Aktiv ishte shumë i vogël, por ajo nga viti në vit ka një rritje të madhe të numrit të anëtareve. Dhe sot, ky numër thuajse është shumë i madh dhe në takimet që i organizon shoqata e pensionistëve Dibër Qendër Zhupë, ata janë shumë aktive dhe me një numër të madh, ka thënë Ushtelenca.

Pensionistet dibrane bashkërisht si ato të etnitetit shqiptar dhe maqedonas festuan ditën ndërkombëtare të grave - 8 Marsin. Në shoqërinë e muzikës ata u argëtuan dhe u zbavitën duke u shoqëruar dhe duke u larguar nga obligimet e përditshmërisë së tyre. Ata gjatë bisedës përshëndetën këto takime që i organizon Aktivi i gruas, por njëherësh kërkojnë që takime të këtilla të kenë më shpesh me qëllim që edhe mosha e tretë të jetë aktive me aktivitete të ndryshme .

Ata në restorantin Leon, buzë liqenit të Dibrës kaluan çaste të këndshme, vallëzuan dhe u argëtuan, duke lënë anash lodhjet dhe obligimet e përditshme që janë të preokupuara shumica e pensionisteve. Dhe, në orët e mbrëmjes ata përfunduan takimin solemn, ku u ndan me dëshirë që sa më shpejt të takohen në ndonjë takim të këtillë apo në takime që do të organizohen nga ana e shoqatës së pensionistëve në ndonjë vend jashtë Dibre.

Duhet theksuar se pensionistet dibrane janë pjesëmarrëse në shumë takime dhe gara që organizohen nga Lidhja e pensionistëve të Maqedonisë. Ata tregojnë interes si në garat Republikane ashtu edhe në takimet me valle dhe këngë, por edhe në takimet tradicionale për përgatitjen e ushqimeve tradicionale në nivel Republikan.

**Vjollca Sadiku**

# Shërbime të reja elektronike

Fondi për sigurim shëndetësorë i Maqedonisë, vazhdon të promovojë shërbime të reja elektronike, në korniza të muajit shkurt i cili është shpallur si muaj i shërbimeve elektronike. Fondi, në portalin e vet ka promovuar tre shërbime të reja elektronike për të drejtat e të siguruarve të cilët deri më tani ishin të pranishëm në formën vetëm në letër, ndërkaq, prej tani do të mund të fitohen në mënyrë më të thjeshtë, më shpejtë dhe më efikas në rrugën elektronike përmes shërbimeve të reja elektronike. Janë promovuar tre shërbimet e reja siç janë:

**1. Kërkesë elektronike për refundimin shërimit spitalor.**

**2. Kërkesë elektronike për refundimin e ilaçeve me recetë.**

**3. Kërkesë elektronike për refundimin për materiale të vëna dhe material të harxhuar.**

**Shërbimi i parë elektronik** ka të bëj me refundimin e mjeteve për shërimin e realizuar në spital kur i siguruari nuk ka pasur sigurim shëndetësorë për arsye të ndryshme. Në këto raste, kur të siguruarit për arsye të ndryshme nuk i është paguar kontributi shëndetësorë më tepër se 60 ditë, shërbimi shëndetësorë duhet ta paguaj në tërësi, pastaj, pasi të paguhet kontributi shëndetësorë, i siguruari paraqet kërkesë për refundim. E drejta për refundim nuk vjetrohet 5 vjet. Kjo e drejtë është e garantuar në pajtim me Ligjin për sigurim shëndetësorë. Me këtë zëvendësohet dhe shkurtohet kërkesa me letër dhe nevoja që të vihet në sportel.

**Shërbimi i dytë elektronik** në të vërtetë përfaqëson dy shërbime të cilat i ofron Fondi të bashkëngjitura që të dyja në një, ajo është e drejta për kompensim të mjeteve për ilaçet e blera me recetë, pavarësisht se ilaçi a është në listën spitalore ose në atë primare pozitive. Nëse të siguruarit gjatë shërimit në spital i është kërkuar të blej ilaç i cili është në listën pozitive, pas mbarimit të shërimit ka të drejtë të paraqes kërkesë për refundim të mjeteve nga FZOM. Njëherësh, në këtë segment janë të përfshirë edhe ilaçet spitalore të cilat merren me rekomandim të mjekut specialist (ndonjëherë edhe në kushte shtëpiake), ndërkaq enti shëndetësor nuk e ka për obligim që t'i blejë (si p.sh kleksan). I siguruari, kërkesën për refundim do të mund ta bëj në formën elektronike. Refundimi realizohet vetëm nëse ilaçet janë blerë në barnatore me të cilin Fondi ka kontratë.

**Shërbimi i tretë elektronik** është e drejta për kompensim të mjeteve për materialin harxhuar standard të medicinës si dhe materialet e vëna në mbrojtjen shëndetësore spitalore. Nëse i siguruari gjatë kohës së shërimit në spitale i është thënë që të gjej material të medicinës që harxhohet ose ka vënë material të medicinës, ka të drejtë për refundim nga ana e FSSh (FZO). Prej tani, kërkesë për refundim për mjete medicinave, i siguruari do mund të paraqes në formën elektronike pa pasur nevojë që të vijë në njësinë rajonale. Krahas kërkesës dhe llogarisë transaksionit, i siguruari do të mund të bashkëngjis dhe letrën lëshuese/ raport nga specialisti si dhe dëshminë për materialin e vënë standard.

**K.S.A.**

# Dibranet u prezantuan me ëmbëlsi tradicionale



Për të 21-tën herë në qytetin e Velesit, u mbajt manifestimi "Ëmbëlsirat e gjyshes". Në këtë manifestim kanë marrë pjesë rreth 20 shoqata të grave pensioniste nga 20 qytete të vendit, ndër të cilat edhe gra të shoqatës të pensionistëve të Dibrës, respektivisht Aktivit të grave. Ky është manifestimi i vetëm i këtij lloji në vend, për të cilin ka një interesim të madh i cili rritet nga viti në vit nga pensionistet e vendit. Manifestimin "ëmbëlsirat e gjyshes" e hapi kryetari i Lidhjes së pensionistëve të Maqedonisë Dragi Argiroski, i cili ka thënë se gratë pensioniste janë shumë aktive dhe ky manifestim ka karakter human, pasi që ka luajt rol me ëmbëlsira të cilat i kanë përgatitur gratë pensioniste, i kanë shitur dhe mjetet e mbledhura i kanë dedikuar rasteve në nevojë apo pensionistëve që kanë nevojë, por njëherësh dhe ruajtja e traditave të recetave nga gjyshet dhe të parët tanë që ato mos harrohen. Secila shoqatë u prezantua me ndonjë lloj të ëmbëlsirës që kanë përgatit e që është karakteristike për qytetin ku i takojnë dhe secila ëmbëlsirë e ka historinë e vet, origjinën dhe domethënien se nga vjen dhe në cilat raste përdoret ajo, siç janë ato të Kërçovës me disa lloj të ëmbëlsirave që i përdorin në rajonin e vet, të Tetovës me disa përgatitje që ato e kanë karakteristike eti.

Nga shoqata e pensionisteve dibrane në këtë manifestim u prezantuan me sulin dibran. Gratë e vyeshme dibrane në mënyrë të përkryer e kishin përgatitur sulin, e cila shumë u pëlqye nga të gjithë. Përgatitjen e sulisë e bënë Mesude Cami dhe Beglie Kobeci të cila treguan dhe përbërjen e saj. Sulia ka një recetë të vjetër edhe atë më të vjetër se një shekull. Ajo përçohet nga gjenerata në gjeneratë dhe përgatitet si për dasma ashtu edhe për festa të ndryshme por edhe për ceremoni të tjera familjare.

Kryetarja e aktivit të pensionisteve në Dibër, Marionka Ushtelenca, ka thënë se ky takim ka për qëllim rekreimin si nevojë për këtë moshë të tretë, socializimin, shoqërimin, shkëmbimin e mendimeve për receta të vjetra që i kanë përgatitur gjyshet dhe stërgjyshet tona.

Në këtë manifestim në të cilin kanë marrë pjesë 500 pensioniste nga vendi, u prezantuan të gjithë shoqatat me ëmbëlsira të vjetra. Përndryshe të hollat që do të mblidhen nga ky aktivitet do t'ju dedikohen familjeve me nevojë.

**V. Sadiku**

ЗП Охрид и Дебрца

# Заедничка прослава на пензионерките од Охрид, Струга и Кичево

Денот на жената – Осми март, традиционално и оваа година пензионерките од ЗП Охрид и Дебрца го одбележаа со пригодна свеченост. Празнувањето со богато мени, музика, песни и ора, се одржа во хотелот „Ривиера“ во Охрид. Интересно беше тоа што првпат годинава, Активот на пезнионерки на ЗП Охрид и Дебрца иницираше празникот на жената заеднички да го одбележат со пензионерките од активите на ЗП Струга и Кичево.



На прославата на која учествуваа околу 300 пензионерки од трите здруженија, ги предводеа претседателките на активите Ружа Балеска, Елисавета Лазареска и Ангелина Ристоска.

Празникот на сите присутни најпрво им го честиташе и пријатна забава и дружење им посака претседателот на Собранието на ЗП Охрид и Дебрца д-р **Димитар Спасески**, а потоа со желба за добро здравје, долгогодишно дружење им посака и претседателката на охридските пензионерки, која најави дека оваа заедничка празнична средба ќе стане традиционална и истата ќе се одржува во различни градови. **К.С.**

ЗП Прилеп

# Дружења за празникот на жената



По повод Денот на жената, најпрво во Централниот клуб на ЗП Прилеп, активот на пензионерки при Здружението, организираше осмомартовско дружење. Пред скоро 200 пензионерки за овој „Женски ден“ говореше претседателката на Активот, **Снежана Димеска, а п**разникот им го честита и претседателот на ЗП, **Кирил Ѓорѓиоски**.

Дружењето беше збогатено со настапот на двете КУД при ова ЗП „Пенка Котеска“ и „Пензионер“, кои исполнија по неколку музички нумери, а поетеси, членови на пензионерската литературна секција, читаа свои творби посветени на мајката и Денот на жената.

Вакви средби на пензионерките пред Осми март беа организирани и во неколку ограноци, како во „Гоце Делчев“, „Тризла 2“ и други. На самиот ден на празникот околу 400 пензионерки од сите ограноци на ЗП Прилеп се дружеа со убава музика во новоотворениот ресторан „Ла каса гранде“, каде најпрво ги поздрави и празникот им го честита претседателката на Активот, а потоа и претседателот на ЗП Прилеп, **Кирил Ѓорѓиоски** подарувајќи им цвеќе. Пензионерките ги поздрави и Денот им го честиташе градоначалникот на Прилеп, **Марјан Ристески**, со желби уште многу години да го одбележуваат. и **К.Р.**

ЗП Радовиш и Конче

# Искрени желби за празникот

На пензионерките од ЗП Радовиш и Конче со каранфили и искрени желби за добро здравје, среќа и безгрижна иднина, празникот им го честиташе градоначалникот на општина Конче **Благој Јованов**. На жените од матичното здружение им се придружија и припадничките од ОО на Сојузот на борците од Радовиш и Конче.



Претседателот на Здружението **Јордан Костадинов** им го честиташе празникот на пензионерките при што ги истакна нивните резултати на полето на спортот и културата, а особено во областа на хуманитарните активности.

Реферат по повод празникот прочита и претседателката на активот **Павлина Чабукова**, а потоа над 450 жени, во пријатна атмосфера со песна, музика и играње се дружеа и заедно поминаа уште еден незаборавен ден. **Љ.М.**

ЗП Штип и Карбинци

# Осмомартовски активности

На 06. 03. 2016 година во хотелот „Оаза“ во Штип, по повод Денот на жената 8-ми март, се одржа дружење на 260 пензионерки. На забавата по тој повод зборуваше претседателот на Здружението **Михаил Василев**, кој се осврна на остварувањето на правата на жените во минатото и денешното општество. Тој истакна дека жените во Здружението ги има во сите раководни тела и во иднина нивниот број ќе се зголемува.



Поздрав до дамите за празникот упати и претседателката **Олга Гугуљанова**, а по нејзиното обраќање на жените активистки им беа врачени благодарници.

На 8-ми март, по повод Денот на жената, делегација на пензионерите положи свежо цвеќе пред бистата на хероината Вера Циривири – Трена, а поетесата **Цвета Спасикова** поднесе реферат за значењето на жените во НОБ и борбата за правата на жените до денес.

Дечињата од градинката, која го носи името на хероината, рецитираа песнички за најсаканите – мајката и баба. Потоа, раководството на ЗП Штип и Карбинци, приреди прием за најактивните пензионерки, на кои им беа врачени пригодни подароци, а на досегашната претседателка на Активот **Цена Стефанова**, во знак на благодарност за успешната работа, и беше подарен ѕиден часовник. **Ц. С.**

ЗП Гази Баба

# Прослава за 8-ми март

Активот на пензионерки од ЗП Гази Баба по повод Меѓународниот ден на жената – Осми март организираше прослава во ресторанот „Ханибал“ токму на денот на празникот.

Присутните и гостите, ги поздрави потпретседателката на Активот **Стојна Тодоровска** и на славеничките им посака многу среќа и здравје со желба да бидат добри сопруги, мајки и баби, додавајќи дека во што поголем број треба да се вклучат во Активот на пензионерки, за да им дадат пример на младите како треба да се живее, да се сака и работи.



Честитајќи им го празникот на пензионерките, претседателот на ИО на ЗП Гази Баба, **Ѓорге Андонов**, ги покани пензионерките за поголемо учество во активностите на Здружението и манифестациите по повод 70–годишниот јубилеј од пензионерското организирање во нашата земја и 25 години на самостојна Република Македонија.

Забавата беше проследена со музика во живо, која придонесе за посебниот амбиент што се почувствува во салата. Пензионерките пееја, играа и се дружеа, до доцните попладневни часови. **В.П.**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Пример за соживот

Во организација на Активнот на пензионерки при ЗП Дебар и Центар Жупа, по повод 8 март, меѓународниот Ден на жената, се одржа осмомартовска средба на која присуствуваа околу 100 жени припаднички на ова здружение. Средбата ја отвори и присутните ги поздраци претседателката на Активот **Марионка Уштеленца** при што нагаси дека Активот на пензионерки, кој е формиран во 2007 година, има значајна улога во реализацијата на бројните активности на пензионерките. Уштеленца додаде дека во изминатите години се докажа дека жените се мошне активни во сите сфери, а кога е во прашање активноста во рамките на здружението, тие се редовни на бројните средби и натпревари што се одржуваат на локално, регионално и републичко ниво.

Средбата ја карактеризираше присуството на пензионерки од сите етнички заедници – Албанки, Македонки, Турчинки и припаднички на други етникуми кои живеат во Дебар и Центар Жупа, кои неколку часа заедно се веселеа и дружеа. Во хотелот Леон, кој се наоѓа на брегот на Дебарското Езеро, пензионерките поминаа пријатни



мигови, на кои проговорија и за потребата примерот на толеранција и соживот кој е присутен кај пензионерите, да го следат и младите генерации. На оваа средба уште еднаш беше укажано дека местото и улогата на жената пензионер е многу битна, не само во семејството, туку и во општеството во целина. **Вјолца Садику**

Здружение на воените пензионери

# Прием за Денот на жената



По повод Денот на жената – 8–ми март, а по иницијатива на Активот на пензионерки, Здружението на воените пензионери, на 3–ти март 2016 година во Домот на АРМ организираше свечен прием и забава за припадничките на понежниот пол. Со пригоден говор средбата ја отвори претседателот на ЗВП **Ѓорѓи Заринскi** и честитајќи им го празникот им врачи скромни подароци, а на сите присутни им посака добро здравје и пријатно расположение.

Посебно внимание на средбата привлече присуството на ликовниот уметник Живко Поповски – Цветин, кој со своите иљадници слики за „цвеќето на мирот“, постигнува гинисови рекорди и ја шири пораката за мир и хуманост низ светот. Додека со песна и игра се славеше празникот, на самото место, со четка во рацетето познатиот уметник создаваше нови цветни слики, што од срце им ги подари на пензионерките на крајот од свеченоста.

Средбата ќе биде запаметена и по добрата народна музика во живо, а посебно по малата сликарска работилница, за што со задоволство говореа славеничките, кои со радосни лица, цело време се веселеа.

**Милка Гирасова**

ЗП Кичево

# Свечено одбележан 8-ми март

Активот на пензионерки при Здружението на пензионери Кичево активно го одбележа меѓународниот Ден на жената 8-ми март.

Според Програмата на Активот на пензионерки по повод празникот се одржа работилница во општинската организација на Црвениот крст на која пензионерките практично беа запознаени како да се помогне на пензионер во неговиот дом или на викенд во услови на непогода.

На денот на Празникот над 40 пензионерки ја посетија и бистата на кичевската хероина од битката на Буковик Олга Мицеска која се наоѓа во дворот на детската градинка што го носи нејзиното имме и положија свежо цвеќе. Потоа жените своето осмомартовско дружење го продолжија во Охрид заедно со своите колешки од здруженијата на пензионери од Охрид и Дебрца и од Струга.

Празникот помина, а пензионерките од Кичево ги очекува активна работа на подготовките за Регионалните



средби на песни, музика и игри на која ЗП Кичево ќе биде домаќин. **А. Ристоска**

ЗП Центар

# Прослава на празникот

Осми март – меѓународниот Ден на жените и годинава беше повод да се потсетиме дека не многу одамна жените немале исти права како мажите, иако и ден денеска сеуште постојат разлики и предрасуди меѓу половите. Но исто така и овој 8. март беше повод ние кои ја паметиме таа доба да се потсетиме и на една убава традиција која низ годините ја одбележуваме со цвеќиња од нашите најблиски, со другарување или патувања...



Пензионерите од ЗП Центар одбраа да другаруваат, да ги споделат убавите емоции, па и да си разменат по некој подарок за празникот... Тоа го направија во прекрасниот амбиент на ресторанот „Национал“ во Скопје, секако со ведра музика и скромна трпеза. Веселите македонски песни и ора беа дел од оваа прослава.

На помладите уште еднаш им порачаа: на жените треба да им се даде признание за храброста, борбеноста, придонесот во општеството и да се согледува во сите нејзини убавини и големини: во нејзината нежност и нејзината сила. **Ц. Илиева**

ЗП Крива Паланка

# Каранфили за празникот

По повод 8–ми март Меѓународниот ден на жените и оваа година голем број пензионерки од ЗП Крива Паланка се собраа во Клубот на пензионери за да го прослават својот празник. На присутните најнапред им се обрати претседателката на Активот на пензионерки при ЗП Крива Паланка. Таа на сите им посака добредојде и им го честита празникот.



Како и многу пати досега и на овој собир присуствуваше градоначалникот на Општина Крива Паланка **Арсенчо Алексовски** кој покрај искрените честитки што ги упати до присутните пензионерки и им подари по еден каранфил и им посака добра забава и добро дружење.

Празнувањето продолжи достоинствено и весело во ресторанот „Етно–Воденица – 3“, со заеднички ручек.

**Благица Стојчевска**

Интервју со Антонио Аргир, претседател на Управен одбор на НЛБ Тутунска банка во Скопје

# Банката со задоволство соработува со пензионерите

**● Почитуван господине Аргир, најнапред честитки за Вашиот избор за Претседател на Управен одбор на НЛБ Тутунска банка во Скопје. Голема е одговорноста да се биде на чело на оваа угледна и успешна банка во Република Македонија. Како се справувате со тоа?**



Ви благодарам за честитките. Да се биде на чело на една од најголемите и најуспешните банки во земјата е голем предизвик, а предизвикот за мене е огромна мотивација за постигнување уште поголеми и подобри резултати. Повеќе од 16 години сум дел од тимот на НЛБ Тутунска банка. За овие години стекнав големо искуство и знаење работејќи на повеќе области и позици во Банката. На самиот почеток работев како кредитен референт за правни лица. Во 2002 станав Раководител на служба за координација на експозитури, а од 2003 до 2005 година бев Раководител на експозитура. Во 2005 застанав на чело на секторот Деловна мрежа во кој припаѓаат сите експозитури, најпрво како помошник директор, а од 2007 година и како дирекор на секторот. Во овој период успеавме да ја прошириме мрежата од неколку на денешните 50 експозитури со покриеност на целата територија на Република Македонија. При тоа, поставивме нови стандарди за приближување на банкарските услуги до клиентите. Почнувајќи од 01.01.2016 година сум назначен за претседател на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка. Чест ми е што имам можност да ја вложам целата своја енергија и знаење во водењето на оваа успешна финансиска институција и заедно со одличниот тим на вработени на Банката да продолжиме да ја градиме успешната приказна.

**● НЛБ Тутунска банка е прогласена по 8-ми пат за Банка на годината. Какво значење има оваа високо признание за Вас лично и за НЛБ?**

Во 2015, НЛБ Тутунска банка ја прослави 30 годишнината од своето постоење, продолжувајќи да ги исполнува и проширува нејзините цели, завршувајќи ја годината со нето добивка повисока за 20% од онаа во претходната година. На крајот на годината, Банката по осми пат беше избрана за **„Банка на годината 2015 во Македонија“** од престижиниот финансиски магазин The Banker. Со тоа НЛБ Тутунска банка стана најнаградувана банка во Република Македонија. Наградите се признание за успехот и секако голема сатисфакција за безрезервно вложениот труд и мотивација за понатамошните предизвици, како лично за мене, така и за целиот тим на посветени луѓе кои работат во НЛБ Тутунска банка. За брендот на НЛБ оваа награда е вреден показател за успешноста на стратегијата на НЛБ Тутунска банка со која настапува на банкарскиот пазар во земјата и пример за останатите членки на НЛБ Групацијата кои работат во регионот.

**● Соработката на пензионерите и НЛБ Тутунска банка датира од поодамна. Како ја оценувате соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија?**

Соработката на НЛБ Тутунска банка и Сојузот на здруженија на пензионери датира уште од 2008 година од кога заеднички работиме на развој, подобрување и збогатување на понудата за пензионери. Имено, почнувајќи од 2009 година, воведовме кобрендирана платежна картичка: Maestro Пензионер + која на своите корисници им овозможува плаќање до 12 рати без камата и им обезбедува право на попуст на повеќе продажни места. Како резултат на овие активности денеска бројот на пензионери кои својата пензија ја примаат на сметка во Банката достигна речиси до 50.000. Банката континуирано работи на развој и дополнување на понудата за пензионери. Во следниот период очекуваме да продолжи нашата успешна соработка со СЗПМ и со здруженијата директно и со заеднички напори да ја збогатиме понудата и поволностите за пензионерите.

**● Пензионерите се задоволни од она што им го нудите, но подготвувате ли и некои нови проекти и услуги наменети за оваа многубројна популација која оваа година одбележува голем јубилеј „70 години од пензионерското организирање во нашата земја?**



НЛБ Тутунска банка кај пензионерите е препознатлива по тоа што пензијата секогаш ја исплаќа на 1–ви во месецот, односно на последниот ден од месецот пред големите државни и верски празници (Нова година, 1–ви Мај, Велигден) без разлика на кој датум фондот за ПИОМ ќе исплати пензија. Со тоа пензионерите корисници на услугите на НЛБ Тутунска банка имаат единствена можност први во земјата да ја примат својата пензија и да имаат сигурност во планирањето и користењето на нивните месечни примања.

Почнувајќи од 2007 година, за пензионерите имаме креирано посебна пакет понуда – Сребрен пакет, во рамки на кој пензионерите, покрај исплатата на пензијата на први, имаат можност да користат дозволено пречекорување до износ од две пензии, Maestro Пензионер+ картичка во соработка со СЗПМ со попусти и рати без камата, кредитни картички MasterCard и Visa, кобрендинг картичка Зегин со можност за плаќање на рати без камата во аптеките на Зегин, Сребрен потрошувачки кредит и други поволности. Во иднина планираме нови поволности за збогатување на понудата на Сребрениот пакет. Како новина, почнувајќи од оваа година, Банката секој 1–ви во месецот во сите свои експозитури организира НЛБ ден на пензионери, при што секој месец само на овој ден, за пензионерите кои својата пензија ја примаат на сметка во Банката, нудиме посебни поволности и услуги. Во моментов овие акции ги посветуваме на НЛБ Банкоосигурување, кое како услуга и продукт сакаме да го доближиме до пензионерите. Почнуваме со специјални поволности за осигурување на имот, при што пензионерите ќе имаат можност да го осигураат својот дом во експозитурите на НЛБ Тутунска банка со добивање на полиса од Сава Осигурување. Во изминатиов период забележан е тренд на помасовно прифаќање на новите современи технологии во работењето од страна на пензионерите. НЛБ Тутунска банка во следниот период ќе работи на воведување нови технологии кои ќе ја поедностават и олеснат пристапноста до банкарските услуги.

**● Имате ли во план да ја померите границата од 72 години за добивање кредити и други поволности, со оглед на тоа дека животниот век во Македонија се продолжи, како што е тоа впрочем и во Европа и во светот?**

Во моментот старосната граница за одобрување на дозволено пречекорување и кредитна картичка во НЛБ Тутунска банка изнесува 73 години, додека старосната граница за кредит е 72 години. Овие старосни граници се во согласност со моменталниот просечен животен век во Република Македонија. Ограничувањата во поглед на возраста за кредитирање на пензионерите не се поставени од аспект на намалување на ризикот на Банката, туку пред сè се однесуваат на одговорно кредитирање, односно урамнотежување на ризикот кој го преземаат кредитокорисниците со задолжувањето и нивната возраст. НЛБ Тутунска банка ги разгледува можностите за нагорно померување на овие старосни граници, со користење на осигурителни продукти кои спаѓаат во групата на животното осигурување, а кои веќе се дел од понудата на Банката во рамки на НЛБ Банкоосигурување.

**● Весникот „Пензионер плус” е наменет за сегашни и за идни пензионери. Што ново им нудите на идните пензионери кои сега сеуште се во работен однос?**

НЛБ Тутунска банка во соработка со НЛБ Нов пензиски фонд, за сите идни пензионери, со цел обезбедување на посигурни пензионерски денови и поголема стабилност ги нуди продуктите на вториот и третиот пензиски столб, а голем дел од нив веќе се корисници на задолжителното и доброволното пензиско осигурување во НЛБ Нов пензиски фонд. На идните пензионери кои својата пензија ќе одлучат да ја примаат на сметка во НЛБ Тутунска банка покрај Сребрениот пакет, им нуди квалитетна услуга, широка мрежа на експозитури и банкомати, продукти кои се базираат на дигиталните технологии како што се безконтактните плаќања, нови услуги во електронските платни сервиси (електронско и мобилно банкарство), лојалти шеми со трговската мрежа, кобрендирани картички во соработка со наши клиенти, дополнителни продукти како што се животно и неживотно осигурување и друго.

**● На крајот кажете ни го Вашето мислење за бесплатниот весник „Пензионер плус” кој редовно се дистрибутира во Вашите експозитури, а кој во 2016 ќе го издаде 100. број.**

Редовно го читам весникот „Пензионер плус” и можам да кажам дека секогаш има одлични содржини кои се од интерес на читателите. НЛБ Тутунска банка ќе продолжи да биде поддржувач на овој весник и редовно ќе ги објавува новостите за својата понуда. Исто така, во сите експозитури на НЛБ Тутунска банка може да се најде најнов примерок од весникот и слободно можеме да кажеме дека за истиот постои голем интерес од страна на пензионерите. Ви благодарам за издвоениот простор и Ви посакувам да продолжите успешно да го издавате Вашиот весник.

**Разговорот го водеше К.С. Андонова**



Дневен центар за стари лица

# Бараат мерење притисок, набавка на лекови, но најпотребно им е вниманието!

Право на посета во домашни услови имаат стари неподвижни лица кои не се во можност да ги извршуваат секојдневните обврски и се лица со висок социјален ризик.

Во Дневниот центар за стари лица во Маџари, кој воедно е и Центар за давање помош во домашни услови, помош побарале триесетина лица. Најчесто имале потреба од здравствени прегледи, набавка на лекови или ситни поправки на апарати за домаќинство. Но најмногу од сè, имаат потреба од друштво и внимание, велат волонтерите од Општинската организација на Црвениот крст на Гази Баба.

– При посета се вршат општи здравствени прегледи, мерење притисок и шеќер во крвта од страна на докторот, анамнеза на социјалниот статус, потребите кои ги има старото лице, поправка на апарати за домаќинство кои не се функционални, разубавување на домот, ... зарење, набавка на лекови и сл. Освен што се работи на социјална инклузија на старите лица за нивно активно стареење и континуирано вклучување на еден софистициран процес на социјализација се реализира и посета на старите изнемоштени лица во домашни услови.

Посетата се врши од страна на тим кој го сочинуваат стручна служба од Црвениот крст на Гази Баба, доктор и социјален работник, информираат од општина Гази Баба.

Од таму појаснуваат дека од триесетина жители кои побарале помош во домашни услови, 22 самите побарале помош или пак во нивно име се јавиле нивни блиски роднини и соседи.

– Во рамките на проектот, освен што се работи на социјална инклузија на старите лица за нивно активно стареење и континуирано вклучување во еден софистициран процес на социјализација се реализира и посета на старите изнемоштени лица во домашни услови. Во пресрет на новогодишните и божиќните празници општината и Црвениот крст – Гази Баба обезбедија и доставија до старите лица пакети со храна со што им се помага да ја надминат состојбата во која се наоѓаат, информираат од општината.

Право на посета во домашни услови имаат стари неподвижни лица кои не се во можност да ги извршуваат секојдневните обврски и се лица од висок специјален ризик.

Проектот ќе продолжи да се реализира во 2016 година бидејќи се покажа како мошне корисен и успешен. Сите заинтересирани можат да се информираат во Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови како и во просториите на општината.

„Вечер“

Најдобри места за пензионирање во светот

# Панама, Костарика и Еквадор, рај за пензионерските денови

Изданието Интернационал Ливинг излезе со својата традиционална годишна оценка за тоа каде е најдобро да се пензионира оваа година. Во рангирањето учествувале 23 земји, а во анализата се земени предвид фактори како пристапност на стоките и услугите, интернет пристап, здравство, клима и лесен пристап за патување до други земји. И бидејќи рангирањето е ориентирано кон тоа да ги дава најдобрите предлози на пензионери од други земји, со голема тежина во неа се фактори како цена на недвижности, потенцијални привилегии за странски пензионери, како и можности за забава. Резултатите повторно не се особено големо изненадување, а на врвот доминираат земји од Јужна Америка.

Панама е рангирана на прво место како најдобро место за странски пензионери. Земјата е со пристапни цени, здравството е со висок квалитет, климата е поволна.

Покрај тоа жителите во земјата се дефинираат како пријателски и гостопримливи, а англискиот јазик е широко распространет. Вкупно шест земји од Јужна Америка спаѓаат во рангирањето на десетте најдобри места за странски пензионери – Панама, Мексико, Костарика, Колумбија и Никарагва. Малезија ја зазема највисоката позиција во однос на критериумот–пристапност. Таа е рангирана на петото место во редот. Земјата станува достапна во последните години во однос на цените. Таа е најпосакувана од пензионерите главно од Велика Британија и Австралија во последниве години, но станува популарна и за пензионираните Американци. Во однос на здрав начин на живот, првите позиции се за Костарика и Никарагва. Луѓето кои сакаат да уживаат во свежиот воздух и добро време, дефинитивно погледнуваат кон нив. Овие две земји нудат исто така висок квалитет на здравство.лесен пристап до виза и добивање на државјанство, што се нови критериуми кои се земаат предвид во овогодишниот рангирање. Највисоко во рангирањето во однос на квалитетот на здравството се квалификува Колумбија и Малезија, кои сериозно го развиваат здравствениот туризам поради ниските цени и високиот квалитет на услугите.

Во однос на најголема пристапност во цените на стоките и услугите, на прво место е Камбоџа. Апартмани во добри населби може да се најдат со месечни кирии од 250 долари, а вечера надвор чини во просек околу 5 долари. Во однос на добра инфраструктура, пристап до аеродроми, интернет и сл. првите позиции се за европски земји како Шпанија, Португалија, Ирска, Франција и Малта.

„Дневник“

Нова стихозбирка на Соња Дурчак од Велес

# Поезија која ја разгалува душата

Кога се зборува за нашите македонски поети, а кои живеат надвор од татковината сите нив ги поврзува една нишка, една мисла – љубовта кон родното огниште и нивните блиски со кои останале разделени долго време.

Истото тоа важи и за поетесата Соња Дурчак која во својата најнова збирка поезија „Македонска куќа“ ги изразила токму тие чувства. Ги излеала тагата и желбата кон дома, кон родната грутка. Во нејзините песни оваа мисла е доминантна и колку да е малку застапена по број на стихови или песни. Ова чувство го достигнува врвот, тоа ечи и се прелева во душата на читателот:

„Сега оди, оди мила ќерко,
мајка и земја не заборавај“

Поетесата Дурчак во своите песни не пее само за интимните чувства кон својата татковина или за своите таговни моменти за животот во туѓина, туку и за судбината на татковината, за немирите во родната земја кои длабоко ријат во нејзината душа:

„Ти си земја
На Балкан за пример.
И оној кој по тебе газел,
И кој те мразел
Се што те боли
Сега само за него моли.“

Мотивите во триесетината песни поместени во оваа стихозбирка се прелеваат едни во други и како да прават еден разнобоен букет од поетската градина на Соња. Идеите кои ја водат поетесата од песна во песна се прелеваат една во друга,



исто како и нејзините чувства. Ова е поезија која може да му послужи на читателот да си го разнежни срцето во осамените часови, да прелета до татковината, ако е далеку, да се присети на оние кои веќе ги нема, но и да го воздигне чувството на гордост и патриотизам.

Н. Алексоска

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Средба во Косоврасти во бањите „ЦАПА“

Нa 9–ти март 2016 година група пензионерки и пензионери заминавме во Косоврасти во бањите „ЦАПА“, на бањско – климатска рекреација која ни беше овозможена од Министерството за труд и социјална политика на РМ.



По пристигнувањето бевме пречекани од љубезниот персонал. Таму се сретнавме со пензионерки и пензиоери од Битола, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово Скопје и Дебар.

По терапиите се дружевме сите без разлика кој од каде е, која националност или вера е. Си разговаравме, си разменувавме искуства и друго.

Во попладневните часови во пријатниот амбиент дружењето продолжуваше. Се склопуваа пријателства, се раскажуваа случки од животот, шеги и друго.

Заради лековитоста на водите во бањите имаше и голем број луѓе кои дошле приватно. Имаше дојдено од сите градови на Македонија, но и од странство од некои европски земји. И едните и другите, како и сите ние бевме задоволни од сместувањето, исхраната и односот на персоналот.

На заминување се поздравивме со насмевки на лицата и со желба нашето пријателување да продолжи и во иднина.

Маријонка Уштеленца

## Интересни книги

### Славејот



**Автор:** Кристин Хана

**Приказната се случува во Франција, во 1939 година. Втората светска војна е разгорена, додека човекот, просторот и времето како да се далеку од очите и од срцето на светот. Интимното доживување на најголемото зло на човештвото - војната само по себе подразбира оти субјектот треба да се победи и превоспита себеси. Притоа, никако не треба да ги заборави и другите.**

Во тивко француско село, кротката и плашлива Вијан Морijак се збогува со својот сопруг, кој оди да војува. Не верува дека Германците ќе ја окупираат Франција, но тоа сепак се случува и ја принудува да прими непријател во сопствениот дом. Привлечниот Германец се однесува љубезно и човечно кон неа, но сепак е непријател кој го набљудува секој нејзин потег и секоја нејзина постапка. Во време на војни, Вијан мора да научи да биде храбра. Храбра како нејзината сестра. Помалата сестра Изабел, од друга страна, мора да научи да се плаши. Таа е премногу бунтовна и храбра за свое добро. На самиот почеток од војната, се запознава со мистериозниот партизан Гејтон и се вљубува лудо и комплетно. Не можејќи да седи со скрстени раце и да ја гледа татковината како пропаѓа, Изабел непромислено се приклучува на тајните групи за ослободување на Франција без да размисли за опасностите. Станува збор за безвременска новела која ќе ве натера да ги голтате страниците во еден здив. Тоа е приказна за издржливоста и храброста на жените што се помни цел живот. Сага за преживувањето и љубовта за време на војна што ќе ве натера да липате на глас. Ова е книга за секого, ова е книга за навек.

### Вештерката и дождот



**Автор:** Јурга Иванаускаите

**Авторката се наоѓа на тронот како најистакната и најчитана литванска писателка, истакнува книжевната критика. Судбината на писателката и на нејзиното дело се голем предизвик да се прочита ова ново и ексклузивно издание на „Антолог“.**

Романот „Вештерката и дождот“ е забранета книга во Литванија. Патиштата на судбината не ретко се противречни и неочекувани, па така делото стана европски бестселер! Трите приказни кои ја создаваат неговата структура водат во различни периоди од историјата. Една жена е спалена како вештерка во средниот век. Една современа интелектуалка е заљубена во католички свештеник. А љубовта на Марија Магдалена кон Исус Христос е прикажана од полнокрвен женски агол... Интересна приказна која вреди да се прочита. Ова е најпродавана та книга во Литванија на сите времиња, а била и бестселер во Германија. Власта ја прогласила за шунд и порнографија, па се продавала само во секс–шопови. Авторката неколку пати била приведена и малтретирана од полицијата, по што била принудена да ја напушти својата држава.

Избор: Васил Тоциновски

# Старата жена од четвртиот кат

Му се радував на денот кога ветерот го однесе смогот од мојот град. Му се радував на изгревот на сонцето. Тргнав по улицата, а некаде на неколку метри чекорење застанав, а погледот ми залута таму високо на терасата од 4–иот кат од зградата од многуте бели ламели. Мојот поглед ја забележа старата жена која меѓу металните шипки од терасата спушташе торба заврзана со јаже, довикувајќи по минувачите „ќерко, синко, внучко, снао...“ купите ми леб и млеко.

Дојдов под терасите, се подигнав на прсти и силно извикав за да ме чуе старата жена: „Јас ќе ви купам, јас ќе ви купам“. Металните пари во торбата како да ја играа последната игра. Ја одврзав торбата и влегов во малиот маркет во нејзината зграда. Продавачот како да сакаше да ми каже дека ја препознава торбата. Тој го избра топлиот сомун и млекото но јас му побарав уште кутија локум, аргета паштета, кафе, шеќер, макарони... го отворив новчаникот и му платив, а со намирниците ги потиснав металните пари во торбата. Продавачот со кусурот ми ја раскажа судбината на старата жена. Зграда без лифт, жената живее сама, нозете ја издале, трагедија.

Излегов од продавницата. Јажето го заврзав за торбата и стоев скаменета додека старата жена го влечеше. Таа ја зеде торбата и ја отвори. Потоа ги слушав нејзините појасно изговорени зборови со кои ме благослови: „Фала ти ќерко, бог да ти даде здравје и среќа“. Со чувство на среќа, продолжив да чекорам по улицата.

Верка Смиљковска

ЗП Кавадарци

# Градиме пријателство - создаваме безбедност

Осма година по ред во Кавадарци се одржа турнирот под мотото „Градиме пријателство – создаваме безбедност“ во организација на ЗП Кавадарци и превентивниот сектор од полициската станица во Кавадарци. Како и секоја година пензионерите за свои „противници“ ги имаа полицајците во игрите табла, шах и пикадо.



Се играше со голема страст, но за пензионерите и припадниците од кавадаречката полиција од поголема важност беше заедничката дружба, отколку освоените места и наградите.

Според досегашните натпреварувања од година во година интересот за овие игри е сè поголем со што се зголемува и број на учесници. Претседателот на ИО на ЗПК **Ристо Анѓушев** на крајот од натпреварите рече дека севкупен побдник од традиционалниот двомеч е времето поминато заедно исполнето со многу забава и споделување на искуства. Тој вели дека овој натпревар ќе го организираат и во наредните години со интенција да биде пороброен и да има уште повеќе натпреварувачи. На крајот на заслужните учесници им додели дипломи за освоените места.

Како увертира на турнирот и оваа година беше организирана едукативна трибина од страна на одделот за превенција при кавадаречката полициска станица за едукација на пензионерите од џебни кражби и измами. „На пензионерите им укажуваме како да се заштитат од криминалците кои ги демнат на секој чекор и ја користат нивната добрина“, – истакна **Димитар Каракулев**, инспектор за превенција.

Мартина Митков

# Грип или настинка

Настинките по правило се безопасни и најчесто се повлекуваат без последици. Но, кога се работи за грипот потребно е поголемо внимание. Грипот го ослабува целото тело и го прави подложно на бактерии, со што предизвикува низа компликации. Настинката и грипот се предизвикани од вируси, но често како проблем е нивното разликување и одредување начин со цел да се третираат како што треба. Првите симптоми на настинка се јавуваат ден или два по контакт со вирусот, а обично започнува со гребење и чувство на жарење во грлото, кои се влошуваат. Грипот настапува наеднаш, така што ако утрото сте се чувствувале сосема добри, за некој час почнува да ве боли целото тело. Болката во грлото и секретот од носот се првите симптоми кои се појавуваат и кај настинката и кај грипот, но сепак има разлика. Кај настинката проблемите со носот и синусите обично почнуваат откако грлото ќе престане да ве боли, по што следи безбоен исцедок од носот кој постепено, станува пообилен, погуст и жолт, а петтиот ден состојбата значително се подобрува. Кај грипот, воспалението не созрева на овој начин. Имено, исцедокот останува ист по неколку дена, не менувајќи ја својата боја. Тој при грипот не станува густ со текот на времето, како кај настинката, а кашлицата е сува и непродуктивна. Кај грипот, блокадата во носот и чувството на изнемоштеност настануваат поради оптоварување на дишните патишта, а кај настинката предизвикуваат главоболка и благо чувство на треска. Кога се работи за грип, телото моментално останува приковано за кревет и се зголемуваат шансите за скок на температурата до 40°C. Во зависност од вирусите кои ја предизвикале настинката, разликуваме и различни симптоми. Некогаш тоа може да биде слабост и тресење, но тие настапуваат постепено. Лежењето во кревет не е нужно, а личноста со настинка може да функционира нормално.

За разлика од настинката, симптомите на грипот покажуваат црвенило и солзи во очите, кожата изгледа влажна и има можност за појава на висока температура. Исто така се чувствуваат губење на апетитот, раздразливост и исцрпеност. Кај грипот потребно е одморање, лежење во кревет, минимален контакт со околината и особено зајакнување на имунитетот. Сигурно се прашувата колку долго трае настинката, а колку грипот? Максимумот кај настинката е обично два до три дена по појавата на симптомите, а најлошото поминува по една недела. Настинката би требало целосно да се повлече по три, максимум четири недели. Грипот го исцрпува телото па болките може да се задржат многу подолго бидејќи додатно го ослабува организмот и може да предизвика посилни болки во делот на стомакот, цревата, зглобовите и мускулите. И кај настинката и кај грипот се јавува кашлање, но тоа може да биде симптом и на други болести. Многумина не мислат дека е потребно веднаш да се обратат на лекар и често ја игнорираат кашлицата, но треба да се открие за какви проблеми всушност се работи.

Кај обична **настинка** или **грип** кашлањето трае 1 до 2 недели. Класичната, продуктивна и влажна кашлица проследена со течење од носот, воспаление на грлото, главоболка, кивање и температура, најчесто е последица на настинка или грип.

Кај **бронхитисот** кашлањето трае неколку недели. Кратката кашлица која тешко се смирува е еден од знаците на бронхитис. Започнува благо, па често немате чувство дека е во прашање потешка болест како што е оваа, туку сметате дека се работи за обична настинка. Сепак, по некое време се развива во тешка и болна кашлица со искашлување на слуз во различни бои од светлокафена до жолта. Во овој случај задолжително посетете го вашиот лекар за да воспостави дали се работи за бронхит предизвикан од бактериска инфекција бидејќи во тој случај ќе треба да се лекувате со антибиотици.

Кај **воспаление на белите дробови** кашлицата трае околу месец дена. Кога белите дробови се инфицираат поради вирус или бактерија, се јавува силна кашлица специфична поради тоа што е проследена со отежнато дишење и краток здив. Ако со тоа искашлувате и безбоен слуз, се чувствувате многу уморно и имате мала температура, голема е веројатноста дека сте добиле воспаление на белите дробови.

Кај **астмата** се запушуваат дишните патишта, па личноста тешко дише, чувствува стегање во градите и има сува кашлица. Белите дробови имаат подобар протек на воздухпреку денот и попладне, така што ваквото кашлање се јавува наутро, навечер или преку ноќ.

Хронично кашлање се јавува и заради **гастроезофагален рефлукс**. Киселините кои од нашиот желудник одат во хранопроводот може да предизвикаат сува кашлица. Тоа често се случува по обемен оброк или пак кога ќе прилегнете бидејќи тогаш киселините слободно патуваат. Хронично кашлање се јавува и заради **болест на тироидната жлезда**. Постојано кашлате суво, а не знаете од каде потекнува, затоа што ги направивте сите стандардни прегледи? Проверете ја состојбата на вашата тироидна жлезда бидејќи кашлицата е една од најчестите симптоми на проблеми поврзани со оваа жлезда, особено ако имате чувство на стегање или гушење.

Б. Арсов

# Храната - регулатор на здравјето

„Твојата храна нека биде твој лек и твојот лек нека биде твоја храна". Речиси да нема книга од областа на нутриционизмот која не започнува со оваа древна Хипократова изјава. Таа се смета за класична и вистинита... Рушењето на Хипократовото размислување го потпомогна технолошкиот развој на биохемијата и фармацевтството и модерната медицина. Намерата на научниците не беше деструктивна, но резултатите сепак се гледаат. Денес храната повеќе не се смета за лек, а понекаде дури и законски се регулира како храната не може да биде лек. За лек се сметаат супстанци кои доведуваат во состојба на здравје. Дефиниции за лековите има безброј. Некои храната не ја ни спомнуваат, но тоа не им пречело на законодавците со регулативи да го забранат поврзувањето на храната со лекот. Храната стана само градиво и енергија за телото.

Дали е навистина така? Зар храната не влијае врз вашето здравје и на развојот на болестите? Секако дека влијае. Храната е еден од битните фактори за здравјето на човекот, а неправилната исхрана доведе до развој на низа нови болести кои порано не постоеле или биле исклучително ретки.

Некои од тие болести се дијабетесот тип 2, метаболичкиот синдром, дислипидемијата, улцерозниот колитис, Хроновата болест и низа разни нарушувања кои порано не биле чести. Секако, дека не можеме да ја обвиниме само храната како причина за болеста. Таа е една од битните фактори а во комбинација со други ризични фактори може да доведе до болест.

Исто така, храната може да помогне болеста да исчезне или да се ублажи. Да се потсетиме на древните билни аптеки под надзор на свештениците кои биле единствени чувари на тајните на лековитите билки и лекувањето – а од тоа израснала модерната фармација и медицина. Но, установите сепак се обиделе да го доведат во прашање дејствувањето на природните супстанци, не во реалното дејствување (кое е неспорно), туку во формалниот дел под образложение „дека нема доволно научни докази...".

Тоа е лицемерен обид за деградација на природата, бидејќи научните истражувања и студии коштаат, а фитотерапевтите и традиционалните тревари зад себе немаат мултинационални компании со милијарда долари.

Дали е храната навистина апсолутен лек? Не! Но луѓето се склони кон генерализирање и би можеле да разберат дека храната е единствен лек кој им е потребен. Меѓутоа храната е дел од мозаикот во сликата на здравјето, а тоа значи дека тука постојат уште некои составни делови како на пример физичка активност, релаксирање ментално и емоционално задоволство, место во општеството, природни лекови и друго. Овде спаѓа и фитотерапијата, значи употреба на лековитите билки и нивните екстракти. Но и со користењето чаеви од билките треба да се внимава. Добар пример е кантарионот кој има многу интеракции со статините (лекови за намалување на маснотиите во крвта) и антидепресивите. Ова им било познато на лекарите во древните времиња. Тие никогаш не ја одвојувале исхраната и употребата на лековитите супстанци, туку се труделе тоа да го надополнат во полза на пациентот.

Како и да е, факт е дека за здравје е неопходна правилна исхрана бидејќи храната е всушност некој вид виспински лек, а тврдењето кое древниот Хипократ го изрекол е точна. Телото треба да се негува за да биде здраво и да дава максимална ефективност. Тоа се постигнува со правилна исхрана која е адаптирана на возраста и физичките активности и предиспозиции. Ако имате некое здравствено нарушување или едноставно сакате да живеете поквалитетно, внимавајте на исхраната. Бидете физички активни, избегнувајте стресови, релаксирајте се, бидете позитивни. И запомнете: правилната исхрана е темел за долг, среќен и здрав живот!

Т.Г.

# Како да се победи ревматизмот

Реума или ревматизам е термин кој се однесува на голем број мускулно–скелетни болести познати како ревматски заболувања. Се вбројува во најчестите хронични заболувања, а според статистичките податоци една третина од светската популација страда од некој вид од ова заболување. Поголем дел од ревматските заболувања обично влијаат на коските, зглобовите, 'рскавицата, тетивите, мускулите и лигаментите. Во некои ретки форми, зафатени се и други делови од телото, како што се кожата и некои внатрешни органи. Реумата се јавува кај сите старосни групи, иако зачестеноста е поголема помеѓу триесеттите и педесеттите години од животот и кај постарите. Ги зафаќа двата пола, иако жените во помал процент предничат пред мажите. Симптомите на реумата се разликуваат според видот на заболувањето. Се јавуваат постепено, а со развојот на болеста може да дојде до нивно повремено отсуство, но и до ненадејно и неочекувано зголемено манифестирање. Најчестите знаци на ревматските заболувања се: вкочанетост и здрвување на мускулите и зглобовите, црвенило и отекување на зглобовите и појава на деформитети, осетливост, болка и топлина во зафатените области, слабост во мускулите, замор и исцрпеност и друго. Покрај тоа што предизвикуваат болка и оток, ревматските заболувања како последици може да доведат до оштетување на зглобовите, намалена подвижност, делумна или целосна физичка неспособност и на крајот инвалидитет.

<u>Најчестите форми на ревматизам</u>

Познати се околу 250 видови на ревматски заболувања – од остеопороза, преку различни видови на артритис, па се до системски болести на сврзното ткиво. Ќе споменеме неколку од најчестите.

**Остеоартритис** е најчестиот вид на артритис. Оваа ревматска болест ја уништува зглобната 'рскавица и коските, што резултира со болка, воспаление и оштетување на зглобовите. Подеднакво заболуваат и мажите и жените, а најзастапена е кај постарата популација. Остеоартритисот главно го зафаќа вратот, долниот дел на грбот, прстите, колковите и колената. **Симптоми** на остеоартритисот се: мускулна слабост, болки (особено во грбот), отекување, зголемена осетливост на зглобовите, вкочанетост на зглобовите (што се смирува со размрдување).

**Ревматоиден артритис** е воспалително системско заболување при кое имунолошкиот систем ги напаѓа сопствените ткива кои ги опкружуваат зглобовите. Кај овој вид ревматизам најчесто се зафатени зглобовите на рацете и нозете, но не ретко и други делови на телото. Ревматоидниот артритис е препознатлив по симетричното воспаление, што значи дека болката и отокот се јавуваат истовремено на двата екстремитета. **Симптоми** на ревматоидниот артритис се: болки, отекување, вкочанетост на зглобовите, замор, треска и мали израстоци околу зглобовите (познати како ревматоидни јазли).

**Системски лупус еритематозус** како и ревматоидниот артритис се вбројува меѓу автоимуни ревматски заболувања. Во овој случај борбата на имунолошкиот систем е насочена против зглобовите, тетивите и другите сврзни ткива, но и кон многу органи, како што е кожата, бубрезите, белите дробови, срцето, крвните садови, мозокот. Оваа болест во најголем процент се јавува во триесеттите години од животот, иако од неа може да заболат и деца, како и постарата популација. **Симптомите** на системскиот лупус еритематозус се: вкочанетост на зглобовите, замор, црвенило на образите, кој облик личи на пеперутка, малку покачена температура, гадење, слабост, болки во градите, аритмија, губење на косата, анемија.

**Гихт** се јавува како последица од таложење на кристали на уринарната киселина во зглобовите, кои кај здравите луѓе природно се елиминира од организмот со урината. Оваа болест е почеста кај машката популација, а кај жените се јавува во нешто помал процент, и тоа најчесто кај постарите лица. **Симптомите** на гихт се: ненадејна појава на силна болка, црвенило, осетливост, топлина во зглобовите, отекување на зглобовите. Најчесто се погодени зглобовите на колената, нозете, рацете и лактите. Ако горенаведените проблеми се јават на зглобот од ножниот палец, тогаш со апсолутна сигурност може да се потврди дека се работи за гихт.

<u>Причини и превенција од ревматски заболувања</u>

Покрај генетската предиспозиција, истражувањата потврдиле и голем број на надворешни фактори кој се одговорни за појава на ревматските заболувања.

Во нив се вбројуваат и физичката неактивност, несоодветната исхрана, прекумерна телесна тежина, пушење, конзумирање алкохол, смрзнатини, чести и долги престои во влажни или климатизирани простории. Докажано е дека со нормалниот начин на живот и отфрлање на овие штетни животни навики во голема мера може да се спречи појавата и забрзаниот развој на повеќето ревматски заболувања. Исто така соодветната и правилната едукација за симптомите на ревматските заболувања е од голема важност за секој заболен. Иако симптомите се разликуваат од болест до болест, поставување навремена и правилна стручна дијагноза, значително ќе придонесе за ублажување на симптомите и забавување на прогресијата на болеста.

<u>Лекување на реумата</u>

Секое од ревматските заболувања има различни причини за кои се бара и различно лекување.

Реумата може да се лечи и да ја држиме под контрола со: воведување здрава и соодветна исхрана богата со свежо овошје и зеленчук, да се применува соодветна физичка активност, користење на различни методи на релаксација, отфрлање на штетни навики, како што се пушењето и конзумирање алкохолни пијалаци, употреба на ефективни природни лекови и друго. Посебен акцент се става на сузбивање на воспалителните промени кои доколку не се лекуваат соодветно може да резултира со сериозен тежок инвалидитет. Природни методи на лечење, како акупунктура, киропрактика, арома терапијата може да биде од голема помош за да го забават развојот на болеста и да се ублажат нејзините потешкотии.

Б. Ангеловска

# Непотребни третмани

Норвешките научници тврдат дека кај еден од четири случаи на рак на дојка нема потреба да се прават третмани и испитувања бидејќи тој на болните не им предизвикува никакви проблеми.

За лаици, но за жал и за многу лекари, можеби ова звучи вчудовидувачки бидејќи се индоктринирани со идејата дека ракот на дојката, но и на некои други органи е медицински итна состојба која треба да биде дијагностицирана и третирана што е можно поскоро.

Студијата објавена во списанието „Анали" на Интерна медицина не е прва која укажува на зачестените непотребни дијагнози низ мамографските уреди за скрининг. Тоа значи дека е пронајден тумор кој можеби никогаш не би предизвикал никакви симптоми ниту би бил причина за смрт.

Со анализа на седум слични студии објавени минатата година, научниците заклучиле дека 30% од жените кои добиле дијагноза дека имаат рак на дојката, преку мамографски уред или со палпација, претставуваат случаи на предијагностицирани и непотребни третирања.

Норвешката студија не спомнува дали ова се однесува на сите видови рак на дојка, бидејќи разните видови рак на дојка бараат и различни испитувања, анализи и третмани.

Со споредување на собраните податоци Норвежаните утврдиле дека инциденцијата на ракот на дојката се менува со текот на времето. Така, кога интензивно била распространета хормонската терапија во менопаузата, бројот на дијагностицираните случаи пораснал, а нагло опаднал кога лекарите препорачале да се престане земањето хормони.

Истражувачите заклучиле дека 15–25% од случаите на ракот на дојката честопати непотребно се дијагностицирани и третирани, што значи дека на секои 2500 мамографски снимања 6–10 биле непотребни. Според постојната практика, кај тие жени, направена е биопсија и третман (хемотерапија и зрачење), а ракот никогаш не би бил откриен ниту би бил причина за какви било здравствени проблеми, ако не отишле на рутинска мамографија.

Авторите на норвешката студија ја анализирале и оправданоста на тврдењето дека со помош на мамографско снимање во повеќе случаи се пронаѓа ракот во ран стадиум, што е можност тој полесно да се излекува. Вистина е дека со воведување на мамографијата во Норвешка дошло до редуцирање на бројот на откриените случаи на ракот на дојката во поодмината фаза, но така било и кај жени кои биле и оние кои не биле подложени на мамографија. Според нив, ова не е последица на рутинско превентивното снимање на мамографскиот уред, туку е последица на фактот дека со време се подигнала свеста кај жените за нивното здравје благодарение на телевизијата, Интернетот и другo, а не на превентивната мамографија.

Проблемот со ракот на дојката сличен е со дилемата со која се сретнуваат луѓето на кои со помош на ПСА-тестот им е дијагностициран рак на простатата. Меѓу нив голем е бројот на оние кај кои ракот толку бавно расте што никогаш не би бил пронајден без овој тест, затоа американскиот Уред за превенција предложил да се укине рутинската проверка на ПСА.

Норвешката студија го остава отворено прашањето што треба да се направи со случаите кои имаат статус на предијагностицирање.

Во секој случај ово е предупредување дека треба да се заземе заеднички став за сериозноста на непотребните прерани и пребрзани дијагнози, бидејќи непотребно преземесте третмани можат да остават сериозни здравствени последици кај одреден број пациенти.

– Тие кои ги толкуваат наодите од мамографијата или од ПСА би требало да бидат многу внимателни во прегледувањето дали нештата се нормални или не, – велат докторите Џоан Елмор од Универзитетот Вашингтон и Сузан Флечер од Харвард, во нивниот коментар за оваа студија.

Затоа, водете сметка за своето здравје, но не претерувајте со непотребни прегледи и тестирања. Живејте здраво и понекогаш оставете му на организмот сам да се избори со натрапникот, бидејќи со разни и непотребни прегледи можеме да ја уништиме одбранбената бариера која тој ја создал и да им отвориме врата на малигните клетки да се раздвижат низ организмот носени од крвта, тврдат некои искусни конзервативни лекари!

М. Дамјаноска






## Сава осигурување со уште една новина во услугите и поволностите за своите клиенти!

На 10 март 2016 година е склучен договор помеѓу Фондот на пензиското и инвалидско осигурување на Македонија, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и Сава осигурување за соработка во поглед на издавање полиси за осигурување.Ова партнерство носи одлично решение со кое на пензионерите и членовите на нивните семејства им се олеснува набавката и плаќањето на сите осигурителни продукти.

* Полисите за осигурување ќе се издаваат во подружниците на Сава осигурување и експозитурите на НЛБ Тутунска банка низ Република Македонија;

* Пензионерот треба со себе да ги носи следните документи:
  - Чек или извод од пензијата и
  - Лична карта;

* Пензионерот ги дава останатите неопходни податоци за изработка на полисата/полисите за осигурување на вработениот кој ќе ја изработува;

* Вработениот во Сава осигурување ќе ги пополнува сите обрасци со податоци за пензионерот во улога на Договорувач на осигурување; Со тоа процесот на издавање на полиси за осигурување е завршен.

* Припремањето на податоците, неопходните документи како и списоците за задршки е обврска на Сава осигурување;

* Сава осигурување понатаму ќе ги достави сите потребни документи до Фондот на ПИОМ.

* Фондот се грижи за задршките и редовната исплата на осигурителната премија.

Во понудата се вклучени следните осигурителни продукти: осигурување од автомобилска одговорност, зелен картон, каско осигурување на моторни возила, домаќинско осигурување, како и останати имотни осигурувања според потребите на пензионерите.

**Полисите може да се плаќаат на 10 рати!**




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Мисли од Умберто Еко

● На 84 годишна возраст почина Умберто Еко. Иако неговите дела се повеќе филозофски, отколку писателски, смртта одекна со наслови дека починал еден од најголемите писатели на денешницата. Во негова чест потсетуваме на неколку цитати што ги одбележаа семиотичките гледишта на Еко – еден од претставниците на овој филозофски правец.

● Целата светска култура сака едно – да ја направи бесконечноста реална.

● Светот е монотон, историјата не ги учи луѓето на ништо и во секое поколение живеат истите стравови, истите страсти... Настаните не се повторуваат, но еден настан потсетува на друг...

● Понекогаш е доволно да произнесеш неколку бесмислени зборови, за да влезеш во историјата.

● Науката се уште многу малку е информирана за процесот на стареење, па јас не ја исклучувам можноста, смртта да е само последица на неправилно воспитување.

● Книгите се пишуваат не за да веруваш во нив, туку да размислиш за нив.

● Луѓето цела недела чекаат да дојде петок, цела година – да дојде лето и цел живот – да бидат среќни.

● Колку мирен би бил животот без љубов! Колку безбеден, безбурен... и колку досаден!

● Ништо во светот не го ограбува и не го оковува срцето како што тоа го прави љубовта. И затоа, ако немаш во душата оружје што ќе ја скроти љубовта – таа душа е беспомошна и за неа нема никакво спасение.

● Културата, не војната, го цементира европскиот идентитет.

● Ако немам што да кажам, не пишувам.

● Туѓата глупост никогаш не ја намалува твојата сопствена.

● Вештината да лажеме, е едно од ретките нешта кои го разликуваат човекот од животните.

● Бев верник до 26–годишна возраст, но одбивам да зборувам за Бог пред медиумите.

● Новите технологии го убиваат размислувањето.

● Постојано повторувам дека еден човек кој живеел без да прочита дури една книга, ќе умре, сеќавајќи се сосема малку на вистински важните работи, ќе се сеќава дека живеел ѓаволски краток живот во мрак и тага. Кога животот ќе ме напушти, јас ќе го искусам истовремено и убиството на Јулиј Цезар, битката кај Ватерло, посетата во пеколот на Данте, Триесетгодишната војна, но исто така и авантурите... Јас сум живеел еден многу долг и богат живот, затоа што сум читал.

● Мислам дека најразумно е да се држиме до зборовите на Грамши, кој вели да бидеме песимисти поради разумот и оптимисти поради волјата.

● Книгата е кревко суштество кое страда од уништувањето на времето, се плаши од глодари и тешки раце.

● Храброста е она што те претвора од набљудувач во учесник.

## КРСТОЗБОР

| "ПЕНЗИОНЕР ПЛУС" | АНГЛИСКИ ФУДБАЛСКИ ТРЕНЕР, КЕВИН | ПРИБОР ЗА РАБОТА | ЕКС СРПСКИ ФУДБАЛ. ТРЕНЕР. БОРА | ЕРИКА ЈОНГ | РАП МУЗИЧАРИ | ВИД ЗИМЗЕЛЕНО ДРВО | ЕКС ИТАЛИЈАНСКА ПЕЈАЧКА | ВИД ДРВОДЕЛСКА АЛАТКА | НИШТО | КИНЕСКА МЕРКА ЗА ДОЛЖИНА | ТРИСЛОЖНА ПОЕТСКА СТАПКА | З | "ПЕНЗИОНЕР ПЛУС" | НАЈВИСОК ОФИЦЕРСКИ ЧИН ВО МОРНАРИЦА (МН.) | ГРЧКА БУКВА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АМЕРИКАНСКА АКТЕРКА (ФОТОС) | | | | | | | | | | | | | КОЊ / АМЕРИК. АВИОКОМПАНИЈА | | |
| НАШ ПОРАНЕШЕН АКТЕР | | | | | | | | | | | | РЕЧЕН ОСТРОВ / ЦРТИЧКА | | | |
| ХРВАТСКИ ФУДБАЛЕР, ИГОР | | | | ШИРОКА РАМНИНА | | | | | НАТАКА / ГОВОРНИЦИ | | | | | | |
| "ЕВРОПСКА ТАЕКВОНДО УНИЈА" | | | | МУЗА НА ПОЕЗИЈАТА / РЕВОЛУЦ. ЗАПАТА | | | | | | БИЧКИИ / ЛЕНТА | | | | | ПРАЖИТЕЛ НА БАЛКАНОТ |
| НОРВЕШКА | | ЕКС АМ. КОШАРКАР / ПРИСТАП, НАЧИН (МН.) | | | | | | | | | | | РЕНЕ ИГИТА / ОРГАН ЗА МИРИС | | |
| ИЗРАЗУВАЊЕ МИСЛИ И ЧУВСТВА СО ДВИЖЕЊЕ НА МУСКУЛИТЕ И ОЧИТЕ (МН.) / ГРАД ВО СРБИЈА | | | | | | | | АНГЛИС. ФУДБАЛ. КЛУБ / ОДБРАНО ДРУШТВО | | | | | | | |
| ЕКС КОШАРКАРОТ ХАРДАВЕЈ | | | | | СОЛ НА ОЦЕТНА КИСЕЛ. / ЕЗЕРО ВО ФИНСКА | | | | | | | М.ИМЕ, ОЛИВЕР / АМПЕР | | | |
| КОРАЛНИ ОСТРОВИ | | | | | | ГРАД ВО ХРВАТСКА / АМПЕР | | | | | РЕКА ВО СИБИР | | | | |
| РОВ НАПРАВЕН ОД ПОРОЈНИЦИ | | | | | | | ШТАВЕНА ОВЧА КОЖА / СОЈУЗНА ДРЖАВА ВО САД | | | | | | | | |
| ФУДБАЛЕР ОД ГАНА, ДОМИНИК | | | | | | КОМПОЗИТОР. СОС / КИЛИМ (АРХ.) | | | | ВИД ОКЛОПНО БОРБЕНО ВОЗИЛО | | | | | |
| ПЛАНИНА ВО ИСТРА | | | | | | | | | ТОН / "ЗООЛОШКА ГРАДИНА" | | | | | | |
| ИМАГИНАРНА ЕДИНИЦА | | ИВАН ЛЕНДЛ | "НОВИН. ИЗДАВАЧ. РАБОТ. ОРГАН." / В.А. | | | | | З.Е. / ИТРИУМ | | | | | | | |
| СТЕПЕН НА РАЗВОЈ НА НЕШТО | | | | | АЕРОПЛАН / ШВЕДСКА | | | | | | | | | | |
| "ПЕНЗИОНЕР ПЛУС" | ЛАНТАН | | | РАСИПАНО ЈАЈЦЕ | | | | | | | | | | | |



## Хумор

Одат двајца пијани по пруга.
– Многу скали бре Перо.
– Не се секирај, еве го иде лифтот.

*****

Се качил пензионер во такси и го прашал таксистот колку ќе го чини да го однесе до дома.
– Сто денари – одговорил таксистот.
– А јас имам само триесет.
– Не може, ранам деца, морам да купам млеко, леб...
– Ако де, јас сум пензионер, имам време, ќе дојдам со тебе, не ми се брза, важно да ме однесеш дома!

*****

Му се фали Трпе на Перо:
– Утепав три женски муви и пет машки!
– Е како знаеше кои се машки, а кои се женски?
– Многу лесно: Трите беа на огледалото, а петте на пивското шише!

*****

Разговараат двајца:
– Што би избрал млада жена за една недела или стара и убава за повеќе години?
– Првата! Колку да е убава манџата не ја сакам од завчера!

*****

Разговараат две комшивки:
– Како го спречи мажот ти да не брка други жени?
– Му ја скршив ногата и си седи дома!

*****

Постар човек кој одседнал во хотел се спрема да си легне. Во собата му упаѓа млада жена во прозирна ноќница.
– Простете сум ја згрешила собата – му вели таа збунето.
– И не само што сте ја згрешиле собата, туку сте задоцниле дваесетина години

*****

Замисли дадов оглас во весник дека барам жена.
Ми се јавија 275 души со иста понуда:
– Земи ја мојава!

*****

На погреб еден маж плаче и се удира во главата.
Го прашуваат:
– Што ти беше покојникот што толку го жалиш?
– Најголем должник, ми должеше многу пари!

*****

Трпе застанал на вагата да види колку тежи и почнал со рацете да си го притиска стомакот навнатре, кој му бил доста голем. Трпана го гледа, му се смее и му вели:
– Тоа нема да ти помогне да станеш полесен.
– Да, но ќе ми помогне да ги видам бројките на вагата.

## Лавот и зајакот




Забележал лавот еден зајак кај што спие и се подготвувал да го изеде, но во истиот миг видел и еден елен каде поминува. Го оставил зајакот и почнал да го гони еленот. Зајакот од вревата се разбудил и избегал. Откако лавот не успеал да го фати еленот, се вратил кај зајакот. Кога видел дека и овој избегал, си рекол:
– Така и ми требаше, јас очекувајќи нешто поголемо го испуштив она што ми беше во рака.

Бесплатен железнички превоз за пензионерите

# Незаборавно патување со новиот воз

Проектот на Владата на РМ за бесплатен превоз на пензионерите секој втор викенд во месецот со новите возови на Македонија, стана реалност и повеќе од 40.000 припадници на третото животно доба досега ги користеле овие услуги. Благодарение на соработката и барањата на СЗПМ до надлежните институции на државата за поддршка и помош во спроведувањето на мерките за подобрување на квалитетот на животот на најстарата и најбројната популација граѓани, пензионерите со задоволство го користат и овој бенефит.



При промотивното возење со новиот воз на релација Скопје – Велес и обратно, на 12–ти март 2016 година, голем број пензионери од Скопје имаа чест да патуваат во придружба на заменик министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, претседателот на СЗПМ Драги Аргировски и генералниот директор на Македонски железници, Никола Костов.

– Владата на Република Македонија, чекор по чекор го подобрува стандардот на пензионерите со голем број мерки како што се: навремената исплата на пензиите и континуираното зголемување на истите, воведувањето центри за дневен престој на стари лица, реализација на проектот за бесплатна бањска рекреација, отворање приватни старски домови и изградба на нови и санирање на постојните државни домови, како и овој проект за бесплатен превоз на пензионерите во железничкиот сообраќај еден викенд во месецот. Ми претставува големо задоволство што сум сега со пензионерите кои непосредно ја користат оваа бенефиција, што им овозможува удобно возење во новиот воз и заштеда на средствата наменети за превоз, – рече заменик министерот **Диме Спасов** пред тргнувањето на возот.

И претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** во изјавата за медиумите изрази задоволство од исполнувањето на ветувањата и спроведувањето на мерките за подобар живот на пензионерите и упати благодарност до заменик министерот Спасов и директорот на МЖ Костов за помошта и заживувањето на беспланиот превоз во железничкиот сообраќај.

– Посебно ми е драго што пензионерите можат да го користат овој превоз и да уживаат во комфорот што го нудат новите возови на МЖ, – рече генералниот директор **Никола Костов**.

Во недостаток на некогашното штракање на локомотивата, се уште ненавикнати на комфорот и „тач“ услугите, групата добронамерници – пензионери, во меѓусебен разговор низ тивкото шумолење на машината, среќни стигнаа до најавената дестинација. На излегување од возот, повторно беа на нишан на медумите за да ги искажат импресиите. **М. Димовски**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Отчетност и јавност во работењето

ЗП Солидарност – Ародром – Скопје на 15–ти март 2016 година ја одржа својата отчетна седница со која раководеше претседателот на Собранието Стамен Филипов, а присуствуваа претседателот на СЗПМ Драгослав Аргировски, наедно член на Собранието и гости од збратименото здружение Охрид и Дебрца.



На седницата се расправаше за Извештајот за работата на органите и телата за 2015 година, Предлог одлуката за утврдување на годишната пресметка на приходи и расходи за 2015 година и Извештајот на Надзорниот одбор. Воведно излагање по Извештајот за работата поднесе секретарот на здружението **Милорад Ристовски**, по кој се разви позитивна дискусија .

По предлогот за утврдување на Завршната сметка за 2015 година воведно излагање поднесе преседателот на ИО **Димитрија Богатиноски,** кој истакна дека поднесените материјали за расптава беа разгледани на одборите на ограноците, а на 23.02.2016 година, расправаше Извршниот одбор на здружението. Тој ги назначи приходите и распределбата на расходите по конта согласно Програмата и Финансискиот план за 2015 год.

Општа оценката е дека здружението квалитетно се финансирало со целосно придржување и исполнување на задачите од Програмата и Финансискиот план за 2015 година. Ваквиот заклучок го потврди и претседателот на НО **Зоран Тефчев** кој рече дека Здружението работело согласно законските прописи, домаќински и одговорно, што се види и од Завршната сметка за 2015 година.

Со посебно внимание беше ислушано обраќањето на **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ, кој позитивно ја оцени работата на Здружението во 2015 година, како и Извештајот и Завршната сметка, со општа оценка дека се работело домаќински и одговорно.

Од името на гостите од ЗП Охрид и Дебрца присутните ги поздрави **Димитар Спасевски**, претседател на Собранието, кој мошне позитивно се искажа за изнесените материјали, за домаќинското работење и за постигнатите успеси.

По расправата сите документи беа усвоени.

**И.Г.**

# Излезе 50-тиот број на „Пензионерски видици“

Повозрасните луѓе тврдат дека добрата книга и весниците се читаат со задоволство, а чувството е многу поинакво кога тие се држат в раце. Можеби некои ќе речат дека тоа е навика. Како и да е, за нас популацијата од трето доба кога е во прашање читањето, отпечатениот збор и пишаните медиуми сѐ уште го држат приматот. Читаат и дискутираат за политичките состојби кај нас и во светот, но политиката и неубавите вести не се присутни во нашиот најчитан весник „Пензионер плус“, прилогот „Пензионерски видици” во весникот „Нова Македонија“ и страната за пензионерите и старите лица во весникот на албански јазик „КОХА“. Вистина е дека на секој собир, состанок или седница на кои се зборува за информирањето постојано се присутни барањата за зголемување на тиражот, а излегувањето на истите со нетрпение се очекува. Зошто? Одговорот е дека во овие три информативни пензионерски гласила поместени се многу информации од пензионерскиот живот. Точно е дека информациите се главно афирмативни, позитивни и релаксирачки, но зарем не се премногу вести во сите медиуми за насилство врз старите луѓе, за болести и несреќи? Постарите ги сакаат и читаат овие гласила затоа што низ написите дознаваат што се случува во светот на постарите, во нивните и во другите здруженија, во Сојузот на здруженијата на пензионери, но читаат и за животот на пензионерите во опкружувањето. Дознаваат за измените во одредени закони поврзани со нив, за поволности кои им ги нуди општеството и друго. Дознаваат за пензионерските активности и резултати, но и се потсетуваат на изминатите времиња во кои тие благодарение на нивното искуство и мудрост ги бришат лошите случувања, а ги чуваат само убавите нешта.


ПЕНЗИОНЕРСКИ видици
СЗПМ
Одбележување на уште еден значаен јубилеј
Масовна пензионерска средба за празникот на лозарите

Читаат занимливости, совети за здравјето, за успесите на своите врсници, за активно стареење, а шегите измамуваат по некоја насмевка толку лековита и посакувана за сите генерации. Интересен е податокот што овие гласила ги читаат и другите генерации веројатно затоа што читајќи ги „Пензионер плус“, „Пензионерски видици“ и страната за пензионери во „КОХА“, доаѓаат до некои нови сознанија за минатото и сегашноста на своите родители, баби и дедовци. Дознаваат дека пензионерите од ден на ден стануваат се поприсутен фактор во општеството, заради фактот дека во нив се препознава акумулираниот потенцијал насобран низ годините и случувањата.

Впрочем да не е сето ова вистина немаше на 10–ти март 2016 година да излезе 50–тиот број на „Пензионерски видици“. Убаво, но уште поубаво би било кога примерот на весникот „Нова Македонија“ би го следеле и другите пишани медиуми, а и електронските.



Можеби весникот „Нова Македонија“ го издава „Пензионерски видици“ бидејќи генерациски тој е врсник со многумина од нас. Опстојува веќе 72 години, а со вакво опстојување неможе да се пофали ниту еден друг весник во земјата. Рака на срце „Нова Македонија“ се купува и чита и кога во неа не е поместен прилогот „Пензионерски видици” и заради другите содржини.

По повод 50–тиот број на „Пензионерски видици“, директорот на весникот „Нова Македонија“ Ратко С. Лазаревски и главниот и одговорен уредник Александар Димковски го посетија СЗПМ и на претседателот Драги Аргировски како проект–иницијатор на изданието му се заблагодарија, подарувајќи му комплет од сите броеви на прилогот.

„Пензионерски видици“ е резултат на одличната соработка меѓу раководствата на весникот „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Овој прилог овозможува случувањата во здруженијата и Сојузот да се дознаат и прочитаат во земјата и многу пошироко. Да се надеваме дека во иднина прилогот ќе биде уште побогат, а соработката уште подобра. **Калина С. Андонова**

# Во Фондот на ПИОМ потпишан договор за полиси за осигурување на пензионери

На 10.03.2016 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се потпиша Договор за нудење на полиси за осигурување и плаќање на рати со административна забрана за корисниците на пензии и нивните потесни семејства. Договорот го потпишаа в.д. директорот на Фондот на ПИОМ, Шаип Зенељи, претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Драги Аргировски и како давател на услугата, извршниот директор на Сава осигурување А. Д. Скопје, Петер Скварча.



Оваа услуга се однесува за пензионерите и нивните потесни семејства, при што, како корисник на оваа услуга секогаш ќе се јавува пензионерот, без разлика дали ја користи услугата во свое лично име или ја купува за член од семејството. Полисите ќе се издаваат на одложено плаќање, односно на 10 рати без камата, а ќе се нудат следните осигурителни продукти: осигурување од автомобилска одговорност, зелен картон, каско–осигурување на моторни возила, домаќинско осигурување, како и останати имотни осигурувања според потребите на пензионерите.

Фондот на ПИОМ како исплатувач на пензија е должен врз основа на административна забрана, како и налози за извршување и доставени списоци, да го намирува долгот по основ на премија за секој пензионер поединечно.

Овој договор се склучува на неопределено време и стапува во сила со денот на неговото потпишување од трите договорени страни и е убава поддршка и можност за пензионерите.

Улогата на претседателите на здруженијата членови на Сојузот на пензионери на Македонија е да им ги објаснат овие поволности на своите членови. Осигурувањето ќе се врши во експозитурите на компанијата „Сава осигурување“, или тоа ќе го прават овластени луѓе од најблиската експозитура.

На проширената седница на Собранието на СЗПМ на 18 март за оваа значајна новина во корист на пензионерите говореше Ило Ристовски, главен оперативен директор на „Сава осигурување“ за Македонија.

**К. С. Андонова**

# На повидок убава соработка

Во весникот „Македонија“ од Торонто, Канада, во мартовскиот број на ова гласило на Македонците од Северна Америка беше објавен напис за одбележувањето на 70–годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија и активностите по тој повод, од претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Овој интересен и нашиот весник „Пензионер плус“ на теми кои ќе бидат од заеднички интерес.

Инаку, весникот „Македонија“ е многу интересен, и по содржина и по дизајн. Техничкото уредување и дизајнот му се доверени на Оливер Поповски. Во всникот има написи за случувањата поврзани со нашите сонародници, Македонци. Голем






Macedonia Македонија Newspaper
Палашевски новоназначен Генерален Конзул на Република Македонија во Торонто


70-годишниот јубилеј на пензион
Македонија ќе биде достои

весник излегува редовно од 1984 година еднаш месечно во првата недела во месецот. До ноември месец весникот го уредувал Танас Јовановски, а од октомври истата година успешно продолжува да го уредува Соња Лозановска. Со госпоѓата Лозановска која е главен и одговорен уредник, договорена е соработка меѓу весникот „Македонија“ број написи има и за Република Македонија. Во весникот на 48 страници се поместени и написи за прослави, собири, совети за здравје, занимливости, крстозбор и шеги. Весникот можете да го прочитате на www.macedonianewspaper.com или на facebook Macedonia Newspaper.

Значи, со други зборови, на повидок е убава соработка. **К.С.А.**

Струмица

# Средба за „Тримери“

По повод празникот „Тримери“ и надалеку познатиот Струмички карневал, во организација на Здружението на пензионерите на Струмица на 11 март 2016 година се одржа традиционална средба на пензионерите од Прилеп, Гази Баба, Карпош од Скопје, Штип, Гевгелија и други. Средбата во ресторанот на здружението „Лира“ ја отвори **Данче Даскаловска**, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на Струмица при што говореше за значењето на Струмичкиот карневал и ја истакна успешната соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и локалната самоуправа.



Пригодно обраќање имаше и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** кој ја пофали активноста на струмичките пензионери и ги истакна главните насоки на одбележувањето на 70 годишнината на пензионерското организирање во Македонија, кое ќе се одвива во текот на 2016 година.

Потоа членовите на ансамблот на ЗП Струмица успешно го презентираа тримерскиот обред единствен од ваков вид во нашата земја. Другарувањето на пензионерите во пријатна атмосфера траеше неколку часови.



**М. Лазаревски**